# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на Деведесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 мај 2005 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 94-та седница на Собранието на Република Македонија .

Пратениците Љупчо Мешков, Г'зим Острени, Тасим Сулејмановски, Есад Рахиќ, Каролина Ристова, Ванчо Георгиев, Ана Андова, Иван Анастасовски, Орданчо Тасев, Љубчо Георгиевски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Али Ахмети и Абдуладии Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон за установите.

Застанавме до амандманот на член 93 ставови 2 и 3 и член 104 и на член 105 поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска, претресот е заклучен. Треба да се пристапи кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните).

Ги молам пратениците кои се во Клубот да влезат.

Во салата се присутни 61 пратеник, според тоа може амамднамот да го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 6 за амандманот, 4 воздржани, 42 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 99 став 3 поднесен од пратеникот Роза Топузова-Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер, повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Топузова, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Иако за овој закон велиме дека е реформски, но особено се водело сметка за социјалната компонента, меѓутоа со членот 99 како да не се обрнало доволно внимание.

Имено, во став 3 стои дека право да купуваат удели во установата што се приватизира имаат сите вработени во установата под еднакви услови. Мојот амандман е токму во оваа насока, за овој став и предлагам тоа “под еднакви услови” се замени со “соодветно на работниот стаж во установата”.

Имено, сметам дека оние кои работеле една година или две или три не вложиле подеднакво во установата како оние кои работеле 10, 15, 20 па и повеќе години. Токму поради тоа предлагам кога се откупуваат уделите, сепак да се води сметка за стажот што вработените го имаат поминато во установата.

Освен тоа, сметам дека вака дефинираниот став и ако се земе предвид и ставот 1 од истиот член, ќе овозможи да се прават злоупотреби при трансформацијата на јавната установа. Имено, некој кој работел само неколку месеци ќе може под поволни услови да ги купи уделите во установата, со што се ставаат во нерамноправна положба останатите вработени кои имаат подолг работен стаж.

Ви благодарам, се надевам дека пратениците ќе го поддржат ова.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 19 гласале за амандманот, 1 воздржан, 37 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 106 став 4, поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен амандманот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 6 гласале за, 1 воздржан, 52 против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 111 поднесен од пратеникот Фатмир Асани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 4 гласале за амандманот, 4 воздржани,48 против амандманот.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Засега има пријавено 8 пратеници по текстот на законот.

(Џагор во салата)

По текстот на законот.

Само, некој нека ме научи што значи тоа по текстот на законот.

Прва за збор се јави госпоѓа Наташа Биковска, а потоа нека се подготви пратеникот Агим Џелили.

**Наташа Биковска:** Почитуван претседателе, почитувана претставник на Владата, почитувани колеги пратеници,

Иако генерално многу се дискутираше за Законот за установите што денеска е на дневен ред, во текот на целата собраниска процедура истиот беше исцрпно разгледуван и коментиран. Сепак, сакам да дадам свое видување по Предлог-текстот на законот, свои забелешки и коментари.

Сега, ова е трето читање на Законот за установите и видно е дека во предложениот закон е вградена главната забелешка на сите собраниски комисии, а тоа е да бидат предвидени повеќе модели, во случајов 5 и друг начин да биде утврден со друг закон на приватизација, односно овозможена е блага субсидијарна примена на овој закон во однос на посебните, специфични закони за одредена дејност, односно област.

Покрај тоа, во овој дел убеден сум дека законот одговара на она што значи реалност во Република Македонија во врска со јавните установи и е максимално прилагоден на моменталните прилики и специфики во оваа област во нашата држава.

Колку и да сме реформски настроени, свесни сме, со оглед на сензибилноста на материјата што се уредува и нужноста да се води сметка за корисниците на услугите и носителите на дејноста дека мора да биде и во случајот е задоволена социјалната компонента. Тоа најмногу се отсликува во делот на законот што гарантира неотпуштање од работа на вработените во рок од 5 години.

Согласно член 1, установата е дефинирана како форма на организирање, заради вршење на јавна услуга. Законот ги определува установите како јавни, приватни или мешовити. За мене, воопшто не е спорно кој може да биде основач на установа, ниту заради кои дејности може да се основа установата. Меѓутоа, сметам дека, барем генерално, треба да бидат прецизирани дејностите, како што се, соодветно се цитирани: образование, наука, култура, здравство, па дури и без употреба на терминот “други дејности” што со закон се утврдени како јавна услуга.

За статусните белези на установите што се прецизирани во текстот на овој закон и за нивните други обележја нема да коментирам. Тие се општо прифатливи, како за установите, така и за трговските друштва, секој со своите специфики.

Во Глава ИИИ...

(Дофрлање од место со реакции)

**Љупчо Јордановски:** Извинете госпоѓо.

Ве молам, ако имате некои договори и разговори, господо пратеници, можете да излезете надвор и да се договарате.

И јас исто така реков ќе дозволам 5 минути општа расправа после тоа прекинувам ако не се работи по текстот.

Ние поминавме две фази, сме го исфалеле и сме го искритикувале законот. Сега усвоивме амандмани. Ако е нешто изменето што вам не ви се допаѓа, ве молам, тоа кажете го. Да немаше амандмани, ниту еден усвоен, воопшто би поминал на гласање, затоа што навистина направивме исцрпна анализа и во првата и во втората фаза.

Затоа, ќе воспоставам ред, правило, 5 минути општо да се каже, друго по текстот на законот.

Ве молам, повелете.

**Наташа Биковска:** Претседателе, сето тоа е во рад, јас многу добро го познавам Деловникот и затоа дискутирам по текстот, со можност Владата да интервенира во секој момент до донесувањето на законот.

Во Глава ИИИ Основање акти, статусни промени и престанок на установата, каде што се утврдени субјектите што можат да основаат јавна установа и самите услови за основање на истата, сметам дека одредбите од член 15 и 16 се спротивни една на друга, дека треба добро да се размисли дали нормативите и стандардите за основање на установа и вршење на дејност треба да бидат регулирани со законски или подзаконски акти. Зошто член 15 изрично определува дека, цитирам “установа за да се основа ако се исполнети условите за основање утврдени со овој или друг закон”. А член 16 став 2 вели дека “условите од став 1за основање установа и вршење на дејност поблиску се уредуваат во

нормативи и стандарди за основање на установа и вршење на дејност". Ова практично значи нивно уредување во ставот 3 од истиот член со подзаконски акт на надлежниот министер, а не со закон.

Понатаму, кодифицирањето на постапката за основање, актите и документите, податоците што се потребни за отпочнување на постапката, утврдени во член 18 до 27, сметам дека се соодветно регулирани и овде имам една забелешка што не директно поврзана со текстот на напред цитираното, но се надевам дека претседателот ќе ми ја дозволи оваа дигресија.

Имено, обврската за склучување на управен договор во кој поблиску се уредува начинот на вршење на дејноста од јавен интерес и меѓусебните права и обврски помеѓу основачот на установата и надлежното министерство е секако мошне важно за регулирање и во најситни делови на она што значи права и обврски на вршителите на дејност од јавен интерес во давањето односно во вршењето на јавна услуга. Меѓутоа, евентуалните спорови предизвикани од непочитување на овој договор ќе мора за жал да се решаваат по Закон за управни спорови стар 30 години, што сметам дека по итна постапка мора да биде променет, односно дека сите сме свесни за целосно заокружување на оваа област е неопходно донесување на овој закон како важна алка во целиот систем на судска заштита и начелото за кое што сите се залагаме двостепеност на постапките.

Што се однесува до проблематиката за евиденција на установите во соодветен регистар, сметам дека таа обврска треба да биде задолжителна и покрај фактот што установите се евидентираат односно запишуваат во судскиот регистар на подрачјето на судот каде што се основани.

Во Глава ИВ Органи на установата законот предвидува неколку алтернативи на управување и раководење со установите. Моето размислување оди во насока дека во член 43 би можело попрецизно да бидат регулирани сите функции, вклучувајќи ги и другите избрани и именувани функции од Владата на Република Македнија и Советот на општината како можни основачи, но најверојатно, сметам тоа се остава за посебните и специфични закони.

Во самиот став 2 од истиот член, навистина не ми е јасно зошто не е наведено дека за претседател и член на орган на управување, односно директор на јавна установа не може да биде именувано лице кое било носител на раководна функција во установа од јавен интерес што престанала со ликвидација. Ова произлегува од анализата на член 35 каде е регулирана основата за престанок на установите. Позитивен новитет се одредбите со кои што се дава можност за склучување на менаџерски договор со кој што се воведува еден нов тренд на управувањето и раководењето на установите врз принципите на стручност и компетентност. Органите за надзор, односно внатрешна контрола на работењето на установата определени во член 54 се важен столб во функционирањето на установите во согласност со позитивните законски прописи.

Во Главата ВИИ Вработени во установата, сметам дека е посветено премногу внимание на штрајкот во услови на постоење на посебен закон што ја регулира оваа област, но сепак од тоа може да има само позитивен ефект.

Кога го коментирам делот од текстот на Законот што се однесува на сопственичката трансформација Глава ИЏ мора да се потенцира дека тој дел беше главната причина поради која законот се разгледуваше во три фази. Значи, со сега предложениот текст во овој дел, Законот има очигледен реформски карактер, но со социјална компонента, а нуди можност да се определат и други решенија во соодветни сегменти со посебни закони.

Во оваа прилика сакам да нагласам дека особено сопственичката трансформација на јавните здравствени установи мора да се води сметка да се обезбеди континуитет на здравствената дејност. И, како што сите ќе се сложите, сепак е најбитно да се определи минимум на неопходно потребни установи од јавен интерес од сите сфери на општестеното живеење за да не се доведе во опасност опстојувњето на било која дејност од јавен интерес.

Ценам дека во нашата држава на приватизацијата на здравството се гледа како на еден позитивен пример и владеење. Владее мнението дека процесот на приватизација носи можност за поквалитетни услуги, а од друга страна и подобрување на материјалната состојба на здравствените работници.

Член 96 од Предлогот на законот сега веќе дозволува да ги оставиме, се разбира со специјален закон проектираниот модел, погоден модел на приватизација во здравството со кој практично се избегнуваат отпуштањата од работа.

Од друга страна пак ќе потенцирам дека испробаниот модел на јавно здравство како сервис на граѓаните со пониска економска моќ мора да биде загарантирано односно нема да биде реприватизирано. Значи, државата гарантира сигурност во оној дел односно здравствена безбедност на корисниците на услугите односно на граѓаните на Република Македонија.

Секоја област веројатно ќе носи посебни закони со свои специфики во зависност од самата дејнсот и начинот на моделот кој ќе биде избран за самата постапка за трансфорамција, но треба да бидеме свесни дека економските начела кои во една област се приоритетни, во други области ќе бидат поминорни.

Одредбите од овој Предлог на закон коис е однесуваат на закупот, член 107 до 112 сметам дека во иднина од нив ќе треба да претрпат некои измени, затоа што нелогично ми е закупецот кој ќе

закупи одредени простории, кои претходно самите вработени не сакале да ги закупат да мора да ги држи истите вработени за цело времетраење на закупот и не може да ги прогласи за технолошки вишок, затоа што и овде не се определени годините кои е обврзан да ги задржи и што ако на пример закупецот ги закупил просториите на 10 години.

Се разбира ова се прашања кои не ќе можеме да ги одговориме се додека не го видиме практичното функционирање на овој закон и донесување на законите што ќе произлезат од него.

Законот за установите како еден системски закон е главен инстумент и појдовна основа за сите процеси кои ќе следат во јавниот сектор за сите реформи кои не очекуваат.

Сите задачи кои произлегуваат од реформите бараат максимална соработка помеѓу сите инволвирани институции и синхронизирано влечење на потези во функција на остварување на барањата што ги поставуваат развиените европски системи во сите сфери од јавен интерес.

Со оглед на фактот дек анајголемо значење од овој толку комплексен и сложен закон се придава на процесите на приватизација дозволете ми да заклучам онака како што јас, така и мојата докторска фела го гледа излезот од овие тешки транзициони времиња, а тоа е Дандивиескиот принцип. На овој свет има доволно за сечија потреба, но не и за сечија алчност.

На крај мислам дека ќе бидеме доволно мудри и доволно силни да го завршиме сето она што се бара од нас, успешно да ги завршиме реформтие во сите дејнсоти од јавен интерес во интерес на граѓаните и за граѓаните на Република Македонија. Ви благодарам за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска имате реплика?

**Марија Којзеклиска:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Повелете три минути.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас сакам да ја корегирам колешката во она што го кажа пред да заврши дека овој закон е системски закон.

Согласно членот 1 став 2 овој закон ќе се применува или одредбите на овој закон, ќе го цитирам ставот 2 “ одредбите на овој закон имаат супстидиарна и се применуваат доколку со друг закон поинаку не е уредено”. Значи не може да стане збор за системски закон иако тоа е суштинско прашање.

Дали овој Предлог на закон за установите е лекгенералис или системски закон, или пак е закон со посебни закони во соодветните области ќе се уредува јавниот интерес. Значи, тоа е суштинското прашање и сметам дека не е вистинито како што го кажа колешката дека ова е системски закон. Не е, напротив ќе се применува доколку се уреди со друг закон, ако даде Господ да се донесат такви закони.

Во однос на делот за сопственичката трансформација, истовремено и на вас ќе ви одговорам на она што пред малку го кажавте, овој закон ние го гледавме во овој Парламент како Предлог на закон за установите и ова е предлог на закон за установите. Првата фаза, Предлогот за донесување на закон заврши, таа била доставена во претходниот мандат на овој Парламент. Ние како таков го немаме добиено согласно материјалите и токму сопственичката трансформација беше проблем. Една година од прва фаза до втора фаза го дадоа како што го предложи Владата, согласно моделот за трансформација, како и законот за здравствена заштита. Сега доаѓаме во овој Предлог на закон да имаме сосема различен концепт на сопственичката трансфорамција. Јас се прашувам дали ваквиот концепт на три различни варијанти е најсреќното решение. Мое лично мислење е дека не е.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Прво да ви одговорам на коментарот кон мене.

Ако сметате дека од вас почнува се и завршува со вас се тогаш сте во право.

Повелете госпоѓо Биковска имате една минута.

**Наташа Биковска:** Благодарам.

Законот ја дава општата рамка и е лекгенералис и предвидува блага супстдиарна примена.

Благодарам.

(Реплика на госпоѓа Којзеклиска од место, но не се слуша доволно).

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Агим, имате збор, а потоа е пратеникот Ѓорѓи Оровачанец.

**Агим Џелили:** Благодарам господине претседател.

Почитуван господиен претседател, почитувнаи пратеници денес пред нас се наоѓа Предлогот на законот за јавни установи.

Со овој закон треба да се регулираат некои норми и правни позиции на овие јавни институции посебно за прашањето на статусот, основањето на дејноста, организирањето, функционирањето, користењето на средствата за работа, како и обврските, прекинот на работа, трансфорамција што во посебност изразува еден општ интерес од јавен интерес.

Овој Предлог на закон има 10 поглавиа, а јас ќе направам еден осврт само во деветото поглавие каде се дадени нормите и условите според кои може да се нарпави приватизација на јавните установи.

Со овој Предлог на закон се предвидуваат 6 форми на приватизација според членот 96, а јас ќе споменам само некои заради илустрација.

Трансформацијата на јавните иснтитуции во приватни институции;

Трансфорамција во акционерски друштва;

Организирање на еден дел на јавните иснтитуции;

Продажба на еден дел, и

Инвентарот на една јавна установа, како и разни форми утврдени со закон.

Во однос на овој закон самата смисла и начинот на јавните институции најмалку за мене е широк и хетероген и во зависност на кои министерства припаѓаат така и минситерствата ќе треба да користат специфични модели за приватизации, кои ги споменав малку погоре.

Почитувани колеги,

Вие знаете дека во последно време здравството како дејност е на нишан на перманентни критикина релевантните меѓународни фактори за неостварувањето на реформите порано утврдени во оваа област и неслучајно сеуште функционираат организации на здружен труд на Стипе Шувар дека ние носиме закон за нивната приватизација.

Користењето на правото со приоритет од страна на работниците во врска со приватизацијата на јавните установи е заштита во членот 99. Исто така во членот 106 се дадени обврските на купувачот во однос на работниците каде не смее да им се прекине работењето во смисла на технолошки вишок повеќе во петте наредни години.

Исто така карактеристично е да се спомене и членот 110 каде купувачот не смее да ја менува дејноста. Јас ќе направам еден осврт за здравството како дејност, кое е една специфична дејност која не смее да загуби континуитет во смисла на квалитетот и ефикасноста. Затоа во вакви состојби е значајно да не губиме во време, ниту да носиме одлуки, туку веднаш само заради реформтие, таков е случајот со капитација каде работата на лекар е девалвирана. Извинете, ова не е реформа туку е професионална девалвација и затоа добро треба да размислиме за формата на функционирањето на Фондот за здравство, или во иднина на фондовите за здравство. За ова секако треба добро да размисли Министерството за здравство заедно со Владата.

Јас неслучано направив осврт на некои членови кои секако во иднина можат да имаат влијание во формата, начинот на приватизацијата на примарното здравство како и на неговото функционитање.

Врз основа на овој договор кој го нуди Фондот за здравство јас овде не сакам да критикувам, туку сакам да изразам некои дилеми кои претходно треба да се отстранат , така што овој процес на приватизација да има смисла и перспектива, како и реалност затоа што и понатаму ќе останеме на нишан на критиките за неостварувањето или неимплементацијата на реформтие во рамктие на здравството.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Повелете господине Оровчанец, а потоа нека се подготви пратеникот Цветанка Гашовска.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе,

Колеги пратеници мене ми е жал што Владата не стана да каже нешто во врска со овој закон пред општиот претрес и да разреши некои дилеми кои во почетните дискусии очигледно беа присутни. Таа дилема мора на некој начин Владата да ја разреши. Дали е ова закон за јавни установи, однсоно за установите, кој што е системски закон, или е сосема друг облик што колешката вели “ со блага субсидиарна функција”. Таа не може да биде блага, таа или е или не е едноставно. На тој начин можеме да разрешиме и многу дилеми.

Доколку ова не е системски закон тогаш е многу логично прашањето зошто воопшто дискутираме и го носиме овој закон, Ако со сите закони во разните дејности со кој вршиме здравствена заштита, култура, образование се носат закони кои што едноставно нема да кореспондираат со овој закон, овој закон не е ни потребен, барем според она што беше кажано и тврдено на Комисијата.

Така да дилемата останува и провејува цело време и мислам дека децидно од оваа говорница Владата треба ова прашање едноставно да го разреши и да каже што е што.

Доколку не е таков закон, системски тогаш не ја гледам ни причинта овде да дискутираме за овој закон.

Јас би сакал да се осврнам на потеклото на овој закон.

Овој закон е практично обид да направиме ...

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец, по текстот на закон. Имате 5 минути право и за тоа потекло да се осврнете...

**Ѓорѓи Оровчанец:** Имам право затоа што ...

**Љупчо Јордановски:** За тоа потоа, ве молам по текстот на законот.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Тогаш исклучете ме.

**Љупчо Јордановски:** Пет минути ви дозволувам, инаку ќе се случи тоа ако не идете по текстот на законот.

(Господинот Оровчанец продолжува да зборува, а и претседателот).

Ако не ви се допаѓа гласајте против.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе ќе ми дадете да дадам еден општ заклучок зошто доаѓа доовој закон и зошто ја промашуваме темата едноставно.

**Љупчо Јордановски:** Ние имаме претрес по текстот на Предлогот на законот.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Не е токму така, вие како што сакате да кажете.

Она што го тврдите господине претседателе, тоа е дека Предлогот за донесување на закон е донесен 2000 година и формирана е Комисија, тоа е истата Комисија каде што беше професор Давитковски, кој е и творецот на овој закон, кој што во меѓувреме е претрупан со многу промени. Меѓутоа, мора да кажам некои елементи.

Овој закон се носи 15 години, од осамостојувањето и го носиме како промашај.

Направивме една транзиција во сопственичката трансформација во стопанството, па ја промашивме. Чекавме 15 години да стигнеме до закон за установите за да го трансформираме овој сегмент на општеството и каде стигнавме. После 15 години повторно сме на почеток затоа што не знаеме каков закон имаме.

**Љупчо Јордановски:** Тое е се во ред. Кажете го членот каде што е промашен законот.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Промашено е се. Целиот закон е промашен. Затоа што целиот закон е промашен од еден основен факт, ова е антиреформски закон. Ова е шуплив и антиреформски закон со кој ние нема да направимен ишто од трансформацијата и унапредувањето на установите и дејностите кои што треба да бидат функција на овие установи.

Зошто го зборувам ова?

2002 година кога требаше да се донесе законот за промена на здравствена заштита и реформите, сега некој не брка да правиме реформи, 2002 година имавме готов текст, па господине претседателе ќе ве потсетам дека 2002 гоодина Синдикатот пред вашето Собрание "играше оро" против реформите, затоа штоне бил донесен закон за јавни установи. Па седеа тука, се бркавте луѓе, освен господинот Муратовски, од Борче Давитковски, потоа...

**Љупчо Јордановски:** Господине Оровчанец ако продолжите вака навистина ќе ви го земам зборот.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Па, не спомнувам имиња, презимиња спомнувам.

**Љупчо Јордановски:** Навистина ќе ве молам да зборувате по текстот на законот за да имаме некој ред.

(Реагирање на пратеникот Спиро Мавровски од место).

Затоа реков пет минути искажете се. Доволно е да се искажете за тие ваши ставови.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Па, вие и тие пет минути не ми ги давате, ме прекинувате.

**Љупчо Јордановски:** Еве, имате уште три минути, повелете.

законот.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Па, ќе се пазариме исто како за законот сега.

Значи, се прекинаа реформите, затоа што немало закон за јавни установи кој закон за јавни установи требало да го дефинира моделот на реформите.

Сега овде имаме закон за јавни установи кој вели дека реформите ќе бидат направени по субстидијарна функција односно дека законот за здравствена заштита ќе биде главниот, а овој не е битно не мора ништо да се поклопува. И така стигнавме до една ситуација сега да имаме еден закон, кој што закон е неверојатно суплит кој што е крајно неадекватен.

Да почнеме господине претседателе по вашите членови.

законот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, конечно.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Па, ви дадов гратис една минута.

По членовите во основнит еодредби предметот на уредување, член 1 сака да каже што се трансформира и како се трансформира, а со вториот став завршува дека одредбите на овој закон имаат супстидиарна примена и така се применуваат доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Во почетокот се вели дека со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на јавни услуги, јавни услуги од јавен интерес.

Во член 2 под број 6 веќе се нарушува она, што минатиот пат ме прекинавте, затоа што ја имавте истата логика како и јас за јавна установа односно дефинирањето на јавната установа, каде што се вели дека јавна установа е основана со средства на државна сопственост како државна, национална установа, или установа основана од општина или Градот Скопје со средства во сопственост на општината односно Градот како општинска јавна установа односно јавна установа на Град Скопје.

Јас сега јавно ве прашувам што е тоа јавна установа. Дали колешката Гашовска, која има приватна ординација, нејзината ординација не е јавна установа? Каква е таа.? Јавна е затоа што обавува јавна дејност. Не само нејзина, да не зборуваме ден куп примери.

(Пратеникот Слободан Најдовски реагира од место-и оние што работат државно работат и приватно).

Овде станува збор колега Најдовски за еден инерцијален момент на идологијата која што кај нас на жалост не заврши, туку продолжува. Со овој закон за јавни установи нема да престанат да трајат и важат ОЗТ во доменот на здравствената заштита.

Јавна установа е установа која што врши дејности од јавен интерес. Сопственички може да биде државна, може да биде на општината, може да биде и приватна, може да биде и мешовита.

Целата оваа рашомонијада се провлекува низ целиот текст на законот и вие не знаете практично за што станува збор. Затоа што, во одредени сегменти во законот јавно се употребува како термин дека тоа е установа од јавен интерес, а во одреден сегмент на законот се употребува каде што треба да детерминира сопственичка структура на таа установа, па ја користи по некоја инерција таа терминологија на државна, што би значело јавна установа. Истиот овој момент гледам дека се провлекува, а и пред некој ден министерот за финансии кога разговараше за установите дека, практично, инсистира на овој

термин, што мене не ми е јасно. Јас не можам да го прифатам.

На крајот на краиштата нека биде и тоа, меѓутоа, нека биде прецизно во целиот текст на законот и да не се меша, да се знае, па макар и во наводници ја крстиме јавна во поглед на сопственичката структура. Очигледно е дека овие работи тешко ни одат и уште потешко ќе одат и понатаму. Е, сега, доколку овој закон би бил системски, благо како што рече колешката Биковска, тоа значи дека тој во одредени моменти би морало Законот за здравствена заштита да кореспондира или да влече корени од овој закон. Но, ако тоа се случи почнуваат веќе апсурдите да се случуваат. Значи, ако тоа се случи ќе имаме една крива линија на трансформирање и реформирање во здравството, а доколку не е така, тогаш јас не знам за што го носиме овој закон.

Посебно би го нагласил, господине претседателе, пошто инсистирате на членовите, членот 7, овој член ќе го прочитам и зборува вака: "кога на установата и се доверени јавни овластувања на лицата вработени во установата, кои ги вршат овие работи, се применуваат одредбите од Законот за државни службеници". Е, сега, како да го толкуваме ова. Значи, имате приватни здравствени организации кои имаат договор со Фондот и тие имаат едноставно јавна и функција и дејност. По овој член вработените во тие приватни јавни здравствени институции, ќе станат државни службеници, доколку го примениме овој закон, нормално. Ако станат државни службеници, тоа значи дека повторно ќе имаме принцип на плати по некогашните раздели, коефициенти итн, и ова е член, со кој на овој начин повторно се враќаме на 1948 година, затоа што ќе направиме национализација на функцијата доктор по медицина. Ако сте како доктор државен службеник, вие сте национализиран, па макар работеле и во приватна здравствена установа. За да парадоксот оди и биде поголем ако се применува овој принцип на државни службеници, тоа значи дека некој, било кој, јас како основач на приватна здравствена организација влезам во групата на државни службеници, но мене како по Законот за државни службеници едноставно можат да ме преместат од мојата приватна здравствена организација, сопственичката структура да ми остане иста и да одам да работам во некоја друга по некој разред кој што ќе биде номиниран таму. Погледнете ги членовите 16 и 17 тоа го зборуваат. Ќе сватите дека е тоа. Ова е практично Орвеловиот принцип на друштвото од овој сегмент на нашето живеење кое сакаме да го трансформираме. Да го трансформираме повторно на еден крајно лош начин.

Уште еден елемент што во самиот закон е практично не добро промислен. Значи и самиот закон внатре во себе не е доволно конзистентен, а тоа е членот 17, каде што се бараат гаранции за извршување на функции кои треба да бидат финансиски или вакви или такви. Сега, доколку имате ситуација некој да направи трансформација или приватизација во примарна здравствена заштита по принцип на закон, тогаш каква гаранција може тој да обезбеди кога таа каде што работи му е под закуп односно припаѓа на државата и кој тип на гаранција ќе може да го обезбеди. А, доколку некој пак направи сосема приватно, ќе мора да обезбеди гаранции додатни, што веќе ги става во нерамноправна позиција во однос на државните или како што законодавецот сака да каже јавните установи. Значи, пред законот стануваме нееднакви во стартната позиција. Тоа значи отворање на нови установи, подразбира многу повеќе средства за некој кој треба да го направи визави некој кој ќе му го дадат на тацна од име на државата. На овој начин сигурно е дека нема да имаме нови инвестирања и трансформација во голем број на сектори, посебно изразувам во доменот на здравството. Затоа што, луѓето едноставно не ќе влегуваат во такви ризици.

На крај, имаме една плејада на модели кои што сакаат да го дефинираат начинот на приватизација на јавните установи. Јас се сложувам со тоа дека треба да се дадат повеќе модели и околу ова прашање кога дојде Предлог законот минатиот пат, рековме дека тој ќе биде прва фаза, затоа што тогаш имавме предложено само еден модел, кој едноставно не можеше да биде применлив и за полиција, не можеше да биде применлив за театар, детска градинка или за некоја здравствена установа. Добро е што се даде еден ваков модел поширок, затоа што некаде трансформацијата може да оди на еден, некаде на друг начин. Меѓутоа, членовите кои следат после тоа и треба да регулираат, практично ве доведуваат во една ситуација да не можете да направите трансформација во следните пет години во нашево општество. Проблемот континуирано ќе се одлага. Со ваков закон, ние практично правиме закон кој ќе го донесеме сега и кој нема да функционира и ќе има гратис период од пет години, а дотогаш не знаеме што и како ќе се случува. Со други зборови, дојдовме до една апсурдна ситуација, се правеа штрајкови, се анимираше јавноста и не знам што се, за да дојдеме до закон за јавни установи кој треба да регулира нешто во доменот на установите и да направиме реално трансформација во овој сектор. Едната пруга на сопственичката трансформација во стопанството ја утнавме и еве на пат сме да направиме промашување и во овој дел.

Јас мислам дека после се, би требало сепак Владата да излезе и да каже за каков закон се работи и на луѓето да им биде јасно. Дали имаме закон кој е системски, па се она што ќе произлезе ќе биде утнато или законите во доменот на здравствената заштита, културата, образованието итн, ќе бидат тие што ќе ја регулираат таа материја, па таму ќе ги правиме реформите, а овде џабе расправаме за закон кој што практично ќе биде неприменлив.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Оровчанец.

Зошто госпоѓа Којзеклиска бара процедурално? Јас ја слушам госпоѓа Којзеклиска, а не господинот Караџоски.

Повелете господине Караџоски процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, значи сега мора да го користам процедурално, за да расчистиме една работа за да можеме да работиме понатаму. Правите обид, кога особено пратениците од опозицијата се јавуваат за збор, да воведувате некои правила кои ги нема во Деловникот и затоа мора тоа да го расчистиме. Во член 162 кој е многу јасен стои: “на седницата на Собранието се води претрес по текстот на предлогот на закон. Став 1 и став 2 е: во текот на претресот по текстот на предлогот со закон се одлучува и за амандманите”. Вие лончињата одамна ги измешавте, со тоа што прво водите расправа по амандмани, после давате во текст итн. И, сега, бидејќи не ви е јасно вас што значи претрес по текстот, еве јас ќе се обидам да ви објаснам. Мислам дека радо ќе сакате да го слушнете.

Законот, почитуван претседателе се носи во три фази и тоа е редовна процедура. Првата се вика Предлог за донесување на закон, втората е нацрт и третата е Предлог на закон. Значи, кога се носи во прва фаза, односно Предлог за донесување на закон, расправата вие ја викате општ претрес, ние ја викаме расправа по Предлогот за донесување закон. Во тој предлог воопшто не мора да има текст, туку расправаме дали има потреба од такво донесување на закон. И, гласањето значи дека има потреба и ние како Собрание носиме заклучок со кој ја задолжуваме Владата да изготви текст врз основа на она што Собранието овде дискутирало, се разбира, и комисиите. Бидејќи, има втора фаза нацрт, а која никогаш во Собранието не се практикува, само во некои исклучоци, тогаш се понудува, почитуван претседателе, текстот. И, тој текст оди на расправа овде во Собрание, но оди и на јавна расправа. Меѓутоа, таа фаза ја прескокнуваме. Секогаш доаѓаме до втора фаза односно во третата, каде што дискутираме по Предлогот на закон. Што занчи тоа е исто како и се друго, тоа е исто бидејќи од првата фаза каде што не треба да има текст, но доколку има текст до третата може да има измени. Измени кои во суштина можат да го сменат текстот односно целта на законот, измени кои што не мора да го сменат, меѓутоа, во суштина има потреба од расправа. Дали некој ќе расправа по член 1, член 2 или член 3 не е ни битно, битно е содржината на законот отвора право на секој пратеник да расправа. И, вие тука немате право апсолутно да воведувате пет минути за некаква начелна дискусија и не знам колку минути за член по член.

Инаку, почитуван претседателе, ако сакаме да го злоупотребуваме, можеме до бескрај. Доволно е да се повикаме на член 1 од законот и да кажеме, бидејќи таму стои која е целта и што тој закон регулира и не мора воопшто да се задржуваме на другите членови.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Јас така како што го објаснивме можам и да се сложам, но под еден услов, договор. Кога ќе дојде т.н. фаза 1 каде што констатираме дали има или нема потреба да не се водат дискусии по два часа, туку само да се изјасниме дали има потреба или нема потреба, бидејќи во пракса не е така, во пракса истите членови се дискутираат и во таа фаза кога се бара или кога се изјаснуваме дали има потреба или нема потреба, што е можеби кривица и на Владата или и на Деловникот, не велам дека е тоа така, тогаш го имаме ова што го имаме сега. Расправаме по членовите на законот уште во таа прва фаза и сега ги слушаме истите тие дискусии повторно кога веќе сме имале можност да се изјасниме во таа прва фаза. Но, јас само регулирав една пракса, која што можеби деловнички не е така. И во новиот Деловник ќе предложам тоа да се измени. А, инаку, јас не правам разлика меѓу позиција и опозиција, затоа што мене сега госпоѓа Биковска ќе ми биде лута следните два месеци, ама јас ќе и понудам кафе за да не ми се лути, затоа што нејзе прво и го кажав тоа дека за општа расправа пет минути, а после по членовите. Во тоа е проблемот и затоа би замолил да го поддржите новиот Деловник, каде што овие работи ќе ги расчистиме и кои што сега ќе биде предлог и можеби е пуштен во процедура.

Повелете господине Караџоски имате една минута.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, едно е пракса, друго е она што пишува во Деловникот. Вие како претседател на Собрание сте исклучиво надлежни и должни да го почитувате Деловникот. Праксата е пракса, зависи дали ќе ја прифатиме или не. Но, ние се држиме по Деловникот и така ќе работиме. Јас затоа ви обрнав внимание дека Деловникот не го пропишува ова што вие го кажувате. Праксата можеби нешто вовела, но тоа не е задолжение. А, кога на крајот на краиштата, затоа Собранието носи постојано измени на некакви закони, затоа што имало некаква маана. Ако во овој Деловник постои маана, а очигледно постои, она што вие го кажувате, треба да се измени. Е, откако ќе се измени, тогаш ќе ги воведеме правата и правилата на игра, а сега по овој Деловник така ќе работиме.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Во Деловникот пишува дека и претседателот го толкува Деловникот.

Господинот Гештаковски Кирил има реплика.

**Кирил Гештаковски:** Благодарам претседателе.

Да ви кажам право ме збуни говорот на мојот драг колега, бидејќи едно зборувавме на собраниското тело Комисијата за здравство, а сега се нафрла со дрвја и камења по овој закон, нарекувајќи го шуплив итн. Се фати за 2002 година, без да

објасни што се работеше од 1998 година до 2002 година. Неопходноста од донесувањето на овој закон беше очигледна. Еден генерален закон кој што ќе важи за сите јавни установи.

Клучниот момент беше во објаснувањето на членот 7 кога сите наши колеги лекари, останатиот медицински персонал, професори итн ги ставија во Законот за државни службеници и ги нарече како да бидат државни чиновници до крај, што апсолутно не е точно. Бидејќи, на јавната установа државата може да и даде некои јавни овластувања и сега ќе кажам еден класичен пример како тоа би било. Може државата да и даде на некоја јавна установа, на пример, здравствена, да чува воени резерви, потрошен медицински материјал и лекови. Е, тие чиновници што ќе ги чуваат тие државни резерви ќе бидат наречени државни службеници и ќе се поведуваат по Законот за државни службеници.

Ме иритира и еден друг момент. Кога ќе донесе оваа Влада некој реформски закон, тогаш се организираат протести, се организираат секој ден конференции за штампи како не биле заштитени работниците, како немало социјална компонента. Кога ќе се донесе закон, како што е овој, со една силна компонента социјална, каде што нашите колеги и лекари и друг медицински персонал, вработените од образованието и во сите јавни установи ќе бидат заштитени следните пет години од новите газди, тогаш се третира дека законот не бил реформски и во стварност не можело да профункционира овој закон, бидејќи не ќе им се исплатело на идните газди да ги држат во следните пет години вработените во јавните установи. А, да не заборавиме 70 илјади вработени се во јавните установи. Овој закон овозможува во следните пет години една сигурна работа.

Јас мислам дека овој закон е закон пример како треба Владата да ги донесува законите. Како треба да го слуша јавното мислење, како треба да ги слуша сите мислења на пратениците во Собранието и сите сугестии од суштински карактер ги има прифатено и во оваа последна фаза ги има вградено.

Ви благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

Реплика има госпоѓа Биковска Наташа.

Повелете госпоѓо Биковска.

**Наташа Биковска:** Благодарам потпретседателе

Би сакала да укажам на фактот дека Комисијата за здравство заседаваше. Претседателот на Комисијата за здравство е проф. д-р. Ѓорѓи Оровчанец и на крајот за известител на седницата на Собранието Комисијата го определи пратеникот Ѓорѓи Оровчанец. И, сега, би ги навела следните наводи од страна на пратеникот Оровчанец кои што беа наведени во дискусијата. Не може да имаме системски закон кој овозможува сукседијарна примена. Неговото донесување тогаш е непотребно. Нема да ги повторувам квалификациите на законот со цел за да не го нарушувам квалитетот на законот и впечатокот за донесување на законот. Понатаму рече дека законот нема реформски карактер.

Понатаму, предвидува дека ќе го трансформираме здравството на крај на лош начин, и, затоа не можејќи да сфтам зошто пратеникот Оровчанец се појави пред нас во таква негативна модификација и комплетно ретерираше од ставовите што ги изнесе на Комисијата, ќе прочитам само дел од извештајот на Комисијата за здравство на кој што тој е потпишан "Комисијата констатира дека во Предлогот на законот за установи се вградени забелешките дадени во претходната расправа со Законот". Понатаму, исто така, Комисијата констатира дека како системски закон лекс-генералис со него се уредуваат односите и прашањата во дејностите од јавен интерес во областа на здравството, образованието, науката, културата итн. И, посебно значајно, е тоа што со решенијата предложени во законот се дава можност со посебните закони од соодветната област поконкретно да се определат условите и начинот за вршење на дејноста според потребите и спецификите на дејностите.

И, замислете во начелната расправа по Предлог законот беше речено дека Законот има реформски карактер со социјална компонента и тоа е потпишано од претседателот на Комисијата. И, така искажаната фраза, ноншарлантно, тој гратис период од пет години што не го прифаќа претседателот на Комисијата за здравство, мислам дека граѓаните, токму тие, вработените во јавниот сектор, во здравството, се свесни дека ова е социјалната компонента, тој дел ги заштитува граѓаните вработени во здравството и го гарантира нивниот социјален мир. Така да, ако се залагаат за граѓаните, за социјалниот мир мислам дека токму тој член е најприфатлив и за тој член најмногу се залагаше опозицијата како и позицијата за да нема драстични отпуштања од работа. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Ви благодарам госпоѓо Биковска.

За збор се јави пратеникот Гашоска Цветанка. Повелете госпоѓа Гашоска.

**Цветанка Гашоска:** Благодарам господин потпретседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Многу интересен и дискутабилен закон дури и во последнава фаза, иако за него имаше дискусии и полемики, дебати и расправи. Особено Главата 9, која ја регулира сопственичката трансформација на установите од јавен интерес чиј сопственик е државата повеќе од 60 години.

Лесно е да се одредат установите што ќе бидат сопственот на Република Македонија и оние што

ќе се приватизираат. Исто така лесно се приватизира просторот или дел од просторот, опремата, предметите и другите средства на јавните установи онака како што е уредено во членот 93 и членот 94, но не треба дејноста од јавен интерес да не се земе како примерна, како основна водечка и суштинска работа што се приватизира.

За начинот на сопственичката трансформнација се зборува во членот 92, за кој имав забелешка и при претресот на законот на Комисијата за здравство.

Приватизацијата во здравството е на почеток или во тек, а тоа значи, Законот за установи ќе ја има својата промотивна имплементација токму во приватизазцијата на здравствените установи. Затоа тука мора да се нагласи дека здравствената дејност не е било која ниту било каква дејност, туку е дејност од посебен општествен интерес. И, тоа не е моја лична констатација, така е во земјите во ЕУ, така треба и мора да биде во земјите кои се стремат кон Унијата, а една од нив е и Македонија.

Сега ќе се навраќам или сакам да се навратам на членот 7 и тоа став 2, но ќе го прескокнам затоа што го коментираше претходниот дискутант, но затоа ќе напомнам дека треба да се проговори за спецификите на докторската дејност и недореченоста во Законот. Или, мора во подзаконски акти или со други одредби, или со измени и дополнување на Законот за здравствена заштита да се определи статусот на докторите. Под итно треба и мора да се донсе закон за доктори како што има Република Словенија од 2000 година, Р.Хрватска од 2003 година, каков што има Р.Бугарија, и земјите од Унијата. Докторите само за да се стекнат со право за самостојна работа треба два пати да се лиценцираат, а за да ја продолжат својата дејност редовно на неколку години треба да се стекнуваат со нови лиценци. Тоа мора да се земе во предвид при определувањето на статусот на докторите.

Со измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита во 2004 година лекарската комора на Македонија се здоби со јавни овластувања со кои се грижи за својот еснаф, за статусот на докторите и координира со Министерството за здравство. Значи, лекарксата комора, Министерството и министерот за здравство, Медицинскиот факултет и Македонското лекарско друштво, треба да овозможат, ќе повторам, да ги допрецизираат начинот и условите за приватизација на јавните здравствени установи, а не само министерот како што стои во член 92.

Приватизацијата на здравствената дејност реков дека е на повидок, на почеток или во тек и токму затоа не смееме да импровизираме. Пред се, мора да се издвојат здравствените домови, да се земе во предвид незавидната состојба во здравството и истото посебно и многу внимателно да се институционализира.

Ќе коментирам неколку моменти или делови од целите што треба да се постигнат со овој закон.

Првата е, “остварување на еднакво општествена економска положба на сите установи” и тоа е апсолутно во ред, а значи, дека и приватните и државните установи се еднакви пред законот бидејќи дејноста им е од јавен интерес и им е заедничка и потполно. А, сега и досега тие имаат различен третман.

Понатаму се вели, “Установата е форма на организирање за вршење на јавна услуга како дејност со непрофитна цел”, и една контрадикторност “установите се сметаат како фактор на производство”. Тие не може да се сметаат како фактор на производство, како што се вели во Законот, туку ја фаворизираат конкуренцијата и го подобруваат квалитетот на услугите, што е многу важно.

Законот како правна рамка е добар, го поддржувам и ќе гласам за него, но за да ја надминеме состојбата во која се наоѓа здравството треба претходно да се направи сето она што го искажав како дилема што се однесува на здравството и докторската дејност како јавна дејност и дејност од посебен општествен интерес. А, зошто го искажав како дилема, затоа што се соочив со разликите и различниот третман, јавно здравство - приватно здравство, заедно со многу колеги од истата фела. Давател бев на услуги во Установа во државна сопственост долгогодини наназад, а од пред 10 години сум давател на истите услуги во приватна установа. Разлики во давањето на услуги нема, но има разлика во третманот кон установите од јавно и приватно здравство.

За надминување на нашите недоразбирања и проблеми цело време се залага лекарската комора, Македонското лекарско друштво, Министерството за здравство и неодминливиот фонд за здравствено осигурување бидејќи и тука ќе издвојам уште една специфика што не смее да не се спомене, а не се среќава на ниедно друго место, односно во ниедна друга област. Плаќањето на докторската дејност со капитација.

За да не настанат нови проблеми во и така обременетото здравство при спроведувањето на приватизацијата треба да се земат во предвид моите искажувања. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Гашоска.

Следен за дискусија е пратеникот Петар Апостолов, а потоа госпоѓата Силвана Бонева.

Повелете господине Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам, почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници,

Во овој Предлог на закон за установите позитивно е тоа што огромен број од забелешките кои беа изнесени во комисиите на пленарната седница и од јавната расправа се внесени во овој предлог закон. Сепак, за мене, се работи за еден системски закон со кој се уредуваат прашањата во дејнсотите од јавен интерес од областа на

здравството, социјалната заштита, културата, образованието итн. Со решенијата што се предложени со Законот се дава можност со посебни закони од дадената област, поконкретно да се определат условите и начинот за вршење на дејноста според спецификата на самата дејност.

Сега, конкретно би се задржал во самиот текст на Законот односно би направил една компарација на она што ни се нудеше во претходната фаза и она што сега, со измените на текстот по забелешките е направена.

Во член 23 имаме нов став кој дообјаснува да во постапката при избор на основачот соодветно се применуваат одредбите од Законот за Јавни набавки.

Во член 43 став 3 каде се зборува за неспоивост на функцијата претседател и член на органот на управување односно директор на јавна установа со функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија како и со функциите градоначалник на општината односно градот Скопје. Во овој став изземен е пратеникот во Собранието на Република Македонија.

Во член 82 став 2, вработените во установата правата и обврските од работниот однос ги остваруваат освен согласно законот за државни службеници и со колективен договор. Значи, новина што во претходниот предлог ја немше е тоа да овие права и обврски се остваруваат и со колективен договор.

Во член 85 во ставот 1, и 2, со додавање "ако тоа би предизвикало невозможност за вршење на дејноста на установата" практично со оваа реченица и двата става ја добиваат својата смисла, а во претходниот предлог за донесување на закон навистина немаа никаква смисла.

Најважна квалитативна измена во овој предлог закон е во Глава 9, односно сопственичката трансформација односно приватизацијата на јавните установи. Да се потсетиме, во предлогот за донесување на закон јавната установа се приватизираше на начин што од вкупно проценетата вредност 5% се отстапуваа бесплатно на вработените, 20% се откупуваат под повластени услови од вработените и 75% се продаваа на јавна берзанска аукција. Во предлог Законот според член 96 приватизацијата се врши на шест начини и тоа беа начини кои се кажани, дискутирани, и не би сакал да ги набројувам, но останува шестиот начин, тоа е друг начин утврден со закон, значи се дава можност и на некој друг начин кој ќе биде одреден од министерот односно од Владата.

На крајот сакам да напомнам дека одлуката за приватизација ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на надлежниот министер.

Би дал мал коментар и за амандманите. Овде имаше 14 амандмани. Ниеден амандман не беше усвоен. Сметам дека амандманот од колешката Розе Топузовска Каревска ќе се регулира со подзаконски акти, но амандманот од Комисијата за култура, за мене амандман кој држи, тоа во член 92 став 2 зборовите "надлежниот министер" се заменуваат со зборовите "Комисија во надлежното министерство" и под став 2 се додава нов став 3 кој гласи: "Комисијата од став 2 на предлог на надлежниот министер ќе биде составен од експерти од соодветна дејност. Иако овој амандман не го усвоивме мислам дека треба да се размисли бидејќи има уште време, знам дека тоа малку тешко оди, од претставникот на владата овој амандман, заради поголема објективност требаше да биде усвоен. Ако остане така за жал нема да го види белиот ден. Ви благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодрам господине Апостолов.

Збор има пратеникот Бонева Силвана. Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодрам господине потпретседателе,

И јас би сакала накратко да се осврнам на значењето најпрвин на Законот за јавни установи, Закон кој што после 15 години самостојност и трансформација на целокупниот општествено политички економски систем во државата, конечно се најде во завршна фаза пред пратениците во Собранието на Република Македонија.

Сите сме согласни дека неопходно е потребно донесувањето на Законот за јавни установи и неоправдано беше сиве овие години доцнењето на поставување на едни сериозни основи односно на ставање на една законска рамка на нестопанската дејност. Тоа нешто е навистина момент, кој што, повторно ќе кажам, треба да се потенцира бидејќи со трансформацијата на стопанскиот систем и со носењето на Законот за претпријатија јасно беше дадена рамката за трансформација на стопанството и промовирање на новиот начин на пазарно стопанство.

Значи сериозна трансформација на општествениот систем, меѓутоа ништо не се случи во областа на нестопанството. Нестопанството остана дејност кое што апсолутно не можеше да се подведе под никаков закон и во периодот на чекање на еден генерален закон, кој што ќе биде законска рамка за носење на посебните закони, почнаа да се носат посебни закони од различни области, кои што ги регулираа односите во областа на образованието, на културата, на здравството и остана еден дел од нестопанската дејност кој што не можеше да биде подведен под работењето на ниеден од овие донесени закони и за нив сеуште важеа одредбите на Законот за здружен труд.

И до денес сеуште нивното работење се подведува под одредбите на Законот за здружен труд кој што со години на ред велиме дека е надминат и дека му припаѓа на едно минато време, меѓутоа, навистина институциите немаа врз основа на што да ја направат својата трансформација и да стават основа на новата

нивна статусна поставеност и начин на уредување на односите внатре во институциите.

Токму заради тоа неопходна е потребата од носењето иако многу задоцнето на законот за установи, бидејќи навистина е обратен редоследот. Наместо да се донесе еден генерален закон и од него да произлезат посебните закони, тој да биде една генерална рамка и врз основа на него да се постави работењето во сите други области на општественото живеење, повторно ќе кажам со терминологијата, во областа на нестопанската дејност, сега имаме обратен редослед. Имаме многу закони кои што се донесени од областа на нестопанската дејност, многу посебни закони со разноликост на решенијата кои што ги нудат, значи во регулативата, има неусогласености, проблеми во вршење на дејноста, празнини кои што се констатирани и навистина кај мене останува дилемата дали овој закон сега треба да го третираме како лекс-генералис и од него да произлегуваат сите други закони, или ќе постои веднаш обврска за усогласување на сите други закони кои што треба да бидат усогласени со овој, или повторно овој закон ќе остане да важи само за оние дејности кои што досега не се регулирани со друг закон. Тоа се многу малку, а би ја спомнала само областа на образование и друго образование. Значи за тие за кои што сеуште важат одредбите од Законот за здружен труд. Доколку не се стави одредба дека би требало да се подведе работењето, да се усогласат сите закони со одредбите на овој закон, тогаш би имало смисла носењето на закон за јавни установи.

И, повторно ќе кажам, бидејќи се е наопаку, значи обратен процес од нормалниот процес кој што треба да биде воспоставен за носење на еден ваков сериозен закон, токму заради тоа произлегуваат и дилемите кои што беа искажани во текот на расправата.

Мислам дека добро е во овој закон што конечно се спомнати токму и оние институции кои што сеуште работат под одредбите на Законот за здружен труд, барем се најдоа конечно себе во системот, затоа што досега никој не веруваше дека навистина многу организации во државата не можат да го устројат своето работење, туку сеуште за нив важи Законот за здружен труд, кој што не постои.

Она што сакам јас да го спомнам е дека навистина овој закон, самото негово обликување требаше да има поголема транспарентност и требаше да биде доставено до сите јавни установи и сите да го искажат своето мислење и за оваа последна фаза. Значи овие решенија што се га се нудат со сопственичката трансформација, со целокупната поставеност, требаше да се слушне мислењето и на научните институции и на оние кои се директно засегнати, значи и сите организации што треба да го сведат своето работење под одредбите на овој закон.

Сега, накратко би сакала да се осврнам на некои од решенијата, нешто што не беше спомнато до сега, тоа е членот 9. Таму се зботува за називот на установата.

Во членот 9, во ставот 4 е кажано дека приватната установа може во својот назив да ги користи изразите што означуваат име на историски места, државата или нејзините кратенки како додатоци на фирмата, само ако е дадено одобрение од Министерството за правда.

Мислам дека и овој и наредниот став, каде вели дека називот на установата може да содржи историска или друга значајна покојна личност, а за внесување на името на таа личност во називот на установата потребна е согласност од нејзините законски наследници од втор наследен ред, а ако нема наследници од втор наследен ред тогаш одобрување дава Министерството за култура. Значи, се остава еден широк простор на приватните установи да ги именуваат своите установи со имиња што можат да предизвикаат тензии во општините што се основаат, доколку не бидат прифатени од сите граѓани или пак доколку се провокативни и не се во согласност со историските текови или она што е прифатено како историја на Република Македонија. Она решение што е овде дадено дека одобрение дава Министерството за правда, не е дефинирана процедурата кој е должен, според кој закон да одреди најпрво кое е тоа историско место што може да се користи за име на јавната установа. Факт е дека одредени историски места,пак ќе кажам, по нивното значење и национално-историската конотација можат да бидат навредливи дури и за државотворноста на Македонскиот народ, на независноста, на територијалниот интегритет на Република Македонија.

Токму заради тоа овде треба да има јасно прецизирање како на овој став, така и на наредниот став, дали само во случај, тоа е за наредност став, кога немаа законски наследници од втор наследен ред за личностите за кои се употребува нивното име во називот на установата, дали само тогаш се вклучува Министерството за култура? Дали ќе се остави слобода на приватните институции како сакаат да ги именуваат своите институции, бидејќи за приватни но јавни установи и овде е дилемата. Не значи ако е приватно дека не треба да биде подведено апсолутно под контрола, исто како и јавните установи што се во државна сопственост. Токму заради тоа треба прецизирање на овој член.

Понатаму, она што констатирав во овој закон не постојат одредби во кои што ќе се утврди јавноста на работењето на установите. Бидејќи се работи за јавни установи од државен карактер и јавни установи од приватен карактер, потребно е како што е промерот со Хрватскиот закон за јавни установи, каде што децидно стои, има посебна глава наречена Јавност во работата на установите. Тука, без оглед на тоа што Хрватска

има Закон за достапност на информациите, што е во тек и во Република Македонија процедурата за негово донесување и обликување, мислам дека е неопходно потребно и во овој закон да стои дека јавните установи се обврзани да даваат информации за сите заинтересирани лица, и физички и правни лица и медиумите. Со самиот факт дека тоа се установи што би извршувале работа од јавен интерес, облигаторно треба да биде истите да работат транспарентно и во согласност со јавните интереси на државата. Мислам дека една посебна глава што ќе го уреди, што ќе ја уреди оваа област, тоа е јавноста во работењето на установите треба да биде внесена во овој наш закон.

Понатаму, продолжува различниот третман на јавното и приватното, односно преку конкретниот пример што беше даден во здравството и членот 17 што го потенцира тоа, во врска со основањето на приватни установи, кои се обврски треба да ги исполнат луѓето кои основаат приватни установи. Меѓу другото, освен квалитетна финансиска, треба да приложат и друга гаранција дека ќе бидат во состојба континуирано и без прекин да ја вршат јавната услуга и да ја надоместат штетата што може да им биде предизвикана на корисниците на јавните услуги ако установата престане со работа. И овде се доведува во нерамноправна положба приватниот во однос на јавниот сектор, со дополнителните гаранции што се бараат и финансиски и други гаранции, а не е кажано кои други гаранции треба да ги дадат. Треба да се прекине со различниот третман на јавното и приватното, што се потенцира и со членот 17.

Она што е добро, според мене е делот на вложување капитал во установата. Значи, неколку членови. Тоа се три члена, членот 79, 80 и 81 што зборуваат за вложувањата што ги прават правни и физички лица, странски донатори внатре во установата. Убаво е тоа што е кажано дека е регулирано како вложувачот во установата склучува договор, што содржи тој договор, формите и начинот на вложување, времето за кое што се вложува, враќањето и откупот на вложениот капитал, правата и обврските по однос на објектите. Меѓутоа, во делот што се однесува на сопственичката трансформација, она што го зборував и на Комисијата за политички систем и на Комисијата за култура, токму тоа е сопственичката трансформација која што нема соодветно внимание посветено, на неа, не се земени во предвид спецификите.

Тоа ќе го поврзам со делот од законот каде што зборува за вложување на капитал во установата, меѓутоа до сега вложениот капитал во установите, во Република Македонија воопшто никаде не е внесен, ниту дури во членот 98 каде што лично мислам дека му е место, каде се зборува за одлука за приватизација дека донесува Владата на Република Македонија на предог на надлежниот министер и дека предлог треба да има за одлуката, што се одлуката треба да има, што се треба да се достави.

Наведено е дека кон одлуката се приложува програма за начинот на остварување на приватизацијата, извештај за извршената ревизија на годишна пресметка од страна на Државната ревизија, извештај за проценетата вредност на субјектот на приватизацијата, податоци и докази за право на сопственост, располагање, користење, управување со недвижностите. Меѓутоа, никаде не стои дека е потребно да биде доставен и овде извештај за вложен капитал и тоа вложен капитал од самофинансирање на вработените во моментов, бидејќи имаме во Република Македонија институции што повеќе од 10 години работат на самофинансирање. Ги градат сопствените институции, не дозволија да бидат распаднати, беа прекрасни домаќини кои се грижат за општествениот имот да не биде руиниран, туку и да го градат и да го одржуваат и да купуваат опрема и нагледни средства.

Која би била логиката овие добри домаќини државата да ги награди за тоа што тие она што го оделувале од нивната уста, она за што не земале прлата за да овозможат добри услови за работа за да функционираат и понатаму, дека ќе бидат казнети за тоа и ќе треба тоа што тие го купувале со сопствени средства да биде продавано или да го купуваат под закуп или да земат многу мал дел, апсолутно идентичен дел со сите оние вработени во другите установи што немаат вложено апсолутно ништо од својата плата за купување на основни средства или градење на установите.

Значи дека постојат специфики во установите што во моментов функционираат во Република Македонија, работат на самофинансирање и треба да бидат погледнати со друг диоптер, а не како сите други институции за кои што државата континуирано се грижи и за одржување на објектите, купување на опрема, значи материјални трошоци. Овде треба јасно разграничување. Токму заради тоа мислам дека решението би било доколку во член 98 биде внесен и извештај за вложен капитал, кон одлуката што се треба да се приложи, треба да биде приложен и извештај за вложен капитал, отсек самофинансирање на вработените. Понатаму, финансирање од домашни правни и физички лица и странски лица, сето она што е содржано во членовите 79, 80 и 81,во делот што го регулира вложувањето на капитал во установата.

На тој начин нема да се направи огромна неправда и огромна грешка кон сите оние луѓе кои вложувале во сопствената институција. Многу сериозна, господинот претставник на Владата, треба да го каже ставот на Владата по ова барање во членот 98, дали може да се искорегираат и да внесат дека кон одлуката треба да биде додадено и извештај за вложен капитал од самофинансирање на вработените и од вложен капитал на приватни физички или правни лица, домашни и странски.

Мислам дека со тоа ќе се направи барем поголем увид во капиталот со кој што располагаат и на кој начин е стекнат капиталот во установите што треба да бидат приватизирани.

Посебно ќе се осврнам и на членот 99 што во мојата дискусија и на Комисијата за политички систем и на Комисијата за култура го кажав своето мислење, апсолутно идентично со госпоѓата Роза Топузовска-Каревска, која достави амандман за членот 99 став 3 и овде го исскажав своето мислење дека не може да имаат право на купување на удели во установата што се приватизира, сите вработени во установата под еднакви услови. Не може од следниве причини, повторно ќе кажам, воопшто не е респектирано дека во Република Македонија имаме установи што повеќе од 10 години работат на самофинансирање. Установи што работат со години, некои не земаат плата за да можат да создадат услови за да можат да го продолжат своето работење. Која би била логиката еден вработен кој се вработил пет месеци пред носењето на овој закон да има право на еднаков удел со оние вработени кои 10 години оделувале од сопствената уста за да направат нешто, да купат опрема, да направат реконструкција на сопствените објекти и токму од овие причини сметам дека министерот и претставниците треба многу сериозно да размислат да го прифатат укажувањето што мноштвото од пратениците во расправите по однос на членот 99 искажаа сомнеж дека навистина е неоправдан ваквиот пристап и дека не може со подзаконски акти и со прецизирање на критериумите по колективните договори, односно во самиот акт на установата тоа да се реши.

Значи, треба државата тоа да го реши прекку законот, со јасно утврдени критериуми. Потребно е да се допрецизира начинот на приватизација и да се прецизираат критериумите, да не се остава простор за злоупотреби и навистина правење штета на вработените.

Приватизацијата што се направи во стопанството треба да ни биде поука дека во нестопанството не смееме да ги повториме истите грешки. Дека треба да се почитуваат специфичностите и дека на тој начин треба да се гледаат решенијата што се даваат во законот, а не од кого се предложрни.

Сега би сакала да се осврнам и на членот 92. Скоро сите пратеници што беа присутни на Комисијата за политички систем, исто така и на Комисијата за култура, посебно на Комисијата за култура, бидејќи од таму произлезе и амандманот со кој што сакавме да ги ограничиме правата на министерот, во овој процес, почитувани дами и господо, процес на децентрализација, сметам дека треба да се направи деконцентрација на моќта на министрите. Законот не е во согласност со декларираните заложби на Владата на Република Македонија за намалување на дискреционите права на министерот. Тоа е многу сериозна работа во моментов што е регулирана во членот 92 и членот 93. Значи Владата на Република Македонија, врз основа на закон на предлог на надлежниот министер да ги утврдува јавните установи за кои Република Македонија има, односно ги презема сопственичките права. Преголема обврска и преголема ингеренција на еден министер да одлучува кои се јавните установи за кои што државата ги презема сопственичките права.

Токму од овие причини, да не се дозволи министерот индивидуално да одлучува која институција ги исполнува стандардите и критериумите за јавна установа, тоа треба да биде работа на професионални комисии составени од научни работници и експерти, меѓутоа и луѓе од дејностите кои се животно заинтересирани за опстојување на институциите, меѓутоа кои најдобро ја познаваат областа и можат да дадат сугестии аргументирано кои институции можат да бидат јавни установи, а не се да се сведе на предлог на министерот и одлука на Владата на Република Македонија.

Исто и со ставот 2, Владата на предлог на надлежниот министер со одлука ги утврдува јавните установи за кои што општината, односно Градот Скопје ги презема управувачките права и ќе имаат статус јавни установи на општината. Повторно ќе кажам, потребна е деконцентрација на моќта на министрите и потребно е тоа да го прави комисија, за да може навистина сериозно да биде разгледан овој процес на пренесување на надлежностите и на локално ниво, односно утврдување кои се јавни установи се на локално а кои на државно ниво.

Понатаму, во членот 93 е спомнато дека сопственичката трансформација се врши на установи основани со општествен или државен капитал, организациите на здружен труд или другите организации кои вршат дејност од областа на образованието, науката, културата, здравството итн, и за кои со закон и со одлука е утврдено дека вршат работи и дејности од посебен јавен интерес.

Бидејќи во моментот, во Република Македонија постојат закони донесени во различни области, образование, култура, здравсто, меѓутоа постојат и институции и установи за кои што не е утврден во моментот статусот на јавна установа, бидејќи нивното работење сеуште е подведено под одредбите на Законот за здружен труд. Значи, неминовно е потребно Владата да се потруди да ги донесе овие специјални закони што ќе ја покријат оваа област, за да можат да се применат одредбите од овој закон, бидејќи вели дека согласно со закон и со одлука ќе биде утврдено кои институции, кои вршат работи и дејности од посебен јавен интерес. Значи и за оние дејности како што е на пример образованието за возрасни и другото образование, за кое што во моментов не постои посебен закон, закон за образование на возрасни и друго образование, потребно е Владата да донесе таков закон за да може да се применува членот 93 и сопственичката

трансформацијa да биде спроведена онака како што е утврдено во членот 93.

Почитувани дами и господо, ова е накратко што можам да го кажам за Законот за јавни установи. Сметам дека многу сериозно претставниците на Владата треба да пристапат и во оваа фаза кон забелешките што ги даваат пратениците. Уште еднаш да се размисли за правата на министерот, уште еднаш да се размисли за критериумите за приватизацијата и да се размисли за специфичноста на институциите што ги имаме во државата а можат да се подведат под поимот јавни установи, па гледајќи ја нивната специфика да се донесат одредбите во законот за приватизација, со цел да не направиме уште една лоша приватизација, како што беше направена во областа на стопанството.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

За реплика е пријавен пратеникот Камчев Б. Никола.

Повелете господине Камчев.

**Никола Б Камчев:** Јас сакам да реплицирам на колешката во смисла на тоа дека она најверојатно заборави дека овој закон се носи како предлог на закон. Ова е посебна процедура.Овој закон низ сите фази минуваше, дури имаше и широка расправа по него и тој е дефинитивен. Друго е што нашиот Деловник дозволува после прифатени, или не прифатени амандмани и усогласување на текстот да се зборува за текстот на законот, бидејки сега во оваа фаза не можеме ништо да измениме.

Колешката сигурно има право во одредени членови да се сомнева, или да бара да се подобрат, меѓутоа колку што јас знам таа не поднесе ниеден амандман на оваа работа. Како што и самата рече учествуваше на неколку комисии и сите комисии кои го разгледуваа овој закон едногласно утврдија дека законот е добар и треба да оди во Собраниска процедура како предлог на закон и да се усвои. Сега постфестум е сите дискусии кои се водеа и досега, па и на колешката во таа проширена форма не можеме веќе ништо да измениме со закон. Ништо.Само можеме самореклaмирање да правиме, да кажеме дека многу знаеме, меѓутоа ефект од сите досегашни дискусии нема. Зато би замолил законот, бидејчи има препорака и мислење од сите комисии да го ставиме на гласање и да го изгласаме, бидејќи е еден од подобрите закони. Благодарам.

**Слободан Најдовски**: Благодарам господине Камчев.

Јас ја прифаќам вашата молба, но процедура е процедура. И на почетокот зборувавме дека ја изместивме работата со расправата по текстот, најмалку зборуваме за текстот на законот, но тоа е тоа.

Повелете една минута контра реплика гопоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Најпрво господине потпретседателе реплика на вас, бидејќи во текот на целата моја расправа јас зборував по текстот на законот, конкретно за секој член која забелешка ја имам. Значи, воопшто не бев надвор од расправата по текстот на законот.

А сега во однос на господинот Камчев, можат да течат секундите.

Господине Камчев воопшто не правам само рекламирање. Во оваа фаза имаме можност за последен пат да ја предомислиме Владата и таа е таа што може да достави амандмани за промена на одредени решенија во законот, се со цел да бидат подобри. Значи не е безпредметна нашата расправа и нашето инсистирање по однос на одребите од овој закон.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева, незнам што мене ми реплициравте но тоа ќе го прескокнеме.

Следна за дискусија е госпоѓа Славица Станковска.

Повелете госпоѓо Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани, и тоа е парламентарна демократија. Мојот почитуван колега Оровчанец смета дека имаме лош закон, јас сметам дека имаме добро законско решение пред нас.

Добро е што конечно после толку години пред нас се најде Законот за установи,заради правниот вакум што беше присутен во уредување на прашањата што се однесуваат на нестопански дејности од јавен интерес.

Исто така, мора да ја потсетам доблеста на поранешниот министер што прифати, да се разгледува законот уште во една фаза, благодарение на што, расправите што се водеа на Комисијата, јавната расправа, допринесоа да имаме едно квалитетно законско решение.

Почитувани, сакам кога разгледуваме некое законско решение да гледаме онака како што го носи насловот, односно Закон за установи. Многу почесто овде добивавме впечаток дека се работи за закон за здравство.Заради тоа што јавна услуга не претставува само здравството, туку претставува наука, образование, култура, социјална заштита, здравствена заштита, инвалидска и така натаму. Многу често, ќе се обидам да бидам кратка и да укажам на некои мои видувања. Сигурно многу често споменуваниот став 2 од член 1, според кој законот има супстидиерна примена и се применува доколку со друг закон не е поинаку уредено. Можеби ќе немаше потреба за овој став до колку добар дел од јавниот сектор законски не беше регулиран, или пак до колку не постојат такви специфики за дејноста која ја регулира овој закон.

Беше спомната јавна установа и услуга како поим и значење, а тука е направена добра дистинкција, и не сметам како што посочи еден наш колега

дека е потребно јавните установи да се преименуваат во зависност од основачите. Мислам решението според мене е добро и нема потреба од менување.

Исто така, сакам да посочам, јавните установи покрај сите оние елементи што ги имаат од основање до заштита на дејноста води сметка и за заштита на корисниците а тоа го прави со управниот договор, во кој се регулираат прашањата со правата и обврските на корисникот, рокот за кој е склучен договорот, условите со кои се обезбедува континуитет на вршење на дејноста, условите за квалитетно вршење на јавна услуга, условите за извршување на сите обврски и така натаму. Што значи дека во никој случај корисниците на услуги во случај на кризи да речеме во некоја јавна установа која се приватизира, ќе бидат на некој начин заштитени. Не постои опасност.

Исто така, овој закон има и социјален момент кога станува збор за цени на услуги и други видови, според член 69, надоместоци за услуги се утврдуваат врз основа на критериуми, нормативи, стандарди и постапки утврдени со закон. Но, за посебни категории цените и други надоместоци може да се определат диференцирано врз основа на категории на корисници на јавни услуги согласно законот. Тука се предвидени според став 3 и разни субвенции.

Што се однесува до трансформацијата која често беше посочувана и околу можности за злупотреба на министерот во член 92, кој често пати беше спомнуван се посочува дека на предлог на надлежен министер кој со одлука ги утврдува јавните установи, за кои Република Македонија има основано ги презема сопственичките права. Дека не постои опасност министерот да ја злоупотреби својата функција кажува член 95, според кој организирање и контрола на приватизација врши одбор за сопственичка трансформација на јавните служби на Република Македонија, кој го сочинуваат министерот од надлежното министерство. Одбор за приватизација се формира од Владата на Република Македонија. Во работата на Одборот за приватизација учествува и претставник на мнозинскиот синдикат. Тоа значи дека ќе постојат услови за транспарентност во овој дел на трансформација на јавните услуги односно на јавните претпријатија.

Исто така социјалниот момент се гледа и во заштита на вработените без разлика дали станува збор за приватизација. Во членот 106 став 3, засновање на работен однос се врши со превземање на вработените, кои се превземени согласно став 2 на овој член не може да им престане работниот однос по основ на технолошки вишок во следните пет години од денот на превземањето.

Исто така, за разлика од првото решение доколку не се приватизира, Закон за закуп, вработените и во случај на ваква состојба се заштитени со член 111 каде се зборува дека закупецот е должен да ги превземе вработените од јавната установа која се издава под закуп и за времетраење на закупот на вработените не може да им престане работниот однос по основ на технолошки вишок.

Ги спомнав само оние делови, нема потреба да ја злоупотребувам говорницата, кои ќе бидат интересни за нашите граѓани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Станковска.

Има збор пратеникот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Се повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Вие се повлекувате, госпоѓа Топузова не е тука, господинот Аднан Јашари не е тука, молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по предлогот и ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата).

Молам, службите да ги пребројат пратениците во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 62 пратеника.

Значи, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, од кои 57 гласале за законот, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за установите.

**Минуваме на точката 25 - Предлог на закон за извршување.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 17 став 2, член 25 став 2, член 31 став 2, член 34 ставови 5 и 7, член 38 став 2 алинеја 5, член 39 став 1, член 54 став 3, точка ѕ), точка 59 став 3 за менување на Законот пред член 60, член 60 ставови 4 и 5, член 61 став 3 во првата реченица, член 67 став 3, член 68 став 1 точка в) и на став 3, член 75 ставови 1 и 6, член 79 став 2, член 90 за менување на став 2, член 195 став 1 пред член 211 став 2, член 213 став 1, член 216 став 1, член 237 став 2 и на член 240 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесоа амандмани за менување на член 9, член 32 став 4, член 33 ставови 5 и 6, член 34 став 8, член 54 став 3 точка а) и на член 69 став 1.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 7, член 12 став 3 и на член 23 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Амандманот на член 7 се однесува на редоследот на намирувањето на повеќе доверители. Членот 7 зборува за тоа дека повеќе доверители, доверители што ги остваруваат своите парични побарувања спрема ист должник и на ист предмет на извршување, се намируваат по оној ред по кој што стекнале право да се намерат од тој предмет, освен во случаите во кои со овој закон е поинаку определено. Во мојот амандман се нагласува дека треба да се направи промена и наместо да биде "освен во случаите во кои со овој закон е поинаку определено", треба да стои "освен во случаите во кои со закон е поинаку определено". Бидејки, редот на намирување се регулира и со другите закони, како што е Законот за сопственост и други стварни права и Законот за договорен залог. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме?

Гласале 59 пратеници, 6 гласале за, 1 воздржан, 52 против, а во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 9 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Во членот 12 став 3 по зборовите односно во членот 12 став 3 се зборува за неоснованата потврда за извршност со решение дека може да ја укине истиот суд односно орган по предлог или по службена должност. Со амандманот кој што го предлагам, предлагам да се додадат зборовите "неоснованта потврда на извршност на нотарска исправа ќе ја укине суд во постапка по тужба за поништување на потврдата за извршност". Текстот се додава, бидејки дека во овој став не е предвидено ...

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, сега сум предупреден од секретарот дека тоа не е вашиот амандман. Тоа не е членот 12 туку е член 9.

**Силвана Бонева:** Во ред, тоа е членот 9.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој бара збор по член 9 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците? (Никој)

Бидејки, никој не бара збор, а Владата го одби, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 8 за, нема воздржан, 45 против, во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 3 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева, имате збор. Амандманот не се прифати.

**Силвана Бонева:** Текстот кој што предлагам да се додаде е заради тоа што во овој став не е предвиден начинот на поништување на потврда на извршност на нотарската исправа, па соодветно на тоа да не дојде до дилеми во примената, потребно е да се предвиди и текстот кој што го предлагам и кој што треба да гласи: "неоснованата потврда на извршност на нотарска исправа ќе ја укине суд во постапка по тужба за поништување на потврдата за извршност". Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 6 гласале за амандманот, нема воздржани, 53 против амандманот.

Службите нека го утврдат бројот на пратениците, за да бидеме на сигурна страна, на страна на легалитетот.

Во моментот на гласањето беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 23, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот.

Повелете господине.

**Субхи Јакупи**: Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Во членот 23 кој што зборува за средства на извршување, се кажува дека извршување заради остварување на парично побарување може да се изврши само со и наведува што. Мое инсистирање е до колегите пратеници да прифатат дека по правило можат да се извршат, бидејки предложената измена обезбедува флексибилност во сферата на извршувањето на средства, а определувањето на употребата на можни средства на извршување само со закон уште сега, а за во иднина и да не зборуваме, ги ограничува правата на доверителите да можат да бараат извршување на побарувањата и со други средства, кои не се содржани во одредбата во Предлог на законот.

Воведувањето на нови институти во правниот систем на Република Македонија претпоставува можност за определување на други видови средства за извршување во зависност од предметот. Така, уште сега со одредбата е испуштена, а со тоа се ограничува правото на доверителите да можат да бараат како средство за извршување пренос од сметка на сметка на побарувањата од типот на акции, обврзници, сертификати, договори и слично кои што се водат во СДХВ електронски облик. Значи, со амандманот што го предлагам после зборовите на крајот после прописите за платен промет да стои “пренос од сметка на сметка за побарувања кои што се водат во електронски облик и други, чија примена зависи од начинот на остварување на права врз предметот на извршување”. Имено, начинот на остварување на правата по овие побарувања е определен во Законот за хартии од вредност, според кој стекнувањето на права врз таквите побарарувања се врши со правилата на електронска обработка од тој тип на отворање на сметки, пренос од сметка на сметка, водење на сметка за сопственост на акциите, сметка за залог на акции и други. Определувањето дека средствата на извршување кои се дозволуваат, зависат од предметот на извршување, овозможува флексибилност во тој однос и секоја промена со воведување на нов институт во правниот систем на Република Македонија би се опфатиле и тие институти, што оневозможува честа измена на законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 9 гласале за амандманот, нема воздржан, 52 се против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 4 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот.

Повелете господине.

**Субхи Јакупи**: Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 ставовите 5 и 6, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот.

Повелете господине.

**Субхи Јакупи**: Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 8, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине.

**Субхи Јакупи**: Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 3, точка А, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот.

Повелете господине.

**Субхи Јакупи**: Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 69 став 1 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик минситерот.

Повелете господине.

**Субхи Јакупи**: Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине заменик министре имате збор.

Збор има заменик минситерот, а потоа нека се подготви пратеникот Зоран Томиќ.

**Субхи Јакупи**: Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувнаи дами и господа,

Потреба за донесување закон за извршување веќе беше утврдена од страна на Собранието на Република Македонија на 77-та седница,одржана на 29.09.2004 година. Притоа, јасно беше дефинирана крајната цел која што треба да се постигне со овој закон, а тоа е изградување на функционален и ефикасен систем на извршување, на право користење со судска одлука или одлука на управниот орган.

Оценката на состојбите во сферата на извршувањето на извршните исправи беше прикажана уште во фазата кога се утврдуваше Предлог за донесување на закон. Постојните состојби се прикажани во образложението на текстот на законот, кој што се наоѓа пред вас. Па, во оваа прилика не би сакал повторно да се занимаваме со изнесените податоци, но ќе ја искористиме можноста да нагласам само трендот на постојниот пораст на бројот на незавршените извршни предмети, таканаречените заостанати, кој заклучно со 31.12.2004 година изнесуваа 291.270 иљјади предмети. Причината за постојниот пораст на незавршените извршни предмети, исто така, ви е прикажано во текстот на образложението кон Предлог на законот за извршување, кое што се наоѓа пред вас. Повторно сметам дека е нецелисходно да се осврнуваме на нив во ова мое кратко воведно излагање.

Вака големиот број на нерешени предмети, укажува на системски проблем во постојниот закон за извршна постапка. Евидентно е дека тој закон онака како што е интерпретиран и примен, не може во никој случај да ги исполни потребите на пазарната економија во земјата, ниту пак да привлече странски капитал.

Чувствувам за потреба во оваа прилика да ја нагласам околноста дека сферата на извршување на правосилни судски и конечни управни одлуки и заштитени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи, што во текот на 2004 година резултираше со голем број на предмети пред Европскиот суд за човекови права против Владата на Република Македонија токму од сферата на разумно постапување пред домашните судови. Вака прикажаната состојба во сферата на извршувањето е една страна, а од друга страна определбата на Владата на Република Македонија за создавање на ефикасен правен систем, кој пак беше утврден во Стратегијата за реформа на правосудниот систем.И, ориентацијата на Република Македонија за полноправно членство во Еврпска унија како неминовност ја наметна токму потребата од зголемување на ефикасноста на извршувањето на судските пресуди од областа на граѓанското и трговското право.

Предлог законот за извршување е систематизиран во 240 одредби групирани во три дела со 28 глави. Значајна новина во Предлог законот е системската поставеност на законот. Називот на законот се менува и тоа од законот за извршна постапка, во закон за извршување. Ова, пред се, со цел да се надмине проблемот што го создаваше терминот постапка. Со ова на јавноста би требало да и стане јасно дека законот за извршување не претпоставува повторна постапка, туку едноставно извршување на веќе еднаш донесена судска одлука. Комплетно се напушта институтот на дозволување на извршување од страна на судовите. Еднаш донесената правосилна судска и конечна управна одлука, а за која истекол рокот за доброволно исполнување на обврската утврдена во неа, станува извршна исправа, која што доверителот ја предава на извршителот по свој сопствен избор, кој ја извршува на начин на кој што тој смета дека е најсоодветен.

Голема новина е и тоа што веродостојните исправи се исклучени од системот на извршните исправи. Ова се должи на фактот дека само незначителен број на решенија за извршување донесени врз основа на веродостојна исправа фактички се извршува. Најголем број од нив беа приговарани од должниците, а по поднесувањето на приговорот, странките се упатуваат на парница. По завршувањето на долгогодишните парници, доверителите повторно започнуваат извршна постапка, но овој пат врз основа на правосилна судска одлука. Заради тоа, извршната постапка врз основа на веродостојност, исправи, најчесто само уште повеќе го одложувале процесот на наплата на фактурите на доверителите. Со оглед на фактот дека во овој Предлог на закон се извршуваат само извршни судски одлуки, се оцени дека најцелисходно е веродостојните исправи да се исклучуваат од системот на извршни исправи.

Со законот се прифаќа системот на извршители, кој со години наназад постои и ефикасно функционирање во повеќе западно-европски земји, а од 1998 година и во Република Словенија, која пак ја имаше за основа истоветниот правен систем како и Република Македонија.

Извршителите претставуваат лица што вршат јавни овластувања и се наоѓаат надвор од судовите. Тие во вид на професија целосно го преземаат извршувањето на извршните исправи наброени во Предлог законот. Извршителите ги именува министерот за правда, врз основа на

конкурс, а од листата на лица кои го положиле стручниот испит за извршител и кој исполнува други бројни услови. Извршителите подлежат на редовен надзор врз работата од страна на Министерството за правда, на дисциплинска одговорност пред надлежната комисија, а задолжително мора да имаат и осигурување од штети. Извршителите подлежат на континуирана едукација при вршењето на извршните дејствија во работата им помагаат заменици извршители и помошници извршители, кои ги избира од листата на лицата кои ги исполнуваат критериумите да бидат извршители. Извршителите задолжително се организираат во комора, која се грижи извршителите да ги вршат своите овластувања совесно и во согласност со закон. Извршители се именуваат за подрачјата на одреден основен суд, заради поедноставна евиденција и контрола врз нивната работа. Но, извршните дејствија може да ги преземе на територијата на целата земја. За извршените дејствија, извршителите имаат право да наплатат награда според тарифа која на предлог на Комората ќе ја пропише минситерот за правда.

Во законот децидно се наброени извршните дејствија што може да ги преземе извршителот, а меѓу нив револуционерна е можноста тој да ја врши доставата на судот писмено, како и правото да врши легитимирање на странките и учесниците во извршувањето.

Новина се воведе и во времето на извршувањето, кое што сега ќе може да се изврши секојдневно од 6 до 21 часот. Едновремено со овој закон целосно е одземена можноста за одложување на извршувањата заради поднесени приговори и жалби од страна на должникот, но се водеше сметка за тоа должникот да не остане без никаква заштита при неправилности во извршувањата. Должникот може да поднесе приговор само заради неправилности при извршувањето, а не како до сега да ја оспорува извршната исправа. Приговорт може да го поднесе во рок од три дена од направената неправилност при извршувањето до претседателот на Основниот суд, кој пак е должен во рок од три дена да одлучи по поднесениот приговор. Извршувањето може да се одложи само по барање на доверителот за определено време, а најмалку до 30 дена. Одложувањето е можно да се побара најмалку двапати, бидејки извршителот по трето барање за одлагање постапка, ја запира. Можно е одлагање и од страна на претседателот на судот, кој одлучува понерпавилности при извршувањето. Барањето само еднаш можат да го истакнат странките, но претседателот на судот одложувањето го условува со депонирање на гаранција. Лимитирани се подвижните предмети, кој можат да бидат изземени од извршувањето. Тоа с еограничува само на оние предмети кои се нужно потребни за задолжувањето на основните потреби, а кај земјоделците и занаетчиите само на оној добиток, алати или земјоделски машини, неопходни за одржување на земјоделското стопанство или на занаетчиската дејнсот. Новина е внесена и во одредбите која се однесува на посебнит еодредби за извршување врз името на правните лица, заради наплата на парично побарување. Имено, се предвидува спроведување на извршувањето да се врши и од сите расположливи средства на должникот, а не како до сега само од неговата жиро семтка. Наедно, се воспоставува и униформиран налог за извршување со цел да им се поедностави на носителите на платниот промет да го спроведат преносот на средства од сметка на должникот на сметката на доверителот, а прецизиран е и начино тна пренос на средства од трезорскиот систем.

Востановена е прецизна постапка на извршување спрема солидарниот должник. Во сверата на извршување на недвижности утврдени се прецизирани рокови и постапки за поединечните извршни дејствија на проценката, продажба и продавање на недвижности, а предвидена е и заштита на купувачот од евентуални поништувања на заклучокот за продажба на недвижности.

Новини се предвидени и кај обврската на дејствието, трпењето или неостварувањето. Имено, драстично се зголемува можноста судот во рок од 48 часа по предлог на извршителот да изрече парична казна за должниците кои не вршат дејствија кое што може само тие да го извршат. При ситуација на еднаш извршено, па повторно извршено пореметување на посед, доверителот дирекно да се обрати кај извршителот и да бара повторно спроведување на извршувањето.

Голема новина во овој Предлог закон е тоа што сосема е исклучен делот за постапката за обезбедување од постојниот закон односно она што значеше заложно право врз недвижни и подвижни предмети, претходни мерки и привремени мерки од причина што нивното место не соодветствува на концептот на овој закон за извршување. Таквите мерки неминовно се врзани за судски одлуки, што претпоставува и постапка пред суд, а овој Предлог закон едноставно не содржи никакви судски постапки.

Од друга страна голем дел од постапката за обезбедување всушност ја засега парничната постапка заради што изработката на новиот закон за парнична постапка кој во многу скоро време ќе се најде пред вас, ќе се води сметка делот за обезбедување да се инкорпорира во него. Доколку тоа не е можно ќе се премине кон подготовка на следен законски текст кој ја регулира сферата на привремените и претходните мерки како мерки на обезбедување на побарувањето.

Во Предлог законот за извршување е предвидена одложена примена за една година сметано од денот на донесувањето со цел да се остави доволно временски простор за подготовка на подзаконските акти што произлегуваат од овој закон. Да се осмисли и реализира испитот за извршители, да се именуваат првите извршители на кој ќе им остават доволно време да се

организираат и да започнат со ефикасна примена на овој закон.

Текстот на Предлог законот беше доставен на мислење до сите судови во земјата, а по него одржани и неколку тркалезни маси и работни средби со извршините судии од целата земја, претставници од банките како носители од платниот промет, вклучувајќи ја тука и Народната банка на Република Македонија како централна банка која го обединува целиот систем на платниот промет. Претставниците од осигурителните друштва кои го преземаат осигурувањето од штети направени од страна на извршителите, адвокатите и нотарите како професии кои најчесто имаат контакти со извршната проблематика и би сакал да го нагласам фактот дека Предлог законот беше прифатен со огромно задоволство.

На крајот ќе укажам и на фактот дека при изработката на тексто кој што е пред вас учествуваа и странските експерти од Европската унија кои ги поздравија и позитивно ги оценија новините кои што ги донесува овој Предлог за донесување на закон со кој на конкретно нов начин се регулира сферата на извршување на судски пресуди од граѓанската сфера.

Врз основа на сето ова изнесено ве повикувам да го прифатите овој Предлог закон за извршување, со што Република Македонија ќе создаде ефикасен систем за извршување на судски пресуди од граѓанската сфера и ќе се создаде уште еден дел во правната рамка во кој сите заедно ја гледаме Република Македонија на патот кон Европската унија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Овој пат господине заменик малку низ прсти ви прогледав, бидејќи вие не сте пратеник, Деловникот можеби не го знаете, ова е текст на закон, не е обраќање. Но, ќе се научите, и од ваша страна.

Повелете господине Томиќ, имате збор.

**Зоран Томиќ:** Почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Господине претседателе, најпрвин би сакал да ја поздравам работната група која се наоѓа тука во Собранието и скоро една година ако не и повеќе работеше на овој извонреден текст на закон кој се наоѓа пред нас и самата нивна присутност зборува за сериозноста на пристапот на изготвување на Законот за извршување. И, веднаш би поминал по она што пред малку го кажавте господине претседателе, а тоа е самата постапка по текстот на законот.

Самиот назив односно името дека ова е Закон за извршување, а не Закон за извршна постапка, говори за следното: дека нема втора или поинаква друга постапка при процесот на извршување и зошто е овој закон реформатор? Затоа што сега за прв пат се случува ние конкретно да имаме институт дозволување на извршувањето да биде напуштено. Самиот институт дозволување на извршувањето да биде напуштено значи дека имаме извршна правосилна судска одлука која во рок се предвидува доброволно да биде исполнет, доколку не биде запазен веднаш се преминува во фаза на извршувањето.

Овде зборуваше и заменик министерот во поглед на веродостојните исправи кои се исклучени од системот на извршни исправи тука воопшто не би се задржувал, меѓутоа би издвоил уште една голема новина, а тоа е воведување на институтот на извршители.

Тоа навистина е една нова новина содржана во членот 31 од овој закон. Што тоа значи би сакал да кажам, да појаснам конкретно. Оние скоро 300 илјади извршни предмети кои седат по нашите судови се иземаат надвор од судството и се доверуваат на извршување на извршителите. Од нашето искуство стекнато со стручните лица и можам да речам дека навистина станува збор за респектибилни стручни лица, пред се, од Холандија.

И, беше појаснето дека извршната канцеларија работи на база, функционира на база на едно мало, на едно мини претпријатие во кое покрај извршителот, покрај она што е предвидено во овој закон дека ќе има заменици, помошници итн. постојат и други лица, лица кои помагаат самата постапка на извршување да биде ефикасна. И, знаете кој е процентот на извршување во Холандија, 85%.

Вистинска новина е во нашиот закон и навистина е за поздравување што се предвидува и можноста извршителот да ја врши и судската достава. И, повторно ќе се вратам со еден конкретен пример, извршителот е доволно да се појави пред судот и да каже само ја извршил доставата, судот е должен да му верува.

Сакам да кажам дека овој закон се вклопува во она што овој Парламент, оваа Влада го преземаат, а тоа е една голема и радикална реформа во правосудниот систем.

Мене ми е многу драго што тука имаме консензус и меѓу опозицијата и меѓу позицијата и низ расправите на сите комисии кои поминаа досега и јас навистина сакам на крај, а со тоа би ја завршил и дискусијата, на оние 300 илјади должници да им посакаме добра вечер, а на сите извршители добро утро, со тоа што извршителите ќе бидат избирани по пат на конкурс.

Сеуште ќе се подготвуваат оние подзаконски акти, дали тоа ќе биде во рок од шест или осум месеци, тоа е во зависност од одредбите како е се предвидено во законот, меѓутоа она што е најбитно, да овој закон и овој систем профункционира и круната на правосудниот систем, а тоа е извршувањето да заживее и во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Му благодарам исто така и на господин Томиќ што во име на Парламентот и во мое име ги

поздравивте учесниците или работната група, еве јас ќе ги поздравам со аплауз бидејќи често странски експерти поздравуваме, еве сега и наши експерти да поздравиме.(Аплауз)

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Давам половина час претседателска пауза, еден час за ручек.

Почнуваме во 15,00 часот, бидејќи многу пратеници учествуваат во работата на комисиите.

(Паузата започна во 13,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,01 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите нека ја замолат Комисијата за надворешни работи, нека направат пауза од половина час, има премногу таму дискутанти, ентузијасти, 2 часа работат.

(по мала пауза седницата продолжи во 15,15 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот)

(Во салата влегуваат и други пратеници)

Сега, во салата се 61 пратеник.

Застанавме до гласањето.

Заклучен е претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 57 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Во салата, како што реков се 61 пратеник.

Констирам дека Собранието го донесе Законот за извршување.

Благодарам господине замениче.

**Минуваме на точката 30 - Предлог за донесување на закон за ограничување на потрошувачка на тутунски производи.**

Предлог за донесување на закон, Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, дописите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за транспорт, врски и екологија и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Само да ве информирам тоа е предлогот пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Најдовски имате збор.

**Слободан Најдовски:** Господине претседател, дами и господо пратеници,

Ќе се обидам да бидам најкраток што може да бидам, не повеќе од 5 минути, бидејќи очекувам не да ве убедам да гласате, бидејќи знам дека нема да го поддржите овој закон, бидејќи е такво Мислењето на Владата, а како добри пратеници секогаш ја слушаме Владата. Само сакам да укажам на грешката што ќе ја направиме ако не го изгласаме овој закон.

Имено, според Мислењето на Владата што го добивте сите вие е кажано дека Владата не го поддржува овој закон од причини што во рамките на Владата, односно на надлежните министерства за здравство и економија се работело на ваков ист или сличен закон.

Токму заради тоа што јас не верувам дека тие ќе го изработат законот до 7 јуни кога треба да стапи претходниот закон, што беше одложен за примена минатата година, затоа го предложив денешниот закон.

На почетокот сакам да ви кажам две работи.

Овој закон што ние го предлагаме со колешката Лилјана Иванова е фактички продолжение на законите што навремено ги предложи пратеникот Никола Поповски 1995 година и со дополнувањата што ги имаа пратениците Славица Станкоска и Иван Анастасовски и во најголем дел опфаќа делови од тие два закони, што значи дека тие два закони биле успешен почеток за изработка на еден ваков закон.

Но, за жал, делови од тие закони, според мене се неприменливи во праксата и предлагам сега да го донесеме и овој закон.

По што се разликува овој закон од тие претходни два, за кои што реков дека се добри закони, дека се основа за изработка на овој закон.

Се разликува, прво, во една најголема разлика, што сите досегашни закони беа предлагани од непушачи или некорисници на тутунски производи. Сега имате можност овој закон да го предложат и го образложува еден од корисниците на тутунски производи, односно го образложува пушач на цигари.

Тоа е првата и најголема разлика.

Втората разлика е што овој закон настојува да ги исправи сите недоследности од претходните два закони, посебно деловите кои што се во спротивност со останатите закони во Република Македонија .

Имено, најголемата разлика помеѓу претходниот и овој закон е во делот на рекламирањето и спонзорирањето.

Со законот кој што треба да стапи на сила на 7 јуни, претходниот кој што беше предложен се забранува рекламирање и спонзорирање од страна на тутунските компании, а од друга страна истовремено во Република Македонија е на важност Закон за безбедност на храната, на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната.

Во тој закон, во член 35 се вели дека рекламирање на тутунски производи како и нивни заштитни знаци множе да се врши само на местата на нивната продажба, а во законот кој

што треба да стапи на 7 јуни за ограничување на потрошувачката на тутунските производи сосема е заврането рекламирањето на тутунските производи односно на цигарите. Јас прашувам од 7 јуни кој закон ќе важи? Дали Законот за безбедност на храна и на производи и материјали што доаѓаат во допир, контакт со храната, или ќе важи другиот закон? Прашувам дали од 7 јуни градежните инспекции ќе се пуштат масовно во погон и да ги преполоват, ние како што народно ги викаме, сите трафики во Република Македонија, бидејќи на сите тие трафики имаме реклама од тутунски производи.

Уште повеќе прашувам дали од 7 јуни и која е таа инспекција што на канал “5” и на останатите сателитски програми ќе им забрани да вршат пренос од трките на формула “1”. Од тие причини ви кажувам дека тој закон е неприменлив.

Ако е неприменлив и ако не можеме да го спроведеме тогаш треба да го поништиме дами и господа, или пак во спротивно ќе кажеме дека имаме добар закон, ама ќе кажеме дека нема да го спроведуваме.

Второ, со тоа нанесувате голема штета на домашната тутунска индустрија.

Следната работа за која што исто така сметам дека треба да се истакне е тоа што во овој закон ние ги дефинираме прво поимите за тутунски производи.

Второ, дефинираме кои се начините на рекламирање и спонзорирање од страна на тутунските индустрии.

Трето, сметаме дека ова е етапниот начин за доаѓање до крајното решение кое што некогаш, после десетина петнаесет години ќе дојде во Република Македонија, во тоа сум убеден, ќе можеме да го спроведеме за целосна забрана или на потрошувачката на тутунските производи. Во спротивно ќе имаме закон кој што ќе биде само на хартија, а нема воопшто во пракса да се применува.

Следното по кое што се разликува овој закон е точно одредено кои се инспекциските служби кои што ќе имаат задолжение за вршење на надзор за спроведувањето на овој закон.

Во сегашниот закон имаме недоречености. Во досегашното решение се вели дека се забранува продажба на тутунски производи поблиску од 50 метри од воспитно образовните институции. Сега јас поставувам прашање, правниците можеби повеќе знаат-кој и како ќе го казне некој ако има на 50 метри од влезната врата на училиште отворено продавница за продажба на тутунски производи, или пак ќе мерите од ќошот на училиштето, на училишниот двор, или пак од улицата која што води во училишниот двор?

Заради тие прецизности ние овде прецизираме прво што точно се подразбира под објектите во кои што се ограничува потрошувачката на тутунски производи. Прецизираме кој ќе го врши инспекцискиот надзор и ги предвидуваме казните кои ќе бидат превземени за прекршителите.

Исто така за разлика од досегашната неможност да се примени во пракса за целосна забрана за пушење во простории каде што се произведува или продава храна, или во ресторанитe, кафаните ние предлагаме да се одреди место кое што ќе биде за непушачи.

Јас ве убедувам, бидете сигурни дека во Република Македонија уште најмалку пет години нема да доживеете да имате ресторани во кои што целосно ќе биде забраната употребата на тутунски производи. Ако сакаме ние само да се покажеме дека тоа можеме ние на хартија да го напишеме, а во пракса да не го спроведеме тоа ќе можеме.

На крајот, бидејќи го знам исходот од гласањето сакам да ви укажам уште еднаш дека ние намерно предложивме овој закон да биде во две фази имајќи го предвид за да можеме во наредна фаза да ги прифатиме вашите забелешки и си оставаме простор да го повлечеме законот ако Владата навистина предложи квалитетно решение.

Затоа еднаш бидете пратеници, покажете дека Владата ни даде погрешно мислење, изгласајте го во прва фаза.

Со оглед на тоа дека не верувам дека ќе го изгласате за на 18 и 19 ви предложивме уште еден закон, за да ви укажеме на можностите како треба да се спроведуваат законите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Најдовски.

Што се однесува до мене аргументот дека пушач го предлага овој закон е навистина силен, само евентуално ако се усвои овој закон ве молам немојте да се откажувате од пушењето, бидејќи вие сте пушач и тоа полош од самите пушачи.

Молам, кој бара збор?

Господине Ѓорчев имате збор.

**Марјан Ѓорчев:** Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на својата седница оцени дека предложениот закон е од општ заеднички интерес на граѓаните, меѓутоа оцени дека со оглед на тоа што основниот носечки Закон, Законот за тутун и производи од тутунски преработки не е донесен, па некако овој закон изгледа дека е предвремен. Во таа насока се дискутираше на Комисијата, дека е подобро можеби да се направи модификација со временската важност на постоечкиот Закон за ограничување на пушењето во одредени јавни места и на каков начин Комисијата иако во начело го подржа овој закон смета дека би требало пред се овој закон во ваква форма како што е предложен да биде последица односно да се донесе после носечките закони за тутун и тутунски преработки.

Тоа е ставот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

(пратениците влегуваат во салата)

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи.

Второ, предлагачите на законот, пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Ивановска да изготват и на Собранието да му достават Предлог на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи, при што ќе ги имаат предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до предлагачите на овој закон, пратениците Слободан Најдовски и Лилјана Иванова.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, од кои 22 гласале за, 7 воздржани и 31 против.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклуч!ок.

**Минуваме на точката 31 - Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија**

Предлагачи се пратениците Спиро Мавровски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајновски, Марјан Ѓорчев, Ванчо Стаменков и Орданчо Тасев.

Предлогот на одлуката за распишување на референдум во Република Македонија, мислењето на Владата и дописот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека согласно член 73 став 1 од Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија одлучува за распишување на референдум за оделни прашања од својата надлежност со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ве молам кој бара збор?

Господине Мавровски повелете, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам колеги, еве ќе ја искористам приликата да ве повикам повторно како пратеници, бидејќи ова е директно обраќање до вас да ја донесеме одлуката за распишување на референдум, со тоа што ние како законодавен дом тоа право го имаме, тоа право го имаме според Законот за референдум и граѓанска иницијатива од 1998 година, на која што се повикувам како пратеник и пратениците кои што се придружија на овој предлог.

Прво, жал ми е што господинот Најдовски, законот помина како што помина, нашата пратеничка група даде максимална подршка, но во секој случај очекувам, ова е нешто посериозно за кое што последните неколку години се расправа за еден објект кој што е од големо значење за Република Македонија , морам да кажам и една забелешка до претседателот на Собранието. Оваа одлука за распишување на референдум во Република Македонија беше доставена до вас како пратеници и до претседателот на Собранието на 16.02.2005 година. Денеска сме 5 мај, значи без малку цели три месеци 90 дена од поднесувањето и барањето за распишување на референдум во Република Македонија.

Тоа е првата страна од ова што го кажавме, но од друга страна можеби ова барање за распишување референдум предизвика една бура кај нашите експертски тимови, кај стручната јавност, кај луѓето кои се вработени во Електростопанство на Македонија и меѓу време од она што значеше едно чмаење, нешто за кое што тука неколку пати разговаравме во однос на некои кредити, во однос на некоја трансформација, во однос на некој закон кој што сега тој закон е пред вас. Токму со овој референдум бараме и граѓаните да се изјаснат по ова прашање. Некој ќе каже дека еве референдумот сам по себе треба да однесе некои средства и токму поради тоа се слушаат гласови, ние како пратеници да не си дозволиме да се потрошат овие средства. Не знам, колку што го разбрав претседателот на Собранието, тоа биле некаде околу 2 милиони евра. Но, од друга страна нешто симптоматично што меѓу време се случи каде што имаме генерално покажување на вредноста на Електростопанство на Македонија со бројки и букви извадено во Службен весник на Република Македонија, од она што во 2002 година го говореше тогашната опозиција, од 2.670 милиони долари сегашната вредност е прикажана во Службен весник број 92 од 27 декември 2004 година. Во истиот стои дека во Статутот на Електростопанство на Македонија, А.Д. за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија во државна сопственост - Скопје, со скратено име АД ЕСМ, Глава 4, износ на основната главнина, номинална вредност на акциите и нивниот број, права, обврски, ограничување и погодности.

Членот 7, основниот капитал на друштвото изнесува 38.845.188 илјади денари или за полесно да ја свати македонската јавност 632.472.369 евра. Значи, вредноста на Електростопанство на Македонија, на она што значи производство и дистрибуција, се сведе на

бројката од 632 милиони евра. Значи, тоа е првото и она за кое што толку многу во Законот за преобразба на ЕСМ кажувавме дека се случува нешто што друштвото се дели на две. Едното останува во државна сопственост. Значи, имаме државна сопственост и тоа претпријатие и во истиот овој Службен весник се донесува и Статутот на операторот на електроенергетскиот систем на Македонија АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје, каде што повторно во Глава 4 член 7 стои дека основниот капитал на друштвото изнесува 3 милијарди 59 милиони и 393 илјади денари. Или, за подобро да ги разбереме работите 49 милиони и 807 илјади евра. Значи, кога ќе направиме една пропорција меѓу овие 622 милиони, за кои што апсолутно не се сложувам дека може да биде толку, сигурно вредноста е многу поголема од ова што е тука прикажана и овие 49 милиони кои остануваат во државна сопственост, доаѓаме до една бројка и еден износ не е ни 10% од она што ја има вкупната вредност ЕСМ. Значи, тоа што државата успеа да го задржи во сопственост е помалку од 10%, а ние кажувавме дека ги делиме на две друштва, кои ќе функционираат и кои што преносот ќе ги носи средствата и парите, со кои што меѓувреме Република Македонија и ние како Собрание се задолживме и кажавме дека гарант за сите овие средства ќе биде токму Владата на Република Македонија, што значи од буџетски средства ќе треба да ги издвоиме и да ги платиме овие пари.

Првата забелешка до претседателот на Собранието беше овој референдум, мислам дека е членот 20 од овој Закон за референдум и граѓанска иницијатива, кој што гласи: “Собранието е должно да одлучува во рок од 30 дена од поднесувањето на предлогот за распишување на законодавен референдум. Одлуката за распишување на законодавниот референдум се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници”. Значи ова е пропуштено и кажав дека уште малку ќе имаме 90 дена од поднесувањето на ова барање. И во почетокот на оваа седница, која што веќе еве десет дена расправаме на истата, каде што пратениците на ДПА веќе го напуштија парламентарниот дом, мислам дека требаше да се најде доблест и оваа точка да се стави меѓу првите, за да задржиме барем некој временски рок ако имаше некое оправдување и ако воопшто оправдување можат да бидат локалните избори во однос на ова што е пред нас и во однос на она што значи приватизација на ЕСМ.

Јас би сакал да проговорам за повеќе работи зошто е овој референдум. Го имате пред вас образложението, но сигурно многу од вас после два ипол месеци и ги немате пред себе ова барање за одлука за референдум. Мислам дека она што значеше одлука за да се донесе референдум, тоа е важноста и начинот на кој што капиталот на ЕСМ се создавал години наназад и начинот на кој што истиот се сака да се продаде. Значи, меѓувреме од донесувањето на тој закон за преобразба, каде што токму тој закон за преобразба ние можеме да го ставиме на референдум и разгледување, како референдумско прашање по кое што граѓаните ќе треба да се изјаснат, говоревме многу. Кажавме дека тој закон од 11 члена, го има членот 7, кој што член го објаснува, барем така вие кажувавте тогаш, начинот на кој што ЕСМ ќе се продаде. Е, сега, меѓувреме пошто кажавте дека и премиерот го кажал истото дека ова е најтранспарентен начин на кој што досега нештото се направило и дека ваква приватизација до сега не била и нема ни да биде, јас ќе се обидам заедно со граѓаните на Република Македонија, да ја направиме таква каква што треба да биде. Значи да биде транспарентна и работите да се кажуваат во старт. Јас не би сакал сега во оваа прво обраќање да говорам за она што го говореше тогашната опозиција во 2002 година и како се бранеше тогашниот кредит од 45 милиони евра од Европската банка за обнова и развој, со кој што кредит тогашната влада требаше да се подготви за претприватизација. Ние таков закон донесовме и тие средства се одобрени, каде што гарант е Република Македонија и на наше пратеничко прашање министерот за финансии кажа дека првата транша од тие пари се наоѓаат во Народна банка и тука апсолутно биле сигурни. Значи, покриена е некоја буџетска дупка и парите стојат токму таму. Е, сега, тоа за него е добро, но мислам дека кредитот беше баран и требаше да биде добиен за претприватизација, да се спреми одреден објект или објекти, да донесеме во ситуација она што значат средства, она што значи продажба на ЕСМ да го подигнеме нивото и значењето кое што ќе го има и со тоа да постигнеме поголема цена. Во старт, ова што Владата го донесе како одлука, мислам дека апсолутно не кореспондира со вистинската вредност на ЕСМ, за кое повторно ќе кажете дека нејзината вредност ќе се добие токму на тендер и пазарот ќе одлучи колку пари можеме да добиеме од ЕСМ. Но, се случува нешто друго. Се случува нешто што во првите моменти многу симптоматично, почувајќи од генералниот директор на ЕСМ, од министерот за економија, кој е веќе трет по ред во овие три години, кој се занимава со продажбата на ЕСМ и сметам дека човекот ни крив ни должен ќе го доведеме во ситуација да биде токму тој оној што ќе треба да го продава ЕСМ. Човекот дали воопшто и го посетил некогаш ЕСМ, тоа е негов проблем, но сега е тој водачот на овој процес кој треба да го заврши. Значи, во старт господинот Лазаров и господинот министер за економија цело време кажуваа дека ние всушност сме принудени да ја извршиме таа приватизација и дека тоа е чекор кон Европската Унија и кон НАТО структурите. Но, после неколку одржани експертски трибини и различни мислења од луѓе кои се од фелата, испадна нешто друго. Испадна дека тоа што ние го знаевме го кажавме уште многу порано дека приватизацијата апсолутно не е услов за

Република Македонија да влезе ни во Европската Унија, а уште помалку во НАТО структурите. И, сега, имаме ретерирање дека ете тоа ќе биде најдобро, пакетот да биде 51%, така ќе постигнеме поголема цена, но очекувањата за 300 милиони, ако е нешто цена со толку непознаници, мислам дека апсолутно не претставува ниту цена, ниту пак има некоја визија што, кога и како ќе се прави и што и како, кога ќе се продава. Мислам дека сето она што некој цело време се обидува да го каже дека има некои акциони планови, некои пресметки, паѓаат во вода, затоа што после секое собирање на вакви експертски тимови гледаме дека тој план ако го имало и ако Владата цврсто стои на тој став, апсолутно треба да се придржува на тоа и да ги преземе сите консеквенци и дека таа е таа што ќе каже. Но, во оваа ситуација сега доаѓаме дека после првата интервенција дека хидроцентралите не се тие што треба да се продаваат, јас не знам, еве денес требаше, а и пред велигденските празници да се одржи некој состанок на Владата на Република Македонија, но за жал, а можеби на некои за среќа се одложи, така што денес повторно требаше да има таква седница на која што премиерот ќе проговори за она што значи мислење од Светската банка, мислење од експертите и дека хидроценталите во овој момент апсолутно ќе останат под јурисдикција на претпријатието МЕПС. Значи, во самата поделба имаме нешто проблематично. Имаме проблематично затоа што тогаш при преобразбата се обидовме да кажеме дека секој, еве сега стручно ќе кажам она што значи регулатор, она што значи пазар, оној што ќе увезува и оној што ќе треба да ја регулира електричнате енергија во Република Македонија, апсолутно му се потребни хидроелектрани. Ако тој ги нема хидроелектраните, се носи во ситуација да донесеме до распад на системот ако во тој момент апсолутно на пазарот нема енергија од каде што ќе можеме да повлечеме, за кое што понатаму ќе проговориме и ќе ни стане многу јасно дека Република Македонија со ова што сега го произведува и она што го планира понатаму, апсолутно доаѓаме во една ситуација во која што енергетскиот комплекс, енергетскиот систем ќе го доведеме во ситуација да ја загрозиме цела Република Македонија, без разлика кој е на власт. Ова е еден сектор за кој што сите треба да понесеме одговорност и да размислуваме малку понапред. Десет години во енергетиката, кажав уште кога дојдов во ова Собрание, дека се како една година. Еве, поминаа три години и јас незнам, вие можеби знаете меѓу време кој енергетски објект е направен, со колку енергија Република Македонија располага повеќе или кој е планот за наредните седум години колку што се предвидува или осум години за ЕСМ, РЕК Битола да испадне. Систем со овој рудник што сега го имаме, а другиот тешко дека ќе го отвориме во меѓувреме, што ќе се случи тогаш. Што ќе се случи деновиве бевме сведоци сите, она што 2002 година на големи ѕвона тука во Собранието на Република Македонија и почетокот на 2003, вие како позиција веќе го кажувавте дека увозот на електрична енергија од некаде 9 милиони евра е најголемото перење на пари што се случило во историјата на Република Македонија. Сега, што да кажеме за минатата година имаме 35 милиони евра увоз, а за оваа година господа, 80 милиони евра. Цели 2 милјарди 330 милиони киловат саати електрична енергија Република Македонија треба да увезе. За тоа треба да се плати во кеш повеќе од 80 милиони ебра. Тоа е моменталната ситуација. Што ќе се случува понатаму, кога ќе се вклучат некои други за кои претпоставуваме сите и очекуваме производни капацитети кои што ќе работат со поголем интензитет, што и кога кога сега Електростопанство на Македонија и генералниот директор и комплетното електростопанство кажува дека во месец декември имаме негде 10% помалку електрична енергија која што многу тешко ќе ја најдеме на пазарот и тешко ќе ја увеземе, затоа што ако имаше ќе ја купевме. Сега, значи ја нема. Ќе дојдеме во ситуација ова што го кажувавме, едноставно некој го кажува многу лесно како Термоцентралата Неготино ќе ја вклучиме и тука ќе го решиме проблемот. Е сега тоа вклучување на Термоцентралата Неготино може да биде малку потешко, не само што производната цена е дупло поголема, туку во основа тој капацитет кој што досега се чува како резерва, мислам дека може да се јават и големи проблеми во самото стартирање. Е сега, кажуваме средства за производство кој што ќе ги добиеме од овие, продажба на Електростопанство на Македонија и дека во однос на ова овие средства ќе бидат за финансирање на разни развојни проекти со кои што понатаму Република Македонија ќе ја донесеме во една поповолна ситуација.

Господа, од ова што досега го говоревме и ова што вие го знаете, некој можеби подобро од мене, кажуваме дека 51% од Електростопанство на Македонија, од ова производство ќе биде приватизирано како пакет.Значи, производство и дистрибуција. Тоа е првото. Во меѓувреме зедовме кредит, 45 милиони евра за претприватизациониот период,тие 45 милиони може да донесат во просек акции од 15 до 20% и како што му се вети на вработените, како што пишуваше и во законот апсолутно не е ништо кажано господа. Можеби денеска премиерот ќе проговори, уште 10% за вработените и кога ќе ги соберите доаѓаме негде до 75-80% од Електростопанство на Македонија веќе е продадено.

Е сега, јас ќе прашам. Во моментот имаме кредити кој што ние тука сите како пратеници ги изгласавме и се потпишавме, едниот од нив е 53 милиони за она што значеше дистрибутивната мрежа која што сакавме и преносниот систем кој што сакаме да ја продадеме. Значи за дистрибутивниот систем кажавме дека трафостаницата за Скопје 5 беше направена, веќе имаше отворање, после тоа ние зедовме кредит од 13 милиони. Но симптоматично е нешто друго. Овие 45 милиони 2002 се бараа за она што

значеше правење на далекуводот 400 киловолтен далекувод од Дуброво до Штип.И тогаш сите вие искажавте, не мислам сите вие, многу од вас не беа тука некој од колегите кои што беа тогаш, кажавте дека апсолутно е невозможно со тие пари, со тие средства што ќе се земат да направи тој далекувод и како ќе функционира, тие пари треба да бидат за перење за предизбори, за избори, дека има приватни сметки во Будимпешта, во Швајцарија, незнам каде на кој места, ама тие пари не се зедоа.

Но, за среќа на Република Македонија тој далекувод од Дуброво до Штип се направи. Е сега, ние зедовме да бидеме гарант како Собрание за наредни 40 милиони за далекуводот од Штип до Червена Могила во Бугарија. Го зедовме и оној дел што треба да биде во Република Бугарија дека ќе го изградиме ние, за возврат ќе ни биде платено со електрична енергија и другите средства ќе треба да ги враќа Електростопанство на Македонија.

Господа, денеска е 5 мај, сеуште тендер за таква работ нема распишано. Помина една година од кај што ги зедовме тие средства. За што се работи и апсолутно не знам. Можеби вие знаете подобро, најдобро знае главата, и ќе биди добро да направиме една седница повторно да проговориме за Електростопанство на Македонија во присуство на генералниот директор, на министерот за економија и едноставно да добиеме една престава и вие, пред се, и граѓаните на Република Македонија до каде се работите во ЕСМ.

Затоа што овој начин како што сега функционира, апсолутно е некоректно по една година и нешто, а велиме дека се брзаме, треба да имаме 400 киловолтно поврзување со Бугарија, претстои либерализација на пазарот што е основен предуслов за кој што треба да говориме, а не приватизацијата, значи либерализација, а ние не сме поврзани. Значи, останува само оската Север -Југ. Она што требаше да биде готово и сега ќе немаше проблеми, а во законот стои дека средствата кои што Република Македонија ќе треба да ги добие од Бугарија во износ од некаде 15 милијони, ако не се лажам и 250 илјади евра беа, дека тие средства ќе бидат платени од бугарското електростопанство со тоа што во наредните 18 месеци ќе ни испорачуваат електрична енергија. И, тука се ќе завршеше.

Сега или не ќе можеме да го најдеме оној кој што ќе го направи сето тоа, или пак не можеме да го најдеме нашиот човек кој што ќе го направи сето тоа, но во секој случај работите застанаа. Кредитот стои една година апсолутно не е ништо направено. Без кредит се направи далековод од Дуброво до Штип, од Штип натаму не може да мрдне. Зошто и како можеби некој друг ќе ни каже.

И, сега, над сето ова, ние претендираме да бидеме кандидат за член на Европската унија ни се пуштени прашалници и во тие прашалници ние одговоривме што понатаму со енергетскиот сектор. И, вонего кажавме дека развој во енергетскиот сектор за две години се предвидени 587 милијони евра. Господа ако ние очекуваме 300 милиони евра од Електростопанство, јас ќе ве прашам од каде 587 милијони евра, со тоа што за производство ќе бидат потрошени 444 милијони евра. Значи, во овие две години Термотопланата 137 милијони евра, за таа термотоплана сите бевме овде сведоци уште 2002 година кога се кажа и генералниот директор на Електростопанство јавно ни кажа дека 2003, 2004 година ние веќе ќе имаме производство и ќе имаме начин на кој што ќе добиеме уште 110 мегавати инсталирана електрична енергија.

Од сето тоа нема ни договор, нема ни план, нема ништо. И, тогаш го велевме истото, и сега остана истото. Значи, Бошков мост 70 милијони евра. Претходниот министер, сега е министер за труд и социјала, а тогаш минситер за економија господинот Стефче Јакимовски, пред сите нас кажа дека ќе има заинтересирани клиенти од Малезија кои што ќе дадат 2 милијарди инвестиција. Бошков мост за нив е ништо, тие пари се дадени, да видиме за други инвестициони проекции, енергетика, банки и незнам што уште друго ветуваше, но наеднаш овие господа од Малезија ги снема и повеќе никој не слушна дали дојдоа уште еднаш да прашаат, дали има Бошков мост и дали знаеа за Бошков мост.

И, сега одеднаш се се смири, никој повеќе не зборува ни за Бошков мост, сега ќе распишуваме тендер и ќе бараме партнер кој што ќе земе да го работи Бошков мост. Останатите 143 милијони евра за 450 мали хидроелектрани.

Господа, сега имам едно прашање, како ние функционираме и како работиме, кога имавме одобрени кредити, кога можевме да направиме такви мали хидроелектрани, ние, на крајот на краиштата, цела работа ја оставивме. Од Шпанија ги добивме тие средства, можеше да се нарпави, но некој проценил дека тоа е нешто поскапо и дека за два до три милијони евра државата апсолутно не е заинтересирана да добие 7,5 или 10 мегавати инсталирана електрична моќ. Кога државата не може да одлучи за два или три милијони евра, јас ја прашувам како ќе одлучиме за комплетно Електростопанство, кога не можеме за една мала хидроелктрана со 10 мегавати. Мислам дека тука е основниот проблем.

Има многу прашања за кои Владата должи одговор, не само нас како на пратеници, туку и на граѓаните на Република Македонија и очекува во најскоро време, и покрај тоа што има некои најави дека Владата ќе биде заинтересирана и ќе дојде во ситуација да го слуша гласот на народот и гласот на она што значи експертски тимови, но пред се, од Светската банка.

Светската банка и експертите од Европската унија кои што се одговорни за легислативата во Европската унија, еден од нив господинот Франц Конефелд кажува дали либерализацијата може да оди заедно со приватизацијата. Кусиот одговор вели дека не е неопходно. Европската комисија има јасно ставено до знаење дека секоја од

земјите членки има избор да си избере сама дали ќе се приватизира или не. Ако решите да приватизирате, клучно е прашањето за воведување конкуренција на пазарот. Во тој случај потребни се силни регулатори на пазарот, енергетска управа и управа за конкуренција.

Ова што сега ни се нуди господа и ова што сега го гледаме, така елегантно од господата кои што работат во таа регулаторна комисија, која што треба да биде регулаторно тело со стручни лица, јас кажав дека тоа е паралелна влада на онаа што постои и тие се најодговорните што треба да донесат и да кажат што и како ќе функционира енергетскиот сектор понатаму.

Кај нас што се случува. Кај нас се случува, прво, самото бирање на она што значи регулаторна комисија, се случи на еден таков начин, говоревме многу на таа седница, но се чини малку кој ме слушна, сега доаѓаме во ситуација повторно да проговориме за тие луѓе. Ако некој е од населба Дреновец и ако има возачка дозвола Б категорија да биде член на таа регулаторна комисија значи, тогашните замерки, јас кажав експерти, експерти многу лесно се употребува тој збор, но експертите се гледаат сега затоа што направивме поделба на две претпријатија Мепсо и АД за производство, а од друга страна немаме тарифен систем во кој што овие две претрпиајтија ќе работат.

Јас незнам каква е сега оваа ситуација, Мепсо работи, дури кажува дека има инвестиции, дека ќе работи, а од друга страна апсолутно не е дефиниран тарифниот систем и тука имаме голем проблем. Тарифниот систем значи не функционира, не е определена тарифата, но од друга страна, имате нешто што, незнам, можеби некој од вас, господинот Макрадули бидејќи е професор можеби и ќе се обиде да ни објасни оти цената на електричната енергија, јас би ја покажал, а тука има многу технички лица, ова е тоа што е овде извадено како процес за определување секој самиот да дефинира колку ќе биде покачувањето на електричната енергија.

Пред вас не се оние плакати од порано, ова е чиста информација од регулаторната комисија која ми кажува за колку ќе се зголеми електричната енергија. За колку ќе се зголеми јас незнам, можам само да ви кажам нешто што во меѓувреме се слуша од она што значи работење на оваа комисија, кажувањето на господата колку ќе биде цената на електричната енергија. Од една страна ни се кажува нешто, претседателот на таа комисија господинот Славе Ивановски вели, преамбициозно е да се зборува дека цената на струјата ќе се зголеми неколку пати, тоа нема да се знае се додека не се утврди фактичката вредност на двете фирми што ќе произлезат од ЕСМ. Ќе се заштитат тие што трошат минимално струја, дури до намалување на крајните сметки.

Јас сега прашувам, дали и оние што не можат да трошат дали ќе остане нешто како нив да бидат социјални случаи или не. Владата прво кажа, многу јасно и децидно се изјасни дека ова што ќе го нарпави како цена, апсолутно цената на електричната енергија повеќе нема да биде вклучено во она што значи социјална категорија.

Веднаш после тоа една наша колешка експерт во тој тим за продажба на Електростопанство на Македонија кажува дека и после приватизацијата електричната енергија ќе биде социјален случај, значи повторно ќе се разгледува на Влада и некаде до 70% од вредноста државата ќе успее да плаќа за социјалните случаи.

Јас не разбрав дали е ова првото, или е второто. Дали нема да биде социјална категорија или ќе биде социјална категорија и тоа треба да им се каже на граѓаните на Република Македонија да знаат што понатаму треба да очекуваат. Дали ќе има покачување, дали ќе биде 20%, дали ќе биде двапати, дали ќе биде трипати или незнам колку, затоа што после покажувањето на електричната енергија, господа, сите сме тука паметни луѓе, нормално е да се очекува една голема инфлација затоа што струјата учествува со одреден процент во вкупните производи што се произведуваат во Република Македонија. Животниот стандард на граѓаните во моментот е нешто што апсолутно е прав шок за сите оние што очекуваат после 15.09.2002 година кога ветивте дека ќе има 200 илјади вработувања, кога ветивте дека повеќе нема да има сиромашни, за жал сега има 400 илјади невработени, а бројката на сиромашни од 400 илјади се качи на 600 илјади. И оние што сега работат апсолутно не ги добиваат своите плати затоа што некој така сака.

И, тука колку можеме како држава, колку можеме како Влада тоа е веќе прашање за кое што ќе треба да се говори.

Препораката на Светската бнака за веднаш, моментално, значи ние одиме повторно како социјална категорија, електричната енергија не ја покачуваме, но по 1 јули, или по некој друг датум на пример 2 август, кога ќе дојде летото и потрошувачката на електричната енергија ќе биде најмала ќе следи тоа покачување и тука ќе се продолжи со она што е препорака и на Светската банка и она што ние понатаму ќе треба да го направиме.

Цената според странските експерти и искуствата ќе расте континуирано во наредните 5 години. Колку така ќе расте, до каде ќе расте, мислам дека треба да знаеме. Дали Владата превзема или има некој механизам ова да го сопре за да знаеме на кој начин и до каде граѓаните на Република Македонија ќе можат да бидат свесни што ги очекува. Едно се телефоните, телефонот се исклучува и тука завршува приказната. Струјата е нешто поголемо, струјата е животот и тука апсолутно споредба нема. Можеме да дојдеме,не само производните капацитети, туку и домаќинствата да се вратат некаде на почетокот на 19 век, за жал.

Во секој случај мислам дека одговорот го должите и тоа ќе го нарпавите.

Јас би прашал во однос на оние кредити што беа земени, за некои од нив проговоривме, но многу на големо се зборуваше, ќе мине една година кога тогашниот премиер Хари Костов го отвори рудникот Брод-Неотино и се најави еден кредит од 130 милијони евра, многу амбициозно дека тој рудник ќе проработи и дека многу брзо ќе треба да ги очекуваме првите тони јаглен, токму од тоа наоѓалиште. Колку што знам таква работа сеуште нема, нема ни тендер, нема ни средства, а ако очекуваме дека ова што ќе го земеме за Е лектростопанство, повторно, големо прашање. И од друга страна уште едно директно прашање до господата од Електростопанство на Македонија и до Владата на Република Македонија. Значи, 15 милијони долари од рускиот долг беа предвидени дирекно за РЕК Битола и за вакви рударски машини кои што ќе помогнат за отворањето на овој рудник. Последните најави се дека господата од Електростопанство на Македонија се откажаа од овие 15 милијони доалри, во интерес на кого и како, одговор нема. Зошто, затоа што машините во Русија биле многу поскапи отколку што тие предвидувале. Такви машини во Русија се прават како возила, така да незнам со кого и каде преговарале и зошто преговарале но во секој случај е тоа.

Во однос на она што значи производство и работење на Електростопанство на Македонија, значи еден од прдусловите за да може Електростопанство на Македонија да се продаде, кажувавте дека тоа може да биде евентуалното црпење на Буџетот, немање доволно средства, незнаење за работа и незнам уште кои други факти се наведуваа тогаш, но еве јас сега ќе ве потсетам на нешто што Електростопанство во вој момент работи, последните договори и она што значеше искажување на господинот Панде Лазаров. Кажуваше дека приходите во Електростопанство на Македонија се 260 милијони евра, расходите се 258 милијони евра, добивката е 2 милијони евра. Значи покрај се Електростопанство на Македонија работи со добивка. Но, од друга страна она што тој гокажува, добивката може да биде многу поголема ако се намалат загубите кои сега изнесуваат 16%, од што 9,4% се комерцијални загуби од вкупно произведената електрична енергија. Е сега доаѓаме до она што, раководството на Електростопанство на Македонија, не ги исполнува задачите или не може да ги исполни задачите, па затоа ови добивки или губитоци се толкави колку што се.

Јас ќе се обидам да помогнам или да си помогнеме сите заедно со тоа што велиме дека вкупнит епобарувања на Електростопанство на Македонија се околу 150 милијони евра, за увозот на електричната енергија, кажавме 2003 гоедина билнамален 6 милијони, понатамус е зголемил на 35 милијони, но тоа не е никаде кажано, и последното е дека пред некој ден купивме за 80 милијони евра електрична енергија и тоа е што нас ни треба. Во 2004 година произведени 6,2 милијарди киловат часови, пласирано 7,3. Според тоа сме имале недостаток од 1,1. Сега имаме недостаток од 2,33 милијарди киловат саати.

Загубите почнаа уште на времето со тоа што господата од ММФ како што тогаш ни кажуваше тогашниот министер Гошев дека Електростопанство на Македонија билопринудено да плаќа ДДВ 18%, господинот Панде Лазаров кажа дека Електростопанство на Македонија ќе остане на цената од ДДВ 5%, дека 13% ќе ги плаќа Електростопанство на Македонија, но по неколку месеци се случи покачување на струјата од 7% и останаа 6% повторно да ги плаќа Електростопанство на Македонија.

Електростопанство на Македонија од вкупното производство што го има едноставно е принудено да ги плаќа на Владата на Република Македонија. Тие пари 1067 милијони евра место Владата да ги врати во Електростопанство на Македонија да се плати и долгот од Козјак, да се отвори некоја инвестиција, едноставно државните службеници ги јадат тие пари и тука завршув априказната и тие понатаму остануваат да го полнат Буџетот на Република Македонија, а ги плаќа тие средства Електростопанство на Македонија.

Понатаму, кражбата на електричната енергија, нешто за што повторно треба да одговара раководството на Електростопанство. Најмногу се краде во регионите Гостивар, Тетово, Струга, Скопје и Куманово. Минатата година Гостиварската Дистрибуција ја заврши со најголеми загуби од 27,4%. Во Струга се украдени 30 милијони киловат часови или 1 милијон евра, во Липково 33 милијони киловат часови, а во Скопје 39 милијони киловат часови.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски може да ве прашам нешто.

**Спиро Мавровски:** Може.

**Љупчо Јордановски:** Ако Електростопанство не се приватизира, овие кражби ќе престанат? Бидејќи зборувате за референдум, треба да постои приватизација.

**Спиро Мавровски:** А, вие што мислите ако се приватизира дека се ќе дојде како што треба.

**Љупчо Јордановски:** Незнам.

**Спиро Мавровски:** Вие ме прашавте мене, јас ќе ве прашам вас. Дали мислите ако се приватизира ЕСМ ќе почне да тече мед и млеко,сите ќе имаме електрична енергија колку сакаме по наша цена. Во ред.

**Љупчо Јордановски:** Па не, приватизацијата со кражба ја поврзувате.

**Спиро Мавровски:** Во ред, вие ме прашувате, хипотетички ме прашувате, хипотетички ви одговарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, продолжете.

**Спиро Мавровски:** Во ред е.

Ова се само извештаи што ги дава директрно Електростопанство. Не се мои заклучоци, така што морам да ги пренесам.

**Љупчо Јордановски:** Само сакам да ја фатам врската со приватизацијата и со овие извештаи.

**Спиро Мавровски:** Точно така.

**Љупчо Јордановски:** Бидете појасни за граѓаните и за пратениците.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе,

Приватизацијата на Електростопанство на Македонија беше бранета со тоа што раководството 2002, што го водело Електростопанство на Македонија, го довело претпријатието во таква ситуација да се намали вредноста и на тој начин поради неумеење да раководи со Електростопанство на Македонија морало да се приватизира. Сега јас кажувам каква е сегашната состојба во Електростопанство. Значи, дали, ја прашувам Владата, дали е ова причината за лошото работење на Електростопанство на Македонија, причина за продажба на Електростопанство? Тоа е јасно, тука, затоа што понатаму се кажува дека во Арачиново, Кондово и Шуто Оризари неовластено се искористени 60% од дистрибутивната електрична енергија. На почетокот на оваа година, во гостиварско се искористени неовластено 14 милиони квч. или 38,7% од вкупно дистрибуираната електрична енергија. Во Сарај 64%, а во Струшко - Велешта се 71,87%. Вкупно се украдени 400 милиони квч. со вредност од 15 милиони евра. Ова го кажува потпаролот на Електростопанство на Македонија господинот Сашо Новевски.

И сега кажува дека за ова се виновни, сега стигнавме до виновниците, судството и полицијата што не ја бркаат својата работа и затоа Електростопанство на Македонија доаѓа во ситуација да ангажира приватни агенции за наплата на електричната енергија. Едно време некој тука се смееше кога кажавме дека единици на КФОР оделе пред напалатувачите на електрична енергија во тие предели, затоа што постоеше опасност, беа напаѓани директно од граѓаните на овие делови од Републиката, за да не може Електростопанство да ги наплати сите овие средства.

За мене има многу лесно решение, техничко решение и тогаш сите граѓани ќе мора да ја плаќаат електричната енергија или ќе немаат електрична енергија. Тоа функционира во повеќе држави во Европската унија, така што и кај нас може да функционира. Бара одредени средства, но решение има. Во секој случај, да.

Е сега, во меѓувреме, тука доаѓаат загубите од ФЕНИ некаде околу 6 милиони долари, загубите од СИЛМАК 6,6 милиони долари и затоа кажуваме дека оваа либерализација што следи ќе донесе едно растоварување на Електростопанство на Македонија. Така што овие големи потрошувачи во Република Македонија ќе можат самите да можат да ја купуваат електричната енергија на светскиот пазар, посебно на овој југоисточен дел на регионот што треба да го донесе она што го побаруваме сите.

Сега доаѓаме во ситуација кога ќе говориме за вработените, затоа што тука бевме сведоци, одржавме една седница на Парламентот што траеше 2-3 дена, во која што се избркани од Електростопанство на Македонија 1068 вработени. 1068 вработени кои во моментов сите имаат добиено отказни решенија поради реформите, економските, структурните и сличните реформи што се случуваа во Електростопанство на Македонија во 2003 година.

Во 2003 година, господине претседателе и вие пратеници, апсолутно ништо не се случи. Значи, структурните, економските и сличните реформи, што уште некаде не се ни почнати ниту пак завршени, се случија на крајот на 2004 година и почеток на 2005 година. Овој “Службен весник” кажав дека е од 27.12.2004 година. Значи, се случија тогаш. Овие се избркани во 2003 година во јуни месец.

Сега, тие добиваат некои судски решенија со кои што треба да бидат вратени на работа, каде што некаде, сега, засега, според отштетата што треба да ја плати Електростопанство е некаде околу 10 милиони евра.

Што понатаму ќе се случи, тоа ќе видиме. Во моментот се вршат големи притисоци. И тоа мораме да го кажеме, од судии на Врховниот суд врз судии на Апелациониот суд, овие ревизии што ги бара Електростопанство на Македонија да бидат почнати и завршени некаде за две недели, за разлика од ревизиите што ги бараат вработените и за кои што е потребно време од 6 месеци до една година, а многу од нив не се ни почнати. Но, тоа е Македонија, затоа сме толку блиску до Европската унија. Колку ќе бидеме поблиску, ќе кажеме.

Никој досега не проговори колку од вработени ќе останат на работа, колку ќе бидат избркани и кои ќе бидат тие што ќе бидат избркани, затоа што во Законот апсолутно никаде нема никаква заштита за вработените.

За акциите кажав. Некој си кажа дека може да бидат и 10%, можат да бидат и 1%. Колкави се тие средства, како ќе бидат распределени дали вработените во МЕПСО имаат право на вакви акции, дали пензионерите, дали дел од тие средства ќе се распределат по некои други буџетски организации што не добиле средства во ова време на приватизација, апсолутно никој нема никаква идеја, ниту пак може да каже што и како се случува, што ќе се случува понатаму.

Мислам дека клучните прашања, апсолутно немаат одговор. Тука ќе биде најголемиот проблем. Мислам дека се генерален проблем, но ова, со вработените, со акциите, со начинот на кој што, дали овој пакет треба да биде 51%, треба да биде како што кажав веќе достигнува вредност од 80%, значи за државата би останало 20%, па сега се прашувам овие кредити што во меѓувреме се земени, кој е начинот на кој што Електростопанство на Македонија ќе ги врати парите или тоа ќе биде од буџетските средства, бидејќи Собранието е гарантот за потпишувањето

на овие договори? Граѓаните на Република Македонија повторно ќе ги вратат тие средства, затоа што веќе се работи со средства што се многу поголеми од она што во меѓувреме го направи долгот Електростопанство на Македонија.

И, последното, барем сега, засега, со продажбата и оние што се заинтересирани за Електростопанство на Македонија, доаѓаме до една ситуација да структурните промени во Електростопанство на Македонија се сведат на менување на државниот сопственик. Ова фактички значи дека земјава јавно признава дека не е способна да го стопанисува електроенергетскиот систем. Не е дефинирана долна граница под која не смее да се продаде Електростопанство на Македонија. Се очекуваат некаде околу 30-40 милиони евра.

Едно многу важно прашање, за кое што никој не проговори, тоа се рудниците. Што со рудниците? Што со РЕК Битола, што со рудникот Суводол, што со РЕК Осломеј, како тие ќе функционираат? Дали ќе бидат приватизирани? Дали ќе бидат дадени под концесија? Дали ќе останат како јавно претпријатие? Кој понатаму ќе ја преземе обврската за да ги направи оние производни капацитети што ги кажавме на почетокот и недостигот на електрична енергија што во моментот е 2,33 милијарди квч. или понатаму може да се зголеми на 3, на 4, а вкупното производство што Република Македонија може да го даде, кажавме дека е 6,1 квч. Тука завршува приказната со овие капацитети што во моментот ги имаме.

И, сполај си му Нему, затоа што хидроцентралите се полни, хидроенергија имаме како никој пат досега. Значи, хидроелектраните се оние што даваат доста енергија, за разлика од години кога биле сушни, а тоа можеме да го очеккуваме понатаму. Така што оваа енергија што ја добиваме од хидрото може да биде и многу намалена.

Клучните прашања апсолутно не се потрудил никој, некој тука кажуваше дека имаа стимулација како ќе биде во една варијанта, во друга, во петта, во седма, во дванаеста варијанта, не знам колку варијанти се предвидени и колку се до крај изработени, за да знаеме што понатаму го очекува македонскиот граѓанин, што да очекуваат вработените во Електростопанство на Македонија, затоа што на овој начин како што сега сакаме да ја продадеме, веќе се гледаат некои фаворити, за жал или за среќа и тие фаворите доаѓаат од едни државни електростопанства. Значи, кај нив нема приватизација, но тие се трудат и нашето Електростопанство на Македонија да го купат. Едноставно, да бидат газди, затоа што во меѓувреме купиле доста дистрибутивни, еве да речам оној дел од Бугарија, југозападниот дел веќе го купиле и веќе се гледаат себе си на дел од територијата на Република Македонија. Што е многу нормално.

Но, за разлика од нас, тие, во моментов имаат 67% државен капитал. Имаат повеќе од 30% нуклеарна енергија, што ние не можеме ни да ја замислиме, имаат термоелектрани што во одреден дел, посебно кон германската граница се тотално репарирани и се нови со најнова технологија што постои во Европската унија.

И сега, тука, застануваат работите, затоа што немаме решение. Немаме решение за хидроелектраните, немаме решение за рудниците, немаме решение што ќе продаваме. Ќе го продаваме комплетно РЕК Битола? Ќе го продаваме Осломеј? Ќе го продаваме Неготино? Ќе продаваме Дистрибуција Скопје? Ќе поделиме на колку дистрибутивни делови? Дали ќе бидат 2-3-4, во зависност од Република Македонија и сега, нормално е, ако се подели територијата на Скопје и останатиот дел на Македонија, дека сите ќе бидат заинтересирани за подрачјето на Скопје. Кратка мрежа, многу потрошувачи, големи средства. Секој ќе апелира да биде тука. Но, дали сето тоа ќе биде така, мислам дека Владата во овој момент апсолутно нема визија.

Она што се обврзавме со оние 45 милиони евра што ги зедовме кредит од Европската банка за обнова и развој со што се дава еден временски рок за кој што Електростопанство треба да биде приватизирано и со оние каматни стапки што ги имаме, со каматните стапки за кредитот што го потпишавме за Далекуводот од Штип до Црвена Могила, мислам дека такви кредити можевме да најдеме секаде. Дека можеше да добиеме такви средства од било кого без никаква обврска, ниту од Електростопанство на Македонија, а уште помалку од Владата и овој Парламент тука за да стои зад некој поделби по кои што, понатаму, Република Македонија ќе треба да функционира.

Затоа, господо, кажавме, апсолутно сме за либерализација и реструктуирање. Но, истото не е поврзано апсолутно со приватизацијата. Приватизацијата, ако ја направиме како што ние планираме, т.е. како што планира Владата, ќе бидеме првите на овие простори и во сите земји во транзиција кои ќе ја направат оваа приватизација во пакет од 51%. Дали тоа ќе биде Производство со Дистрибуција или само Дистрибуција или само Производство, апсолутно мислам дека и тоа досега не е кажано. Мислам дека и не го знае Владата. Но, ако видиме како понатаму се одвиваат работите, сега не би сакал да ги цитирам нашите колеги пратеници што и како говореа 2002 година, што и како кажуваа тогаш, но кажуваа нешто дека после пет години во Бразил се отпуштени повеќе од 60% од вработените, во Перу после 4 години 43%, дека Словенија веќе е член на Европската унија, повторно нема приватизирно, дека Хрватска ќе се приватизира кога ќе влезе во Европската унија, на Србија и е комплетно забрането и најава за 8 илјади отпуштања од Српското електростопанство. И тоа деновиве.

Значи, деновиве треба да бидеме транспарентни, да можеме да кажеме дека двајца луѓе во

Република Македонија ја знаеле цената на продажбата на Електростопанство на Македонија. Тоа е господинот премиер и неговиот министер за економија. А, кој ја знае цената на електричната енергија, мислам дека формулата ви ја кажав, може некој досега ја пресметал па ќе ни каже колкав е процентот на покачувањето. Затоа, мислам дека е, поради големината на овој објект, поради значајноста што ја има истиот, да им дадеме шанса на граѓаните на Република Македонија, ние како пратеници да не ги собираме повторно тие 150 илјади потписи и да чекаме време, вие како пратеници да донесете одлука за распишување на овој референдум. Против ваквиот закон да донесеме прав закон во кој што ќе кажеме што и како ќе се приватизира, колку ќе се приватизира, што ќе се приватизира, што понатаму со вработените, што понатаму со граѓаните, што со цената.

За сите овие прашања, многу битни за Република Македонија, апсолутно немаме ниту еден одговор, за жал. Јас очекувам ваша поддршка. Да ги оставиме партиските бои. Да оставиме позиција-опозиција. Размислете, затоа што одговорноста е ваша. Еден ден некој со овие стенографски белешки од 2002 година наваму и за кредитите што беа за Далекуводот и за она што значеше Закон за преобразба и се што беше во врска со отпуштањето на вработените и ова што денеска ќе го говориме да не се доведеме во ситуација ние да бидеме тие кои ќе ја понесат одговорноста за понатамошното распаѓање на Електростопанство и тоа што ние со ниту еден акт не обврзуваме никого што ќе го купи Електростопанство на Македонија да направи ниту еден објект од кој што ќе произведува електрична енергија.

И тука завршува. Јас имам многу прашања. Мислам дека одговорите ги нема никој, затоа што ако ги имаше, ќе дојдеше ќе ги кажеше. Такви работи нема. Но, во секој случај очекувам дека вие ќе дадете поддршка за распишување на овој референдум, заедно со граѓаните на Република Македонија да одлучиме за тоа како и што треба Електростопанство на Македонија да се продаде.

Ви благодарам.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Прво, да видиме од пријавените, за реплики.

Прв сум јас за реплики, инаку ќе ви кажам по редослед, а и сум за дискусија, па не ме исклучувајте.

Господине Макрадули за реплика? (Да).

Господине Глигориевски реплика? (Да).

Господине Петковски реплика? (Да).

Сега, три минути реплика за мене, а потоа господинот Макрадули.

Се надевам дека ќе бидам пократок од три минути, но го молам секретарот да го вклучи времето.

Мојот почитуван колега Мавровски во многу работи од ова што ги искажа го поддржувам.

Го поддржувам дека треба да се грижиме за вработените во Електростопанство на Македонија. Го поддржувам дека треба да се грижиме за цената на електричната енергија за граѓаните. Го подджувам и за тоа да видиме колку ќе чини РЕК, колку ќе чинат другите делови од Електростопанство на Македонија. Но господине Мавровски вие на крајот ме натеравте воопшто да не ве поддржам. Вие на крајот, ќе ми извините, но со последните неколку реченици ни одзедовте и на нас и на граѓаните еден час за да ни покажете дека оваа говорница трпи многу демагогија.

Цело време се грижите за нив, за граѓаните, за вработените и на крајот да ни кажете дека вие сте за приватизација на Електростопанство на Македонија, но не сте за приватизација од оваа Влада и не сте за приватизација од ова раководство на Електростопанство на Македонија, туку сте за приватизација во која што вие и вашите компањони ќе одлучувате како ќе се приватизира Електростопанство на Македонија.

Е, тука господине Мавровски ние драстично се разликуваме. И тука е прашањето што вие конечно го покажавте своето право лице.

Значи, вие не се грижите за граѓаните, не се грижите за вработените во РЕК, не се грижите за тие што ги отпуштија, туку сакате вие и вашите компањони да го приватизираат Електростопанство на Македонија.

Јас сум за едно друго, тоа ќе го кажам бидејќи сум пријавен и за дискусија. Тогаш ќе го изнесам своето мислење, но дефинитивно ме убедивте ако досега размислував, дефинитивно ме убедивте дека не треба да го поддржувам ова што вие денес ни го предлагате. Граѓаните од вас очекуваа вие да кажете дека на референдум ќе излезат да кажат дали се за, или против приватизација, а не да излезат да кажат дали сега овие што се на власт да го водат процесот на приватизација или да го водат ако дојдат после година и пол две на власт Спиро и неговите сопартиски другари. Дефинитивно господине Мавровски сега го покажавте вашето лице.

Цело време ја водите кампањата против приватизација на Електростопанство на Македонија, а фактички цело време сте се криеле вие и вашите партиски другари и ВМРО ДПМНЕ зад тоа дека вие сте само против приватизација од актуелната власт на Република Македонија односно од оваа Влада и ова раководство на ЕСМ. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Како предлагач мислам дека имам право повеќе од една минута.

**Љупчо Јордановски:** Не ова е реплика, а не е пријавување за збор.

Вие сте претставник на предлагачите.

**Спиро Мавровски:** Да, јас сум претставник.

**Љупчо Јордановски:** Повелете.

**Спиро Мавровски:** Незнам господинот Најдовски од каде го извлече овој заклучок, или во старт размислував само на ова, последните реченици можеме да ги извадиме од стенографските белешки и да видиме што кој и како кажал и од каде се овие негови заклучоци.

Јас ќе го потсетам нешто друго. Во последните неколку, да речеме месец дека антикорупциската комисија се занимава со некакви се менаџерски договори на директорите на Електростопанство на Македонија. Ако тоа е грижата за вработените и за граѓаните на Република Македонија господине Најдовски јас се извинувам, значи вие сте во право, а јас ќе ви кажам и како потпретседател на Собранието мислам дека ја утнавте работата. Со овој референдум јас можам да направам само едно нешто да бидам против законот што вие и Вашите коалициони партнери го донесовте. Значи, јас не можам да го кажам ова што вие го кажавте дали сме за приватизација или не. Ако вие сега гласате против наредното, граѓанскиот референдум ќе биде токму тоа. Апсолутно да не се секирате дека господинот Спиро Мавровски ќе го продаде Електростопанство на Македонија. Тоа нема да се случи, но треба да имаме доблест и да кажеме дека наредните 10 години додека не дојдеме во ситуација ЕСМ да биде субјект кој што ќе може да се продаде, тогаш да го продадеме. Кога ќе имаме сите некоја фајда од сето ова што сме го донеле Електростопанство во ситуација да го продадеме, а не со производство од 6,1 милијарда киловат саати да купуваме сега 2,33, утре 5,3 и на крајот што - ќе го продадеме Електростопанство. На кого ќе му дадете вие обврска утре да изгради рудник, да отвори хидроелектрана или да направи термоелектрана. Таква работа нема.

Господине Најдовски мислам дека ова го знаете и во самата дискусија требаше да го кажете. Ова е референдум и затоа се консултирав со господинот претседател на Собранието и тој кажа дека единствениот начин е овој, да се изјасниме по Законот кој што веќе е поминат во Собраниска процедура. Да бидеме против точката 7 од она што значи преобразба на Електростопанство на Македонија. Апсолутно тука не се говори дали е вака или така.

**Љупчо Јордановски:** Сега да воспоставиме едно правило. Се согласувам дека имате три минути и за тоа што беше збор и ќе ги добиете тие три минути.

Сега да воспоставиме едно правило на игра а тоа е следното.

Ако се обраќате до претходниот репликант тогаш ќе ви дадам една минута контрареплика, бидејќи ова е реплика, а не е збор, без разлика што вие како предлагач вие можете да земете збор. Земете збор и дообјаснувајте нешто што не е јасно на пратениците овде. Вие директно се обративте на репликата, според тоа јас ќе ви дадам една минута контрареплика, бидејќи сега ви дадов збор, повелете три минути имате господине Најдовски контра реплика, а вие ќе имате една минута после тоа, бидејќи имате реплика на реплика.

**Слободан Најдовски:** На почетокот повторно ќе се согласиме со господинот Мавровски.

Јас ве поддржував за менаџерските договори и сакам да бидат објавени во јавноста. Тие еднаш во весникот Време беа објавени, не пратев, дали целосно беа објавени и тука се согласуваме господине Мавровски, ама не се согласуваме во она, вие дискутирате, дискутирате, дискутирате, чинот на завршниот збор е со одлука за или против. Вашиот краен чин е дека вие сте за приватизација, ама не сакате од овие кои што се сега на власт. Јас и тука реков дека ве поддржувам, ајде излезете со вашиот модел на приватизација. Сега, се испоставени во јавноста двата модели на приватизација. Кога ќе се спротивставиме тогаш ќе можеме да разговараме. Вие цело време сте за кампањата, цело време додека беа локалните избори велите дека не сте против приватизација, сте за приватизација, не знаете како е, вака или онака. Тука се разликуваме. Крајот на одлуката е со гласање за или против. Вие велите дека сте за приватизација.

Второ, ќе ве прашам дали господине Мавровски сметате дека Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Стојан Андов, Арбен Џафери, кои што беа лидери на политичките партии во 2001 година кога се донесе одлуката за приватизација донесоа исправна одлука или погрешија. Ако тие тогаш донесоа исправна одлука дека треба да се приватизира Електростопанство тогаш кажете го тоа дека вие сакате да се приватизира во ваше време. Инаку, кога ќе дискутирам ќе го кажам јас своето мислење и не го поддржувам целосно ваквиот начин на приватизација. Немојте да мислите дека јас целосно застанувам слепо како вие и некои други што застануваат зад своите лидери. Јас не застанувам, еве имате ситуација претходно да видите по одреден закон и по однос на приватизацијата ќе видите во што се разликувам и од вас, и од предлогот кој што го дава Владата.

Ние сега зборуваме за вашата демагогија, јас се извинувам не сакам да ве навредам, но незнам друг збор да употребам, цело време се грижите за некого а фактички сакате само да кажете дека вие сакате да учествувате во тимот кој што ќе го приватизира ЕСМ. Јас сакам во тимот што ќе го приватизира ЕСМ да учествуваат граѓаните на Република Македонија, ама не може преку референдум како што вие сега велите, затоа што вие прашањето го немате дефинирани господине Мавровски. Дајте заеднички да направиме нешто, да придонесеме за успешна приватизација на ЕСМ, во кое што нема да има штета за

вработените, во која што ќе биде регулирана цената на електричната енергија каде што граѓаните нема да трпат штети и на крајот како држава ќе имаме добивка. Тука заеднички сите да го видиме вашиот модел, го знаете моделот кој што го има Владата и на крајот да изнајдеме едно заедничко решение, а со демагогија не можеме да одиме напред.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете една минута господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Поголема демагогија од ова немам слушнато, затоа што после сите разговори и сите кажувања за граѓаните, за ова, за она, господинот Најдовски може да ги земе сите гласања до сега и да види зашто и како гласал. Ако вие сега кажувате дека не сте за приватизација ќе ве замолам овде да гласате сите против и ќе направиме нов закон, затоа што со овој закон апсолутно ништо не се нуди и јас ова што го гледате трега одлука за распишување на референдум е против законот. Против законот е, а не е ни за приватизација, ниту за неприватизација, ниту некој да приватизира, Јас ви кажав еве 10 години од денес никој да не приватизира додека не се постигне права ситуација и тогаш да видиме или правиме демагогија, или сме сите тука заедно за граѓаните на Република Македонија, затоа што начинот на кој што вие се обраќате апсолутно е некоректен. Вие можете што сакате да говорите, граѓаните се тие што ќе оценат кој и како и дали први демагогија или не прави демагогија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски, повелете господине Макрадули три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Граѓаните знаат точно кој прави демагогии и кога има избори им даваат поддршка на некого, на некого не му даваат поддршка и со тоа го оценуваат она што го зборува за време на избори.

Јас ќе се осврнам на еден друг тип на демагогија чисто како реплика бидејќи ќе си го задржам првото да зборувам. Ќе зборувам за демагогијата дека сакаме да одиме во ЕУ ама по некој чуден пат, или сакаме да одиме во Европа, но суште мислиме дека државата може да биде добар стопанственик и главен инвеститор во сите области во економијата. Тоа е идеолошката разлика помеѓу СДСМ и десноориентираните, во овој случај ВМРО Народна партија.

Ние како држава сме преземале обврска што се вели европско партнерство и тоа е Советот на министри на Европската комисија го напишал и го ценел кон Република Македонија, кон ЕУ. За нас тоа е патот и препораката како ќе одиме кон ЕУ. Таму, министрите членки на Европската комисија напишале реструктуирањето треба да се изврши според некој план. Сегашните планови се целосно во согласност со најновата директива на ЕУ, за електричната енергија. По овие настани треба да уследи напредок во повторното изготвување на Законот за енергетика и со тоа ќе се воспостави оператор на системот за пренос. Постигнати се чекори за развој на регулаторната комисија и за изготвување на нацрт предлози итн., итн.

Европската комисија, она што јас како пратеник во позицијата сум се залагал, а тоа е да не одиме во целост, туку да го реконструираме, редефинираме и поделиме во три дела се покажа како точно и исправно. СДСМ никогаш не ги менува с тавовите, си останува доследен на она што го кажува. Тоа е разликата уште една меѓу нас и вас како политичка партија и затоа граѓаните знаат да изберат кога треба да изберат.

Ние со Законот кој што сме го донеле, кој што вие сега очигледно не ни го спорите, како што кажа господинот Најдовски, за преобразба сме добиле позитивни оценки напишани во Извештајот на минисрите даден како дел на Европското партнерство. Тоа е патеката што треба да ја оди оваа Влада или идната Влада, која и да биде. Тие ја ценеле таа преобразба како позитивна.

Друго, вие кажувате цена од 3 милијарди евра. Ќе се согласите дека вие како човек кој доваѓате од технолошки факултет со виша степен не можеде да ја одредите цената и да кажете дека има 1,3 милијарди евра. Тоа може да го направи некој тим од експерти. Нема Македонија време десет години да ја набилдаме електростопанство, бидејќи тоа не може да направи како Словенија инвестиции без кредит, и не може да има наплата така како што има Словенија, нашиот е ист со словенечкиот во процесот на реконструирање.. .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Макрадули.

Има збор господинот Спиро Мавровки.

Господине Глигориевски имате реплика.

**Тома Глигориевски:** Не, за збор.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Прво, господине Макрадули за демагогија барем вие немојте да говорите, за тоа што во моето второ обраќање ќе се слушнете што говоревте и како говоревте, а ова што кажувате за ЕУ, јас ви кажав. Експертите за легислативата кажаа што е неопходно, а што е непотребно да се направи. Вие во овој момент кажувате дека единственото што треба да го направите за да влезете во ЕУ е приватизација.

Но, господине Макрадули Словенија веќе е во ЕУ, но ниту има намера да се приватизира, Франција е незнам мод кога во ЕУ, повторно го прави истото, Грција исто така и затоа што вие и вашето такво видување на работите стигнавме од тоа што бевме први носители во Југоисточна Европа да стигнеме и Хрватска и Албанија сега да бидат пред нас за влес во Европа, а вие се радувате дека некој ви кажал дека ова било позитивно. Што е позитивно кога апсолутно. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодрам господине Спировски.

Повелете господине Глигориевски имате три минути реплика.

**Тома Глигориевски:** Прво, моето мислење е дека комплетната дискусија на господинот Мавровски беше на тема - проблеми на работење на Електростопанство, а не на тоа дали ќе треба да се продаде или не. Уште помалку тема на дискусија дали за тоа треба да се одлучува на референдум.

Меѓутоа, бидејќи беа спомнати некои податоци со кои не се согласувам и мислам дека ќе ја збунат и ќе ја доведат во заблуда јавноста го земав овој збор да му реплицирам за неколку прашања на господинот Мавровски.

Прво, за основачкиот капитал за што зборува во статутут што е пишано треба да знае дека основачкиот капитал на фирмата и Електростопансство во овој статут и на било која фирма е од книговодствените книги. Друга е вредноста пред продажбата која ја одредува проценителот, а сосема трета вредност е кога се продава колку на пазарот ќе достигне вредноста на определена компанија, па и на Електростопаснтво.

Второ, зборуваше за проблемите на Електростопанство и зошто доцни изградбата на далноводот Дуброво - Штип. Треба да ви биде јасно дека со поделбата на Електростопанство преносниот систем каде што спаѓа далноводот 400 киловолтен Дуброво - Штип е во рамките на МЕПСО и комплетно обврската, кредитите со Светска банка за доизградба и поврзување со Црвена Могила во Бугарија си останува во МЕПСО, затоа што тоа од Нова година не е проблем на Електростопанство и уште помалку предмет на приватизација.

Трето, спомнавте зошто со Брод Неотино не се затворил рускиот долг. Само да ве потсетам, незнам дали знаете дека договор за ревитализација на двата блока со руската фирма од Ленинград е направена уште во време на Вашето владеење и на раководството на Електростопанство од Ваше време и дека ова раководство на Електростопанство се обиде тој договор да го раскине со оглед на тоа дека сеуште не се знаеше судбината дали Брод Неотино ќе се оствари и со оглед на тоа дека сосема малку има од резервите на јаглен во Суводол и дали се исплати воопшто ревитализација за следните 7 - 8 години. Меѓутоа, на инсистирање на рускиот партнер и на Руската страна во преговорите на Македонско-руската економска соработка се одлучи ревитализацијата да влезе за подмирување на долгот.

Инаку, што се однесува за руската опрема јас незнам за која руска опрема вие зборувате кога на распишаниот тендер за преткфалификација за набавка на рударска опрема за ископите во Брод Неотино не се јави ниту една руска фирма. Ако имаше такви фирми со такви перфомарсии ќе се јавија на тендерот за преткфалификација. Тие не се јавија ниту една.

Ќе немам повеќе време, имаше уште некои работи, но. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Спиро Мавровски повелете една минута.

**Спиро Мавровски:** Ќе тргнам директно со некое објаснување за да не губам време да може некој да реплицира.

Објаснување за она што апсолутно се непознати работи за господинот.

Прво, не се говори за далекуводот Дуброво Штип. Дуброво Штип го направи претходната Влда пред изборите беше пуштен и покрај тоа што 40 милиони евра, за кои што тука се водеја жолчни дискусии за претприватизација не беа доделни на таа влада, но таа успеа да го направи. Говориме за делот кој што оди од Штип до Црвена Могила во Република Бугарија, а бидејќи вие сега сте нов во Парламентот, мислам сега дојдени, има една година и повеќе каде што тој договор е потпишан и гарант е Република Македонија. Ова Собрание гарантираше за тој заем од 40 милиони евра, тогаш 53. Тоа е првото.

Дали вие мислите дека она што, или воопшто некој размислува дека Електростопанство на Македонија е таков гигант, ние ќе распишеме конкурс сите руски фирми, кои што, прво да ви кажам дека комплетната рударска опрема во РЕК Битола е точно од руски фирми, незнам, дали сте биле, дали сте ги виделе, но тие се рударски фирми кои што во Русија ги произведуваат рударските машини исто како возилата што се произведуваат во другите држави. Значи, Да ми кажете дека таква опрема нема, плус тоа уште една невистина да кажувате дека договорот го потпишала претходната Влада. Апсолутно не е е точно. Таа Влада потпиша еден нов договор за 2,5 мегавати чиста зелена енергија која што сегашното раководство го поништи тој договор, а ако мислевте на него, или некој ви кажал нешто погрешно, очигледно дека ви кажал погрешно.

Во однос на основачкиот капитал и она што го кажувате како вие тргнувате од оваа вредност која што ја давате за Електростопанство очекувате три милијарди евра да добиеме, како што некој кажуваше 2002 година дека е вредноста и ги очекуваше тие пари. Сега незнам што очекувате. Вие кажувате дека вашата вредност 600 милиони. Некој пред малку се обидуваше да каже дека тоа е така и дека треба 10 години да се изврши таа проценка на вредноста, но мислам дека како стручњаци, многу лесно се определува по инсталиранaта моќност колку кошта секоја хидроенергија, колку кошта секоја термоенергија, уште колку рудно богатство има и тука се прави многу глобална пресметка која што ќе каже дека оваа вредност е апсолутно безвредна во однос на правата вредност на Електростопанство на Македонија.

Значи, овие податоци што некој ви ги кажал апсолутно се неточни и мислам дека ве доведе во заблуда, а вие ја доведувате во заблуда

македонската јавност. Затоа пред да кажувате некои работи мислам дека треба да ги проверите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Сега имаме мултиплицирање.

Повелете господине Макрадули, имате реплика или немате.

**Јане Макрадули:** Не, немам реплика, се јавувам за збор.

**Љупчо Јордановски:** Значи се јавувате за збор.

Повелете господине Глигориевски, реплика од три минути.

**Тома Глигоријевски:** Јас не знам дали бев доволно јасен, или не бев доволно јасен, меѓутоа точно е дека Дуброво-Штип го направила Владата претходно и со кредити од претходно, меѓутоа тоа веќе не проблем на електростопанство на Македонија господине Мавровски. Тоа е проблем на Македонскиот преносен систем оператор. Комплетното враќање на кредитите од тој долг комплтната изградба на новиот далновод е проблем на Македонскиот преносен систем оператор кој произлезе од поделбата на старото Електростопанство.

Втора работа ако вие за рударската опрема ги мешате Украина и Русија не знам да ви кажам, меѓутоа факт е дека во Суводол имаме повеќе украинска опрема, а не руска опрема и сега ќе ви кажам, претходно немав време за увозот на електрична енергија од Неготино. Точно е дека Електростопанство стопанство не може да ги задоволи од сопствени извори нараснатите потреби за електрична енергија и точно е дека увозот расте, а имаше една година кога вашето раководство беше на власт кога имаше помал увоз, затоа што безше вклучена Термоцентралата од Неготино. Меѓутоа, треба да кажете дека тоа беше затоа што вашата Влада ја продаде Окта со обврска да откупува 500 илјади тони мазут годишно и пошто не знаеше да и прави на таа, со таков екслузивен договор, мораше да го вклучи Неготино и затоа таа година имаше помал увоз. Инаку, по сите економски логики термоцентралата “Неготино” мора да се користи само кога ќе биде во прашање падот и сигурноста на електро системот на Македонија.

Што се однесува до податоците за штетата за технолошки вишок, јас не знам досега Електро стопанство на Македонија да ја платило штетата. Точно е дека по судот на сите инстанци се водат сеуште процесите, некои се вратени, обжалени, но за тоа ќе дискутираме кога ќе заврши.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** ТЕЦ Неготино работеше после 20 години резерва, а сега најавувате дека ќе ја вклучите во декември, чисто се сомневам дека ќе проработи. ОКТА ја имавте прогласено за старо железо и Владата најде начин да направи нешто за кое што сега толку сака од една страна да приватизира, од друга страна, по што многу конзистентни и ги знаете своите ставови, од друга страна барате тоа да стане државна фирма. Е, сега, незнам дали ова првото или ова второто, но граѓаните знаат подобро и од мене. Морам да ви кажам дека хидро потенцијалот токму во тие години кога работеше ТЕЦ Неготино беше на нула. Она што беше производство хидро енергија можлам да ви дадам да видите колкаво е сега производството хидро енергија и колку беше тогаш и затоа тој увоз во тој момент беше толкав и затоа работеше ТЕЦ Неготино, а не заради некакви обврски. Дали вие понатаму ќе го сработите ТЕЦ?

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете господине.

Имате три минути реплика.

**Борче Петковски:**

Благодарам.

Јас ќе му реплицирам на господинот Мавровски само во делот каде што кажа дека оваа Влада воопшто не води сметка за производство на електрична енергија преку мали хидро централи и заради тоа го откажува веќе договорениот кредит во нивно време со Шпанската Влада за мали хидро централи, бидејќи фалеле само два милиони евра и воопшто тоа не ја загрижувало Владата.

Господине Мавровски, во интерес на јавноста и транспарентноста за која се залагавте во вашата дискусија од еден час, не фалат два милиони евра, фалат некаде околу 7 милиони евра. Експертите на кои што се повикувавте цело време во вашата дискусија кажаа дека се работи за еден предимензиониран проект, за проток од 6,3 метри кубни, а максимално вода може да се обезбеди 5,1 метар кубен вода. Тоа значи 2 милиони евра фрлени во старт за набавка на опрема која што никогаш нема да се искористи, а тоа исто така ја зголемува и цената на чинење на градежниот дел, што значи дека фалат вкупно од прилика околу 7 милиони евра. Бидејќи, викате домаќински требало да се работи, исто така во интерес на јавноста треба да се каже дека тој што го склучувал договорот, склучил договор за набавка на гранулат за производство на полиетиленски цевки по цена од 1,8 евра за килограм, а на било која берза сакате да погледнете од 1999 година, до 2002 година, максималната цена се движела од 0,9 до 1,1 евро за килограм. Вкавата констатација дека се работи за апсолутно неисплатлив и штетен договор, ја дадоа експертите и тоа од Електро технички факултет, од Машински факултет и од Градежниот факултет во Скопје. Бидејќи се повикувате на експертите од Светска банка, морам да го цитирам експертот на Светска банка за мали хидроцентрали во Скопје кој што кажа на Симпозиум во Хотел “Молика” каде во јули 2003 година, конкретно за Проектот Лера во договор со Шпанската Влада само два збора:”само идиот можел да смисли и да склучи

ваков штетен договор". Знаеме за кој идиот се работи.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Имате една минута господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Прво, незнам кој идиот би го направил тоа, посебно во "Молика" и незнам кога, дали било рано наутро или касно навечер го кажал тоа, но во секој случај ако сакате за Светска банка и за работи кои што сте ги промашиле, најголемата ваша инвестиција "Козјак" кошташе 80 милиони во почетокот, заврши со 180 милиони евра. Господа, 100 милиони плус и сега незнам за идиот да говорам или за кој да говорам, но во секој случај знам дека 100 милиони ги платија граѓаните на Република Македонија и на крајот испадна дека не е енергетски објект, туку објект со кој што ќе се водоснабдува Скопје, а таму нема ништо со што би се снабдило. Сега, што идиотско во цела оваа работа, ќе објасните вие подобро, пошто подобро знаете, а во 2003 година во октомври Владата донесе Одлука вие да продолжите со работа на таа хидроцентрала "Лера".

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Јас предлагам да зборуваме за Достоевски кога веќе спомнувате "Идиот". Подобро е за Достоевски да зборуваме, одколку на овој начин да разговараме.

Инаку, бидејќи нема повеќе реплики и јас во интерес на расправата сакам да дообјаснам некои работи како овој закон се најде, како што вие рековте во последниве три месеци. Затоа што, два пати критики беа упатени кон мене. На почетокот од расправата дека јас сум го попречувал законот и не сум работел по Деловник. Секогаш постојат повеќе вистини, меѓутоа јас ќе ја кажам мојата вистина, предпоставувам дека овде има 120 вистини.

Точно е дека Законот е поднесен на 16.02.2005 година. Но, ние тогаш имавме во тек седници и неможеше да се стави. На 20 февруари почна кампањата, така што ние немавме седници поради кампањата за локални избори. На првата наредна седница која ја закажав за 29-ти на молба на многу пратеници и од позицијата и од опозицијата да ја одложам , јас ја одложив од едноставна причина, бидејќи како што некој рече работам домаќински, затоа што знаев дека ќе дојдат помалку број на пратеници, кворум немаше да има, а ние ќе потрошевме 5 илјади евра пари од граѓаните. Ја одложив и еве денес ја имате таа точка на дневен ред. Значи не беше никаква тенденциозна манипулација од моја страна. Повеќе беше суштинската потреба да не свикувам седница, а знаеме дека нема да имаме кворум. Прашањето е дали е форма или содржина, во случајот и двете страни се задоволени, формата ја запазивме и на прва наредна седница ја имате вашата точка, пред воопшто да се приватизира нешто.

Повелете Драган Георгиев имате збор, а потоа Слободан Најдовски.

**Драган Георгиев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред да започнам со својата дискусија, сакам на почетокот да појасниме само околу почетокот на дискусијата на господинот Спиро Мавровски и за јавноста и за самиот предлагач, бидејќи неколку пати повтори дека Владата на Република Македонија во Службен весник број тој и тој ја утврдила вредноста од 632 милиони денари. Овде мора да се појасни дека таа вредност е сметководствена вредност според сите сметководствени стандарди односно економистите ја нарекуваат историска вредност на основните средства, што тече од основањето на ЕСМ и во текот на годините има вршено исправки по основ на амортизација, намалување, а по основ на ревалоризација, според коефициентот на ревалоризација покачување во текот на годините и според Управата за јавни приходи и според сметководствените стандарди таа виси и не ја одредува Владата, туку таа е реалната сметководствена вредност. Никој не ја определува и не може да ја менува, а ако ја менува ќе има прекршочни или кривични пријави од Управата за јавни приходи. Мислам, тоа е така и ако сака господинот Мавровски нека го провери или да се консултира, за да не е во заблуда и неколку пати да повторува дека е тоа 632 милиони. Тоа е сметководствена вредност според сметководствените стандарди и законите во Република Македонија. Која ќе биде пазарната вредност, тоа ќе покаже пазарот и заинтересираните купувачи итн. Само еден пример, ние имаме сметководствени вредности на некои градежни објекти итн, кои што изнесуваат 0 сметковотсвена вредност, бидејќи 30 или 40 години поминале и според амортизацијата се отпишани. Меѓутоа, реалните вредности на тие објекти може да вредат пет милиони, 10 милиони евра итн. Тоа е појаснувањето за почетокот на дискусијата што беше од господинот Мавровски.

Процесот на преобразба на АД ЕСМ го започна Владата на Република Македонија во 2000-та година со Одлука за формирање на комисија за спроведување на преобразбата на АД ЕСМ и заклучокот да се ангажира реномиран стручен советник кој ќе го води овој процес. Од тогаш па до денес се реализирани низа мерки и активности, од кои позначајни се следните. Извршена е длабинска оценка на АД ЕСМ од правен, финансиски, економски и комерцијален и развоен аспект. Изготвен е модел за пазарот на електирчната енергија и нова појдовна методологија за тарифен систем на електрична енергија. Се изработи модел за рестроктуирање на АД ЕСМ и детален план за негова реализација.

Понатаму, во март 2004 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за преобразба на ЕСМ АД за производство, пренос и дистрибуција на електирчна енергија во државна сопственост. Со тој Закон се уреди и

реструктуирањето и приватизацијата на најголемото друштво во државна сопственост со околу 9 илјади вработени. Реструктуирањето односно трансформацијата на ЕСМ и евентуалната приватизација се наметна како потреба во опкружување на отворен регионален пазар на електрична енергија, чија движечка сила е токму Европската унија и нејзините земји членки. Имено, согласно директивата за внатрешен пазар со електрична енергија на Европската комисија 96-92 сите земји членки на ЕУ се задолжени односите во електроенергетскиот сектор да ги прилагодат во насока на формирање на заеднички либерален пазар на електрична енергија и негово отворање и проширување. Во таа насока и земјите од југоситочна Европа меѓу кои сме и ние во Атина потпишаа меморандум за разбирање во правец на наведените определби. Согласно обврските кои произлегуваат од овој Меморандум ,пазарот на електирчна енергија во регионот треба да биде целосно либерализиран во склад со наведената директива најдоцна до почетокот на 2006 година. Со формирањето на регионалните пазари на електрична енергија и нивната интеграција со внатрешниот пазар на ЕУ се создаваат обврски, но и услови за пазарно стопанисување и конкурентни односи помеѓу сите субјекти во овој сектор. Одтука, се наметнува потребата, пред се, од рационализирање на трошоците за пориизводство, пренос и дистрибуција на електрична енергија за што поуспешно приклучување кон глобалните енергетски трендови, при што се наметнуваат и нови критериуми, но и нови потреби во однос на инвестиционите текови во енергетиката. Во оваа насока веќе и кај нас тече процесот на реструктуирање приватизација на ЕСМ, кој што процес е присутен повеќе години во развиените земји и земјите во транзиција, со што електро енергетските компании ќе мораат во иднина успешно да опстојуваат на тој отворен пазар. За што поуспешна и поефикасна реализација на овој започнат процес за реструктуирање и приватизација на ЕСМ , Собранието на Република Македонија понатаму го донесе и законот за гарантирање на враќање на средствата на Европската банка за обнова и развој, која што ги стави на располагање на Владата на Република Македонија во процесот на претприватизација, заради стекнување со акции при приватизација на АД ЕСМ. По склучувањето на Договорт Европската банка за обнова и развој и стави на располагање на Владата на Република Македонија средства во износ од 45 милиони евра, со цел добивање на право за стекнување со акции при евентуална приватизација. Овде може да се каже дека вложувањето на Европската банка за обнова и развој како банка со огромно реноме би требало да се очекува дека ќе влијае позитивно во овој целокупен претприватизационен процес, при што се создаваат и реални услови за зголемување на заинтересираноста на потенцијалните инвеститори за инвестирање во ЕСМ. Сето тоа влијание поволно ќе влијае на можноста за добивање на повисока цена при продажба на ЕСМ. Секако дека овој процес е сложен, обемен и чувствителен и истиот треба да се организира прецизно и согласно економските услови и објективните карактеристики во нашата држава. И, сега, после сите овие активности кои што се спроведени во последните повеќе од четири години во време кога мора да се има предвид дека новото друштво АД ЕСМ да може да се преобрази и стабилно и профитабилно да функционира во услови на отворен и конкурентен пазар на електрична енергија во регионот кој ќе започне да функционира од 2006 година. Доставувањето на овој предлог за распишување на референдум во нашата држава за тоа дали сме за или против приватизација преку продажба на АД ЕСМ, според законот за преобразба на ЕСМ, по мое мислење е предлог кој што едноставно ќе го закочи овој процес за трансформација и приватизација и ќе има негативен ефект во насока на стимулирање и привлекување на стратешки инвеститор при приватизација на ЕСМ. Според мене, не смееме сите ние да дозволиме овој процес да добие најголеми политички димензии и да има политички надмудрувања односно да имаме распишување на референдум кога знаеме дека во последните 12 месеци имавме и претседателски избори и референдум и локални избори, значи кампањи, избори, после изборен период и сега да одиме во насока на поларизирање на јавноста околу продажба на ЕСМ, при што секако ќе ги отргнеме најреномираните и најзаинтересираните или најстратешките инвеститори кои што во овој момент можеби се заинтересирани за купување на ЕСМ. Која ќе биде последицата од референдумот, без разлика каков би бил резултатот. Што може да се реши преку овој референдум. Дали тоа нема да значи само тапкање во место за одредено време и одлагање на проблемите кои што реално постојат во ЕСМ. Во таква ситуација многу ќе се изгуби и ќе се заостане во споредба со енергетските системи од соседството и во Европа. Додека сите тие системи се трансформираат, а некои веќе се трансформирани и прилагодени на условите на веќе реализираниот Европски Пазар, ние со овој предлог за референдум ќе го вратиме назад веќе започнатиот процес на трансформација и приватизација на ЕСМ кој што трае повеќе години наназад кај нас. Дали сите ние треба да бидеме задоволни од тоа да имаме во државна сопственост акционерско друштво на ЕСМ, како што изнесе и господинот Мавровски. По некои проценки можеби милијарда, а можеби и милијарда и петстотини евра, за пазарна вредност зборуваме, а на крајот на годината по финансискиот извештај од 2003 година или по финансискиот извештај од 2004 година, имаме само нето добивка од милион или два милиони евра односно да имаме милјарда или две милијарди претпријатија во државна сопственост,

а да имаме само 0,1% нето добивка во тоа претпријатие. Тоа значи дека ако пресметаме за колку години би ги вратило парите тоа претпријатие, за тоа ќе треба илјада години. Господинот Мавровски на говорница вели, па треба да бидеме задоволни, милион евра се, сепак, има некоја добивка итн. На тоа сите економисти и во државата и надвор од државата знаеме дека од 7, до 10, до 15, до 20 години повратени инвестиции е добро, меѓутоа, илјада години вратена инвестиција .. Е, сега, овде има и разни други причини кои што ќе ги наведам понатаму. Затоа, сметам дека наместо вакви нерационални и непродуктивни предлози најдобро ќе биде стручни тимови од овие области да се насочат кон тоа како да се спроведе најдобриот начин на приватизација на АД ЕСМ во периодот кој што ни следува. Зошто едноставно не ги согледаме незавидните услови во кои функционира електроенергетскиот систем во нашата држава во последните години во прв лред изразени преку постојано зголемување на побарувачката во квалитет и квантитет на услуги од една страна и постојаното технолошко и економско стареење на нашиот електроенергетски систем во услови на отсуство на неопходните инвестиции од друга страна. Ние во добар дел слушајќи ја дискусијата на предлагачот господинот Спиро Мавровски, забележавме дека тој како да аргументира зошто треба да се продаде ЕСМ односно поголем дел од неговата дискусија беше на негативностите, негативните појави, недоброто работење на АД ЕСМ. Меѓутоа, не во последните две или три години, туку во последните 10 ,15 и 20 години и за тоа и тој самиот е свесен.

Притоа тие стручни тимови ќе треба да направат детални анализи со бројки и параметри преку кои ќе се донесе правилно решение и ќе се аргументира предлогот зошто АД ЕСМ да се приватизира над 51% и што значајно би се променило сопственичката структура, колкава цена би очекувале при таква продажба, како во тој случај би ги заштителе вработените на определен период и со тоа се сложуваме господине Мавровски и слично.

Исто така, во процесот на приватизација Владата на Република Македонија ќе треба да изнајде заштитни механизми посебно во однос на висината на цената на електричната енергија што можеби е најважно прашање за состојбите во стопанството и за сите граѓани во нашата држава. Ова пред се според мене треба да се прави преку Регулаторната комисија, преку стратегија на државата за користење на различни видови енергија притоа намалувајќи го влијанието на електричната енергија во потрошувачката во Република Македонија. Само на тој начин природно ќе се заштитиме од повисоки цени на електричната енергија и во секој случај ќе треба да се регулираат законските и подзаконските акти во однос на оваа материја.

Ние треба да укажеме на тоа дека Владата треба да биде внимателна при групирањето и продажбата на условно кажаните интересни и помалку интересни капацитети кои се однесуваат на производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија и не треба да ни се случи да бидат продадени само најпрофитабилните, најрационалните и најдолгорочните капацитети, додека капацитетите што прилично се застарени и амортизирани да останат настрана во процесот на приватизација. Овде пред се мислам на тоа Владата да изнајде начини да се зачуваат од продажба хидроелектраните, да не влезат во продажба на тендерот од причини што преку хидроелектраните користејќи го најефтиниот природен ресурс, водата, добиваме електрична енергија по најниска цена. Понатаму, знаеме дека хидроелектраните учествуваат во вкупното производство на електрична енергија во Република Македонија од 12, 13, најмногу до 18, 19% при најдобри хидролошки години, меѓутоа најважното од се што ги прави највердни средства, е, со хидроелектраните успеваме да го билансираме целиот електроенергетски систем односно тогаш кога имаме вишоци или кусок на електрична енергија.

Затоа треба да се направи се хидроелектраните да остана на страна од продажбата.

Ќе мора прецизно да бидат понатаму утврдени начинот и правилата на користење на природните ресурси водата, јагленот и другите. Начинот на нивното искористување, концесиите и слично, рудниците и така натаму. И, овде се сложуваме со предлагачот и навистина треба да се направи.

Од сите тие причини потребно е Собранието на Република Македонија и другите ресорни министерства да работат во правец на изменување и донесување на соодветна законска и подзаконска регулатива како би се забрзал самиот процес на трансформација и приватизација. Ова би се однесувало на пример, на Законот за води, Законот за енергетика и други закони од оваа област, а се со цел да имаме точно утврдени правила и прецизно дефинирани односи помеѓу ресурсите и нивните потрошувачи.

Во овој период исто така многу е важно да се посвети големо внимание на зголемувањето на наплатата која што и порано се прави, на електрична енергија и намалување на загубите на електрична енергија бидејќи овие податоци битно ќе влијаат на висината на цената која би се постигнала при евентуална приватизација на АД ЕСМ.

Исто така позитивно е да се влијае во насока на тоа, Владата на Република Македонија реално да го определи процентот на акциите за вработените во АД ЕСМ имајќи го предвид дека во процесот на создавање и зголемување на вредности на капиталот на АД ЕСМ директно учество имале и самите вработени.

Само со вакви укажувања и активности во овој период, а не со распишување на референдум ќе мора да се подигне до максимум нивото на

одговорност и транспарентност во редовите на АД ЕСМ и во Владата на Република Македонија што би влијаело на зголемување на ефикасноста на работењето, на подобрување на квалитетот на услугите на крајните потрошувачи, подобрување на наплата и намалување на загубите при што би се постигнала повисока цена при приватизација на АД ЕСМ, како би добиле реномиран инвеститор кој ќе се впушти во ревитализација на постоечките производствени капацитети и инвестирање во нови капацитети притоа со крајна цел зголемувајќи го производството на електрична енергија во нашата држава. Би благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Мавровски, реплика 3 минути. Повелете. Три минути ве молам.

**Спиро Мавровски:** Јас мислев дека господинот Георгиев на почетокот на своето излагање ќе дојде во ситуација да побие некои од фактите, но како понатаму се одвиваше дискусијата, јас му благодарам, значи, истите дилеми стојат и кај него, едноставно го потврди се она за што говорев. И, тука нема никаква дилема, сем ова што го кажа дека ќе се закочел процесот затоа што бил политички и дека на тој начин затоа што сме зеле кредит од Европската банка за обнова и развој од 45 милиони ќе влијаеме да привлечеме многу странски инвеститори. Истото беше 2002 година, но тогаш тоа се одби, зошто и како можеби подобро вие знаете.

Сите електроенергетски системи што се околу нас едноставно не се приватизирани и функционираат како што функционираат. И, секој од нив се труди да го продаде она што е најмалку рентабилно и тоа го става на тендер. Но, сега доаѓаме до нешто што за мене значи пресвртница. Вие сите како позиција гласавте за Законот за преобразба и тогаш кога ние бевме против и кажувавме аргументи вас ви беше се јасно и вие го донесовте законот. Сега слушам дека барате да се ангажираат експерти кои ќе и кажат на оваа Влада што не знае, но периодот е многу мал затоа што оној кредит што го зедовме од Европската банка е обврзувачки и има некој обврзувачки рок, ако не, ќе треба да го вратиме со поголема камата. И, мислам дека тоа го знаете.

Значи, вие ги имате дилемите што ќе се приватизира. Хидрообјектите носат чиста добивка од 50 милиони евра и апсолутно за тоа не треба да говориме. Но, како производствен капацитет хидрообјектите беа ставени во овој пакет од 51%. На инсистирање и на ова сега размрдување на експертската јавност доаѓаме во ситуација, е, добро, сега ќе ги тргнеме хидроелектраните. Сега ако е добар објект РЕК Битола, ќе го тргнеме и РЕК Битола, ќе остане термоцентралата Неготино и сега викаме дека имаме план како понатаму ќе се одвива цела работа. Значи, апсолутно немаме никаков план.

Јас мислев дека вие ги знаете одговорите, дека ќе ми објасните што со рудниците, што со хидроелектраните, што со Законот за води, што со Законот за енергетика, што со тарифниот систем бидејќи во меѓувреме кажавме дека направивме Регулаторна комисија која што сеуште нема направено тарифен систем и каде што не се поделени Мепсо и производството, нема плаќање, а од друга страна како што кажувате вие не можело да се изгради сега затоа што било во сопственост на Мепсо, не можеме да го направиме преносниот систем со Бугарија. И, до кога тоа ќе функционира, или нема да функционира, повторно никој не кажува, а викаме имаме Регулаторна комисија која што е незавнисна и која што може да ги донесе овие одлуки.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам господине Мавровски.

Една минута господине Георгиев.

**Драган Георгиев:** Господине Мавровски не реплициравте на мојата дискусија туку ги поставивте истите прашања кој што се содржеа во вашата дискусија. Меѓутоа, јас ќе ве прашам следното: Во услови на либерален пазар во почетокот на 2006 година, либерален пазар значи понуда и побарувачка на разни производители на електрична енергија. Ние во моменти кога имаме увоз од 40%, па и повеќе и во тие моменти ќе треба да увезуваме струја на приме од Република Бугарија или други земји, во услови на либерален пазар, кога ќе имаме реална цена на електричната енергија. По која цена би увезувале ако таа цена е два пати поголема од сегашната, три пати поголема од сегашната и така натаму.

Дали ние не мораме сега да се прилагодиме на овој либерален пазар или тогаш кога ќе заостанат нашите производствени капацитети и кога ќе немаме време да се прилагодиме на систем. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски мислам дека ќе земете на крај збор, уште два саати, сега да не се објаснуваме бидејќи ја девалвирате вашата акција околу законот.

Господине Најдовски, имате збор, а потоа нека се подготви господинот Марјан Ѓорчев.

(Реакција на пратеникот Мавровски)

Мислам на крај соберете еден говор, дајте, по два саати, нема проблеми. Одговорете на сите прашања.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, дел од своите размислувања ги кажав во текот на тие две реплики кои што ги имав кон господинот Мавровски, а дел од моите размислувања ќе ги изнесам во оваа моја дискусија.

Прво, сакам да кажам дека не сум од оние стручњаци кои што знаат како се произведува електрична енергија, кои што знаат околу техничките аспекти на енергетскиот систем и повеќе сакам да дискутирам околу политичкиот карактер на самото прашање кое што е овде поставено и на крајот на краиштата и затоа сме ние овде пратеници и ќе се обидам да се држам директно за предложената одлука за

распишување референдум во Република Македонија.

Заради себе и заради јавноста сакам прво да го прочитам прашањето кое што поставено во предложената одлука за распишување на референдум во Република Македонија и дел од образложението за да можеме да дискутираме. Кога реплицирав реков, во јавноста се создаде слика дека се поставува одлука за распишување на референдум дали сте за или против приватизација и дека предлагачите на одлуката се против приватизација. Уште од првата дискусија и од првите реплики произлезе дека и предлагачите не се против приватизацијата на Електростопанство на Македонија. Затоа да го прочитам прашањето: “Дали сте за спроведување на одредбите од Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост (“Службен весник на Република Македонија” број 19 од 2004 година) што се однесуваат на приватизација преку продажба на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија во државна сопственост АД ЕСМ или на друштвата основани од него”. Што значи прашањето е дали сте за спроведување на одредбите од законот. Законот може или да се спроведе или да не се спроведе.

Ако се мислело да се постави прашање за против приватизација, требало да се постави прашање за поништување на законот. И, дел од образложението каде што се изнесува и проценетата вредност на ЕСМ, се наведува дека, дали сте против начинот да го продаде Владата на овој начин врз основа на одлуки и начин кој што сега го предлага. Значи, дефинитивно да завршиме со тоа.

Предлагачите се за приватизација на Електростопанство на Македонија и да го извлечеме заклучокот. И покрај нејаснотијата на ова прашање дека во овој Парламент на оваа политичка сцена во Република Македонија ни една политичка партија која што е застапена во Парламентот не е против приватизација на Електростопанство на Македонија. Се разликуваме можеби во модалитетите, но модалитетите на опозицијата, моделот на приватизација сеуште не го знаеме.

Ова ќе го потврдам уште со еден факт. На 20 септември 1999 година со Одлука на Управниот одбор на Електростопанство на Република Македонија е отпочнат процесот на приватизација. Тогаш Управниот одбор го сочинувале, никогаш не сакам да зборувам кога бевте вие вака правевте, кога сме ние вака правиме, напротив сакам да ја поврзам генезата кога започнал процесот на приватизација на Електростопанство. Значи, на 20 септември 1999 година со Одлука на Управниот одбор на ЕСМ е отпочнат процесот на приватизација. Управнот одбор на ЕСМ тогаш го сочинувале претставниците од ВМРО-ДПМНЕ, претставници од Демократската партија на Албанците и претставници на вработените кои што исклучиво биле по партиска линија од ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е на 20 септември 1999 година, да ви кажам, Управниот одбор. Одиме понатаму, Владата на РМ во 2001 година донесла исто така Одлука односно заклучок на Влада во 2001 година со кој што исто така се отпочнува процесот на приватизација на ЕСМ. Тогаш премиер бил господин Љубчо Георгиевски, сега лидер или не лидер на ВМРО-Народна партија, претседател или лидер, што значи ВМРО-Народна партија е за приватизација на Електростопанство на Македонија. Тогаш министер во таа Влада бил господинот Никола Груевски, сега лидер на ВМРО-ДПМНЕ. Што значи и ВМРО-ДПМНЕ е за приватизација на Електростопанство на Македонија. Кога се донесол заклучокот на Владата во 2001 година Либералната партија е составен дел на тогашната Влада, што значи лидерот на Либералната партија, господинот Стојан Андов и тој е за приватизција на ЕСМ. И ДПА која што тогаш била во таа Влада исто така била за приватизација.

Значи, да завршиме со тоа дека сите политички партии кои што се во Парламентот се за приватизација на Електростопанство освен ако сега не си ги порекнат одлуки кои што ги носеле во периодот од 1998 до 2002 година, тогаш можеме од тој аспект да зборуваме.

Кога зборуваме за трансформацијата на ЕСМ и онака како што е денес овде прашањето поставено и за овој референдум треба да го посматраме, според мене, од три аспекти, од политички, од економски и од социјален аспект.

Од политички аспект треба да ја согледуваме спремноста и на претходните влади и на сегашната влада, спремност за реформи во јавниот сектор. Денес имавме закон за јавните установи и сите кажувавме дека сме спремни за реформи, дека треба приватизација, дека треба трансформација, но кога ќе дојде во оној дел за извршување на делот на нашите залагања тогаш почнувајќи не политички туку политикански да се однесуваме, тогаш сме против реформи. И, затоа, овој процес, велам за моделите можеме да расправаме, но овој процес треба да го поддржиме сите затоа што тој е еден од реформите во јавниот сектор.

Вториот аспект кога зборуваме за политичкиот дел на предложениот референдум е транспарентноста. Околу тоа подоцна ќе се задржам, односно на крајот од мојата дискусија и ќе ги кажам своите размислувања.

Вториот дел околу економскиот односно економскиот аспект на покренатото прашање е прашањето за цената која ќе се постигне при продажбата и второ, искористувањето на средствата од приватизацијата односно трансформацијата на ЕСМ. Многу од моите колеги за тоа зборуваа, однапред да кажуваме

која ќе биде цената не да е неблагодарно, туку е лаички и јас морам да го кажам свотето мислење. Јас лично сум песимист, не дали сега ќе се приватизира ЕСМ или кога и да се приватизира дека ние ќе бидеме далеку од проценетата вредност. Во тоа сум убеден. Разликата помеѓу цената која што се одвиваше Телеком, која што беше компанија со најсовремена техничка опременост на овие балкански простори, која компанија без трошок носеше само профит е голема со ЕСМ. Јас сум песимист за тоа дека ќе постигнеме голема вредност и ќе бидеме далеку од проценетата вредност.

Само да напомнам, сигурно прочитавте овие денови, три термоелектрани во Бугарија се продале пред извесен период за 70 милиони евра, а проценетата вредност била далеку над тоа. Сакам да потенцирам дека вредноста ќе ја формираат многу фактори, сега да не држиме предавање, почнувајќи од профитот, од можноста за инвестициони вложувања понатаму и за развој на таа компација која што и теоретски и практично ќе се потврдат при продажбата на ЕСМ. И затоа да ја исклучиме таа теза дека ЕСМ ќе биде продадено испод вредноста.Вредноста не можеме ние да ја формираме. Вредноста ќе ја формира пазарот и заинтересираноста на инвеститори, купувачи за ЕСМ.

И сега да ви кажам, и Телеком и ЕСМ и се, по она еврејската, лесно се продава она што го создал друг, така беше Телеком продаден, ќе видиме како ќе биде продадено ЕСМ, предвреме да не кажуваме.

Но, сакам една дилема да отворам кога зборуваме за цената. Јас не сум стручњак директно да кажувам за тоа. Треба премногу ангажирање на луѓе. Но, тврди ли некој и кој ќе ја преземе одговорноста ако сега ЕСМ не ја продадеме, односно не се трансформира, се трансформира после 2-3-5-7 години, дека ќе постигне повисока или пониска цена? Тврди ли некој и ќе ја преземе ли одговорноста дека ако сега не се трансформира ЕСМ кога другите електросистеми во нашето опкружување ќе отидат подалеку, ќе имаме ли тогаш воопшто заинтересираност за нашето Електростопанство? Тоа е дилема на која што, навистина, нека излезе некој нека ја земе таа одговорнсот и да каже точно со пресметки како тоа ќе се одвива.

И на крајот, ќе биде ли тогаш конкурентно нашето Електростопанство за да може тогаш да се трансформира?

Следниот дел од економскиот аспект, за што сакам да проговорам, е искористување на средствата од приватизација, односно од трансформацијата, но тоа прашање е битно кога ќе дојде на ред, ако дојде, ние да расправаме или ќе расправа некој друг парламент, ако се стаса до тоа и дали ќе ја направиме истата грешка, кога велам ќе ја направиме зборувам за сите иако не сум ни јас учествувал, ни мојата Либерално-демократска партија не учествувала, но ќе ја направиме истата грешка што се нарпави со не трошењето на средствата од Телеком, јас би рекол од пустењето на средствата што беа добиени од продажбата на Телеком. Но, затоа прашање ќе разговараме подоцна.

На крајот, третиот аспект за кој што сакам да проговорам е социјалниот аспект што мораме да го имаме предвид, а тоа е цената на електричната енергија и статусот на вработените.

Сум имал можност во јавнсота да слушам стручњаци кои работат, еве, во РЕК Битола да речеме. Незнам дали господинот Мавровски со тоа ќе се согласи или не? Тие секогаш велеа-ние произведуваме струја, односно електрична енергија, ние Битолчани велиме струја, ама е социјална категорија и ние ви ја продаваме под цена. Колку се за тоа во право или не се, јас не се разбирам. Но, поаѓам од тоја спект. Меѓутоа, однапред да кажеме едно дека цената, овде донесовме Закон, имаме Регулаторна комисија и јас сум убеден, и да не се приватизира или да не се трансформира Електростопанство на Македонија, оваа цена повеќе не ќе може да се издржи. Тоа треба, не политикански, популистички пред граѓаните да се однесуваме, туку треба да ја кажеме вистината.

Значи, се отворија дилеми и тоа е добро што не само овде во Парламентот, неколку месеци наназад се отворија дилеми во јавноста и расправи. Некој овде рече, кога го донесовме ние Законот, донесовме Закон и завршивме се. Напротив, Владата и луѓето задолжени за оваа проблематика, покажаа дека се донесе закон, но се додека се стапи во процесот на приватизација односно отпочне и тој завршен дел на приватизацијата, користеле исксутво и знаење од експерти, користеле консултанти и затоа се тие модалитети на ваков или онаков начин.

Ние, како Либерално-демократска партија го кажавме нашиот став околу хидроцентралите. Го кажаа и експертите. Имаме најави од Владата дека може да размислува за тој дел. И за други делови, на тоа што укажуваат експертите, додека отпочне процесот на приватизацијата, Владата треба да ги прифати. Напротив, тоа не треба, тоа што некој од дискутантите сакаат да гокажат како негативност, туку напротив да го кажеме како позитивно во самиот процес на приватизација. Бидејќи во самиот Закон што го донесовме за преобразба на Електростопанството беа наведени три начини за самиот процес на трансформацијата. Значи, тоа е едната дилема.

Дилеми што се за размислување и за кои што треба да се разговара, според мене, се следните:

Прво, ајде да видиме кој е против реструктуирањето на Електростопанство на Македонија. Од тоа ќе ги изведеме заклучоците зошто се против.

Во овој момент, против трансформацијата на Електростопанство на Македонија се голем дел од граѓаните на Република Македонија. Можеме да кажеме оправдано, од една причина дека се против. Против се заради стравот што го имаат од

продажбата што ни се случи со Телеком. Против се заради тоа што со продажбата на Телеком и со начинот на кој што беше продаден Телеком имаме цени на телефонските услуги такви, какви што ги нема во светот. Се додека овие денови немаше конкуренција, не можеше да се види колкави цени на телефонските услуги сме плаќале. Затоа граѓаните оправдано се против ваквиот начин и дополнети со политиканството што го водат одредени, да речам и таканаречени експерти, луѓе од политиката, тој страв го зголемуваат. Јас ги оправдувам за тој страв што го имаат.

Но, затоа, една голема разлика постои. Ако Телеком беше продаден и господин Груевски потпиша Договор за концесија на мрежата за телефонијата до 2018 година, на фискната телефонија и не може да има таква конкуренција, сега со оваа продажба, доводите, јас незнам стручно, повторно ќе речам, или далноводите, како ли ги викате тие за спроведување на струјата, остануваат во сопственост на државата. Што значи ќе овозможиме конкуренција.

Од друга страна е дискутабилно прашањето околу таа мрежа како ќе се регулира тој начин. Сигурно, Регулаторната комисија ќе го регулира.

Второ, дилемата или стравот кај вработентие е од една едноставна причина, оправдан страв утре да не остане без работа. Треба за тоа да проговориме овде, во Парламентот, да проговориме и со вработените, да разговараме, односно оние кои го спроведуваат процесот на приватизација и на тој дел да посветиме вниамние. Затоа ние, од овде треба да произлезе предлог дека Владата треба да разговара со претставниците на вработените, со нивниот Синдикат, околу статусот на вработените и последиците што после тоа ќе ги имаат и да го регулираат односот, односно тој таканаречен пакет на услови или регулирање на односите кон вработените.

Ако ова го направиме, ако  отворено го нарпавиме, тогаш ќе ги немаме сите проблеми што во овој момент, во една набиена атмосфера се јавуваат.

Но, не да разговараме со оние, таканаречени вработени што се претставуваат дека се некоја невладина организација, некое невладино здружение, а се кријат, длабоко инволвирани партиски кадри. Само ќе напомнам, Битолчани знаат, утре треба овде во Собраниево или кога, да се расправа за иницијатива за собирање на 150 илјади потписи за референдум. Можеме отворено да кажеме да разговараме за тој референдум. Но, како да разговараме кога иницијаторот се крие зад невладино здружение, во владението на ВМРО-ДПМНЕ односно практикувањето на власта еден од тројцата, четворицата таму луѓе во Електродистрибуција во Битола, а после тоа, заради неодење на работа е отстранет од работа.

Јас, многу повеќе ќе го почитувам ако излезе да каже дека ние, како партија, ВМРО-ДПМНЕ, ВМРО-Народна или која, ќе собираме потписи. Но, не да се кријат зад невладини организации. Со такви не може да се разговара. Напротив, треба да се разговара со вистинските претставници на вработените и да се отпочне тој разговор и по прашањето на нивниот статус и по прашањето на акциите.

Само да напомнам, со претходниот Статут на ЕСМ што беше некаде 2000 година, можеби годината ќе ја погрешам, имаше речено вака, дека акции за вработените ќе нема. Туку, ќе има само од новосоздадената вредност на ЕСМ од тој момент од кога е преминато во акционерско друштво. Што значи тогаш дефинитивно, сегашната опозиција-тогаш владеачка гарнитура, тогаш не размислувала за акции на вработените.

Сега, нека произлезе како препорака од овде, од нас, сепак Владата е таа што со своја одлука треба да одлучи дека треба со вработените да се разговара и треба да се разговара за висината на акциите и за нивниот статус.

Третиот дел или дел што ја отвора дилемата за или против приватизација е делот од експертите. Но, имам впечаток дека најбучни експерти против приватизацијата, тоа се обидов да го проверам но не успеав до крај, се оние експерти што долги години наназад од Електростопанство на Македонија дебело ги наплатувале своите експертски услуги. Секоја им чест на оние експерти кои што навистина, од свој научен аспект сакаат да влезат во овој процес и ги кажуваат своите видувања. Но, оние експерти кои се плашат дека повеќе нема да ги имаат своите дебели наплати за своите услуги, тие не ги почитувам. Јавно кажувам.

И, последниот четврти дел, што ја отвора дилемата за приватизација, во малку подзакриена форма, меѓутоа многу опасна онаа наша македонска рекла-казала, помеѓу вработени, не знам кои, бивши, сегашни или луѓе кои се гледаат да раководат во Електростопанство на Македонија или во единиците на Електростопанство на Македонија. А, ќе ви кажам зошто, заради тоа што тие имаат најголема корист од вакво политичко, партиско менаџирање на Електростопанство на Македонија.

Господинот Мавровски добро знае, и јас знам, многу Битолчани, а и вие знаете, доволно е, еден пријател ми вели вака, доволно е РЕК да го снабдуваш со тоалетна хартија и сапунчиња и можеш да бидеш многу јак бизнисмен. А, знае како се одвиваа набавките во РЕК - Битола. Знае, неговите, дел, поранешни раководители како се збогатиле. Таквите, јас не ги пдоржувам. Е, тие таквите, голем дел од нив се  сега против трансформацијата.

Ние, мора да признаеме едно, ЕСМ, можеме да кажеме дека секоја година, не знам јас, одприлика, слушнав дека последнава година била со 2 милијони евра добивка. Не знам. Да не погрешам. Ајде да ги видиме годините наназад. Па, какво е тоа менаџирање на таква компанија, се плашиме сега да ја продадеме, а не создавала

профит. А, велиме дека е огромна компанија Електростопанство на Македонија. Не ни верува никој повеќе дека ние, партиите, дека ние политичарите можеме да ги менаџираме јавните институции. Тоа не ни верува никој.

Нели зборувавме во 90-тите, крајот на 80-тите, почетокот на 90-тите години, општествената сопственсот е таква и не дава резултати заради тоа што никој не се грижи за неа. Државата, велиме дека е најлош стопанственик. И ние треба да признаеме дека сите такви институции се партиски менаџирани. Затоа, немој да не изненадува ако некој сака да воведе пореформски начин на раководење со овие фирми. Но, ние, партиите, тоа тешко ќе го дозволиме.

Затоа, ако нешто влече повеќе за трансфорамција на ЕСМ, заради тоа што ние партиите, ќе ги упропастиме јавните институции. Сакале да го признаете тоа или не, ќе ви кажам, јас сум наследил да раководам со таква фирма. Па, мака е на оние кои наследиле до вас од 2002 па наваму да ги раководат овие јавни институции. И ден денеска не можат да ги извадат од дубијозите во кои што беа.

Затоа, една од главните причини е партиското менаџирање на јавнит еисктитуции што треба да го нарпавиме.

Следното за што овде премногу се зборуваше и во јавноста е дека процесот не бил доволно транспарентен. Ајде, да зборуваме и за тоа.

Прво, овој проект за трансформација на Електростопанство на Македонија е проект на повеќе влади или, ајде да кажеме поедноставно, на две влади во периоди. Една влада од 1998 до 2002 година и овие влади што се менуваат по 2002 година, наваму. Значи, не е проект на поединци, не е проект на одредени делови од Владата, па тој бил нетранспарентен.

Второ, дами и господо, кој ангажира консултант за приватизација, односно трансформација на Електростопанство на Македонија? Вие, овде, кои седите овде од мојата лева страна, односно вашите минситри тогаш ја ангажираа тогаш таа Мајнел банк од Австрија. Е сега, да прашам, ако го повлечеме овој процес, ќе ги извадите ли парите, вашите минситри што беа тогаш ќе ги извадат ли да ги платат сите трошоци за таа Мајнел банк или пак процентот што тие сакаат и како што сте го потпишале Договорот, што треба да добија тод приватизацијата на Електростопанство на Македонија? Или пак и тој дел, на тие консултанти ќе го плаќаме сите ние заеднички? Не. Ако сте против, тогаш ќе излезете и ќе кажете колку чини, ќе кажете да, ние од нашите џебови што ги имаме ќе извадиме да ги платиме да не плаќаат граѓаните на Република Македонија.

Следно околу транспарентноста, во овој Парламент донесовме Закон. Дали некому се допаѓа или не, расправавме 2-3 дена, не знам колку беше за тој закон. Ги отворивме сите прашања за кои што мислевме дека е потребно да се разговара. Ние овде разговаравме. Отворено, пред македонската јавност.

Далисе исправи или не се исправи, дали сме задоволни или не сме задоволни, тоа е друго прашање. Но, нека не ве фаќа нервоза ...

(Реакции од пратениците)

Господине Мавровски, Флоровски, секогаш вас ве сослушувам. Ќе имаме време, ќе разговараме. По одредени прашања можеби ќе се усогалсиме. Но по она прашање што е најважното, не можеме да се усогласиме. Зошто? Затоа што нема спротивности. Затоа што и вие сте за приватизација на Електростопанство на Македониј. Но, едно е битно...

(Реакција од пратениците, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Можеме ли без дофрлување?

Вие, по сите ваши аспекти, по сите ваши досегашни кажувања, по сите ваши изјаснувања во јавноста сте за приватизација на Електростопанство на Република Македонија и она што го реков за време на репликата, но не сте за приватизација во овој момент.

Дами и господо,

Толку ли мислите дека колку што се заработи од Телеком ќе има и од Електростопанство на Македонија? Таа ли е желбата? Ако е таа желбата кажете дека за тоа треба да расправаме. Немојте на крајот да се криете зад интересите на граѓаните. Интересите на граѓаните ќе ги браниме во оној момент кога ќе ги спроведуваме законите онака како што ги донесуваме. Никогаш интересите на граѓаните не можеме да ги браниме ако сакаме едно да правиме надвор, а друго да кажуваме тука.

Е, дами и господо, вака поставеното референдумско прашање овде покажува тоа. Дека вие, едно сакате да кажете на говорница, дека едни аспекти застапувате овде на говорница, а сосема други кога ќе излезете надвор. Тогаш, не можеме отворено да разговараме.

(Повторно дофрлање)

Добро, зборувам за тие кои се потпишани.

На крајот сакам да кажам следново:

Ве повикувам како предлагачи на ова референдумско прашање да го повлечете, односно да ја повлечете одлуката за распишување на референдум. Наспроти тоа да го предложите во јавноста вашиот модел за приватизација, односно траснформација на Електростопанство на Република Македонија. Да погледнеме тогаш во што се разликуваме ние и вие и да седнеме и да изнајдеме најдобро заедничко решение.

Во спротивно, ќе остане мојата констатација дека уште една политиканска акција, за што неспорно имате право парламентарно да ја покренете, но за жал која што, наместо да води напред, ќе нема никаков резултат.

Ви благодарам многу.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Најдовски.

Дами и господа, продолжението на оваа седница дополнително ќе биде објавено.

Благодарам на присуството.

(Седницата прекина со работа во 17,59 часот).

94 - 06/45.-